СПИСАНИЕ ЗА КНИЖЕВНОСТ,
УМЕТНОСТ И КУЛТУРА

РАСТ

25

2022

РАСТ

Списание за книжевност, уметност и култура

Број 25

Р А С Т

СПИСАНИЕ ЗА КНИЖЕВНОСТ, УМЕТНОСТ И КУЛТУРА

Издавач:
Друштво на писатели „Битолски книжевен круг“ – Битола

За издавачот
Елизабета Јончиќ, претседател

Редакција:
проф. д-р Даниела Андоновска-Трајковска,
главен и одговорен уредник
Елизабета Јончиќ, уредник
Милица Димитријовска-Радевска, уредник

Мислењата што се изразени во „Раст“ им припаѓаат на авторите и не ги одразуваат ставовите на редакцијата, на Битолскиот книжевен круг - Битола и Министерството за култура на РСМ.

ISSN 1409 – 9330
УДК 82+7+008
Година 21, Број 25
Битола, мај 2022 г.

www.bkk-pisateli.mk
rastbkk@gmail.com

Списанието „Раст“ излегува со финансиска поддршка на Министерството за култура на Република Северна Македонија

GROWTH

JOURNAL OF LITERATURE, ART AND CULTURE

No. 25

GROWTH

JOURNAL OF LITERATURE, ART AND CULTURE

Publisher:
Association of Writers “Bitola Literary Circle” - Bitola

About the publisher:
Elizabeta Jonchikj, president

Editorial:
Full prof. d-r Daniela Andonovska-Trajkovska, editor in chief,
Elizabeta Jonchikj, editor
Milica Dimitrijovska-Radevska, editor

Opinions and views expressed in „Growth“ belong to the authors and do not reflect the views of the Editorial board, the Publisher or the Ministry of Culture of Republic of North Macedonia

ISSN 1409 – 9330
UDC 82+7+008
Vol.XX1, No.25
Bitola, May 2022 г.

www.bkk-pisateli.mk
rastbkk@gmail.com

This issue of the Journal is financially supported by the Ministry of Culture of Republic of North Macedonia

ПРЕДГОВОР

Списанието за книжевност, уметност и култура „Раст“ веќе 21 година постои на македонската книжевна сцена и секогаш нуди содржини со високи естетски вредности. Во последно време станува актуелно и популарно и на светската сцена поради застапеноста на сè поголем број значајни автори од светот во превод и препев на македонски јазик. Во овој број, застапени се 21 македонски и 24 странски автори од 22 земји од светот и тоа од: Шведска, Србија, Хрватска, Словенија, Италија, Полска, Саудиска Арабија, Бугарија, Австрија, Белгија, Шпанија, Ерменија, Колумбија, Грција, Уругвај, Кина, Финска, Естонија, Аргентина, Белорусија, Нов Зеланд и Индија. Како и минатата година, така и сега, корицата на списанието е дизајнирана со слика од познатата сликарка Симонида Филипова Китановска.

Списанието го уредува редакција во состав: Даниела Андоновска-Трајковска, Елизабета Јончиќ и Милица Димитријовска Радевска, но „Раст“ има и пријатели – соработници на кои им сме благодарни и за испратените прилози и/ или за обезбедениот превод или препев на македонски јазик (Лидија Димковска, Олга Лалиќ Кровицка, Весна Мундишевска-Велјановска, Борче Панов и Алмира Папиќ). Од особено значење во овој дел е остварената соработка со значајниот светски поет, преведувач, уредник и издавач Жермен Дрогенброт и неговите соработници од цел свет, пред сè реномираниот поет, преведувач, уредник и издавач Стенли Баркан од САД. Имено, се работи за проектот „Песна на седмицата“ и списанието „Point Editions“ (Белгија-Шпанија) во чии рамки се преведува и објавува поезија на над 30 светски јазици. Дел од таа поезија е вклучена и во овој број на списанието со ознака ITHACA во препев на Даниела Андоновска-Трајковска, но исто така редовно се објавува и тоа еднаш неделно и на вебстраницата на Друштвото на писатели „Битолски книжевен круг“ во рамките на книжевниот блог (https://bkk-pisateli.mk/novosti/bkk-blog/). Освен песна на седмицата, на овој книжевен блог може да се прочита поезија, проза и критика и од

македонски и од странски автори кои се застапени или ќе бидат застапени во „Раст“. На тој начин, придонесуваме за уште поголемо ширење на книжевноста во пошироките читателски кругови, бидејќи читателите можат да пристапат на блогот во секое време и тоа бесплатно. Списанието е достапно и во пдф-верзија на вебстраницата на БКК (https://bkk-pisateli.mk/rast-arhiva/). Изразуваме благодарност и до Министерството за култура на РСМ кое во изминатите децении финансиски го поддржува „Раст“ и проектите на „Битолскиот книжевен круг“, а на читателите им посакуваме да уживаат во најновите содржини на „Раст“ бр. 25.

Битола, мај 2022

Проф. д-р Даниела Андоновска-Трајковска,
главен уредник

ПОЕЗИЈА

Снежана СТОЈЧЕВСКА

УДК 821.163.3-1

Патување низ свеста

1.

Автобуска станица сум,
нечиста и бучна.
Луѓето минуваат низ мене.
Застануваат.
Палат цигара.
Чекаат.
Молчат.
Го фрлаат отпушокот
и заминуваат.

2.

Не ги гледам луѓето в очи.
Се плашам
ако ги погледам
ќе влезат
и ќе останат во мене.

Некои остануваат подолго
и оставаат пустош.
Валкаат, крадат,
шмукаат и влечат.
Черечат!

Кога ќе успеам да се ослободам од нив,
веќе сум исцрпена, уморна и стара.

3.

Во мене се отвора порта.
Низ неа излегува караван,
летачки килими,
бедуини и камили
до недоглед натоварени
со страв, сеќавња и грижи,
сенишни сенки и сомнежи,
двојби и меѓи,
свиснати веѓи,
скриена осама
ко рој оси
свената слама
смртта што ја коси.

Ги оставам портите отворени.
Караванот си врви,
додека не останам чиста.
Испразнета од чувства.
Испразнета од желби.
Бела благодарност
што сѐ уште сум жива.

Ова ли е тоа што го нарекуваат мир?

4.

Стојам сама на раскрсница.
Мојата карлица се расклопува
и од неа никнува кала.

Каде и да допрам
ќе посеам живот.

НЕМИРНА ВОДА

Плашејќи се да не предизвикам бура,
премолчувам.

Потоа, долго и упорно, во себе ме рони
немирна вода.

ОТПОР

Кревкоста ме рони,
ми дава храброст
да бидам тоа што сум.
Мојата сила е свила,
што ја везам во стих.

За збор ќе те држам,
ко волчица ќе ‘ржам
јазикот во јазол
нема да го врзам,
ќе го разлеам
в езеро
од ендемски вид.

Види,
виделото ми е врела веда
што одзема здив.
Див оган ќе горам
во дива гора
жив збор ќе зборам.
Не ќе има мир!

NOTE TO MYSELF:
САКАЈ СЕ СЕБЕСИ!

Не сакам да се фотографирам.
Не ми се допаѓа како изгледам
на фотографиите. Подуена,
дебела, често несредена.

Гледам фотографија од пред пет години
и се восхитувам
колку сум била млада, убава и слаба,
а јасно се сеќавам на истата фотографија
во моментот кога беше сликана,
си наоѓав мани.

Вчера се сликав и пак не се бендисав.
Сепак ќе ја сочувам,
за неколку години сигурно ќе се чудам
колку сум била млада, убава и слаба.

Избор поезија од поетската книга „Празно место“ (книгата е во подготовка за печат)

Михајло СВИДЕРСКИ

УДК 821.163.3-1

Ноќ

Ноќ
што би правел без тебе
и без твојата сила
сега во ноќта
сам
клекнат на колници
легнат на кревет
исправен простум
Куќата е претесна
домот е премал
дворот е смален
овошките стануваат бонсаи
и светот е како прашинка
Сè е мало во твоите очи.
Што сме ние двајцата
Создател и создание.

ПРЕМИНУВАЊЕ

Школка си
Стоиш затворена
на дното на окенот
недофатна
и невидлива под водите
Дај ми и мене
од бисерот
ново камче
на камчето
напиши го моето име
и роди ме
повторно
на новото небо

Славица ГАЏОВА СВИДЕРСКА

УДК 821.163.3-1

Тела во просторот

Ги памети ли светот
отпечатоците од нашите стапала
ги чува ли во некое ковчеже
мртвите клетки од нашите петици
што ги оставаме во песокта на брегот
Ја памети ли сета наша пот
излеана врз автобуските седишта
Ни ги чува ли влакната од косата
што одлетале
кога сме се чешлале на прозорец
со поглед на некој непознат плоштад
Се трошат ли нашите тела
додека патуваме во светот
или стануваат потешки
Градовите ли ги исцртуваат
новите брчки околу очите
истите градови што се претвораат
во магнетни плочки
на фрижидерот

СКИТНИЦИ

Додека
сонуваат нова облека
по железничките станици
под мостовите на улиците
под натстрешниците
нивните тела

се здрвуваат под дрвјата
се скаменуваат на камењата
се зазидуваат во ѕидовите на кои се потпираат
се топат со асфалтот
а потоа
испаруваат со градската прашина
патуваат до атмосферата
до јоносферата
и вселената
таму продолжуваат да скитаат
таму скитањето не боли

ТУРИСТИ

Сите туристи се исти
купуваат разни дреболии
магнети, шолји за кафе, отворачи за пиво,
маички, торби и што уште не,
со пејзажот што не сакаат да го забораваат

Сите туристи
живеат двојно повеќе
трипати побрзо
сите туристи имаат тахикардија
и покачена температура

сите туристи се воини
го освојуваат светот
со кликнувањата на фотоапаратот

сите туристи се поети
ги пресадуваат
белите олеандри од крајбрежјето
во своите бели дробови

и ги претвораат во морења своите зеници

Кога заминуваат,
земаат дел од светот со себе, камче, школка или
цвет
кога заминуваат,
оставаат дел од себе,
капки пот, стапалки по песокта, поклон пред иконата

Со очите ги обојуваат
избледените делови од фреските
како невешти деца
што внимаваат да не излезат од линија

Ги прегрнуваат рушевините
го бакнуваат страшното ехо на историјата

го скротуваат стравот
од умирање и исчезнување

со дланка
нежно ги милуваат
раните што на светот
им ги отвора времето

ги исцелуваат

Стефан МАРКОВСКИ

УДК 821.163.3-1

Од поемата „Алгоритмеа: Евлогија за дигиталните богови“ (Полица, 2022)

Предупреда

Светлината доцни зад огнот
И тоа, драги, не е ново
Како и сè веќе видено.
Како младиот пијан Дионис, кој скриено седнал
Во мракот од театарот
И мисли дека гледа сè што е далечно за нашите
Дури и за моите очи.
Како неговото лице покриено
Од голем венец, веројатно лозов
Кој како никогаш да не го вади.

„Симни го венецот, горделив и млад
Смртоживнику“, реков,
„Чуј го гласот на оној што сака
Да ти помогне
Времето пред себе потенко од лозов мустаќ
Да ти остане
Долго и далеку од сечилата на трите судбини
– Клото, Лахесис и Атропос“.

Погледот на Дионис пулсираше
Три сенки на сцената мирисаа на старо
Театарот мирисаше на ново
– Нови столови, нова сцена, нови актери
Во центарот на сцената со голем светол круг
Една од трите беше маѓесничка
Ја симна шапката во наклон

И од неа конците на судбината летнаа кон нас
Кон сите нас
Кои сѐ уште мислиме дека светлината е најбрза
А таа доцни зад огнот
И ако нема оган
Воопшто не ќе ја биде.

Иако пијан,
И не рече ништо,
Дионис мислеше дека веќе знае
Оти светлината доцни
На олтарот од бојното поле со нови сенки;
Мислеше дека шегата е муза на моите
Како што беше на неговите зборови
И дека е вечен животот на боговите
Особено оние на уметноста.

„Ќе повторам“, си ги чув последните думи
Кои требаше да ја земат маглата
И душата на неверата од неговите очи
„Предупреден си –
Ако не продолжиш по трагата моја
Светлоста твоја ако заборави
На Аполоновиот оган и вештина и знаење,
Во бездната на себецентарот
Мошне веројатно ќе повлечеш
Барем половина од она што го нарекуваш уметност.“

Пијаниот бог во темнината на театарот
Заборави на својата божественост,
Правејќи будала од себе и своите, се качи на сцената
Поткашла
И се обрати кон публиката:
„Ја повлекувам целата уметност
Во оваа бездна
Подлабока и од дното на ова шише

Во кое е збран сиот трепнеж
Кое еден ден во поетските кругови
Ќе биде популарно наречен Weltschmerz
А во моментов е сè уште влажно, и тоа
Не како некои нешта што нејќеме да се изговорат
Уште помалку запечатат во песна
Повеќе како мувла
Среде брадата од млад мудрец
Кој сугерира дека
Оние што пречесто беседат за егото
Е статистички поверојатно да имаат скршено его
А оние што пречесто беседат за веројатност
Е статистички поверојатно да ги скрши статистика
Како што и оние кои пишуваат поезија
А живеат
Поезија
Ако така се наречат пар
Егоцентрични стихови за птици, добрите животни или само Јас
Налик Диоген што не може да најде човек
Па го наоѓа во сè
И тишина во пловидбата на стиховите
Прекината од
Понекој уфрлен
English verse
Или charmant vers français“.

Мојата брада беше сосем куса
Налик песните што едвај успеваа да му ги напишат
И посветат неговите мрзливи следбеници
Со мувла во погледите
И во метафорите на секој од нив,
Кои буквално излегуваа на сцена
И со шишиња наместо микрофони в рака изјавуваа
Дека мразат секаква амбиција на разумот
Освен онаа што ја покрива мрзата
И ги залажува обичниците дека

Постојат и такви што имаат посебно место
Под небото на татка ни Sевс.

Со постојани обраќања кон сите други присутни
И со јазични игри што беа најмалку тоа
А многу повеќе клишеа на иронијата
Која половина од присутните, сепак
Како да сакаа да ја слушнат уште еднаш
Чиниш им се обрати поп или шаман или татко или дедо
Или само
Дигитален браман на храбар и политички коректен поет
Неодјавен во социјалната мрежа на Атманот
И врвот од дното
На едно шише без дно
Затоа што беше скршено
Од мојот бес што ги стресе сите
И го одвлечка малиот бог
Зарасната од лозје
Во мракот од каде дојде
Сосе неговите Дионизијци
Кои во беспомош плукаа ’рѓи
Со боја на долгите им бради
За кои ги влечев.

Милчо МИСОСКИ

УДК 821.163.3-1

Стаклени сенки

Јас
не можам да го создадам светот
ако Вие тоа не го посакате.

Јас
не можам да и бидам верен на убавината
ако таа постои само за мене.

Јас
не можам да сонувам
ако Вие престанете да љубите.

Јас
не можам да ја посакувам светлината
ако Вие се сокривате од неа.

Јас
не можам да бидам среќен
ако Вие не верувате во невозможното.

НА ВЕЧЕРА

Топлината го продолжува времето
го издолжува до недоглед
до она многу и она доволно
до тоа премногу.

Молчи бесмртноста на кругот.

Пред олтарот на надежта
кралицата без здолниште и шапка од соништа
бдее над мене
владее
поканувајќи ги сите сомнежи на вечера.

ИГРАЧКА

Еден ден кога ЈАС ќе загосподарам со се
среќата и несреќата ќе ги расклопам на најситни делчиња
и ќе направам играчка,
малечко човече кое ќе ги знае сите тајни на невиноста,
тогаш
огледалата ќе престанат да постојат,
сенките непомирливо ќе ја прифатат вечноста на светлината
тогаш
секоја жртва ќе го оправда своето постоењето.

СЛЕПИОТ КРАДЕЦ

Вечерва,
месечината е господарка на сите светлини.

Невидлив за бесконечноста
ги крадам сребрените води.

Од милоста позајмувам зборови
го освојувам копнежот со прегратка.

Чувствата родени како мисли
босоноги сенки засолнати во љубовта.

Молчам пред тишината
единствениот разум на дишењето.

Вечерва sвездите се броеви
кои не може да се избројат.

Вечерва темнината е само боја.

СТАКЛЕНО ВРЕМЕ

Надвор,
во ова стаклено време
тагата на максимум ја вклучувам
и одлучувам
сите мигови на „навистина добро живеење“
да ги подарам, раздадам
и бестелесно се поклонам
пред се она што може само да се посака.

И по кој знае кој пат
ја препрочитувам судбината
таа бесрамна измамничка
која знае се за се
ја соголувам до осаменост
до неповторливост
до здивот и допирот
со кој се почнува и се завршува.

И сонувам,
безобзирно сонувам
зашто се друго сум направил.

Силвана НЕШКОВСКА

УДК 821.163.3-1

Збогување со учителот

Учителе,
сега препушти ѝ се на светлината
да те вдоми длабоко во себе
онака како што ти ги вгнезди зборовите
што ги откопуваше од најдлабоките бунари на јазикот
од најскриените ризници на свеста и потсвеста
од сите напишани и ненапишани митови и легенди...

сега дозволи ѝ така дотеран со одора од стихови
да те прими со ширум отворени порти
онака како што ти ги пречекуваше зборовите
и старите и новите, и обичните и оние очудените,
онака како што ти ги нагостуваше
како мили гости на трпеза,
онака како што ти ги целуваше и милуваше
како штотуку родени новороденчиња
во матрицата на преводливоста,
онака како што ти ги прегрнуваше
како свои деца што ти трчаа во пресрет
по скалите на кулата Вавилонска...

сега дозволи ѝ да те всели во вечноста
онака како што ти со твоите зборови–воини
ги врати во живот сите мртви сонети
во кои бардот им вети бесмртност на своите дела
и сите подзаборавени драми
и сите моќни кралеви и нежни принцези во нив,
храбри војсководци и болно амбициозни жени,
луди татковци и неблагодарни ќерки,
смртнозаљубени непријатели

заколнати на вечна љубов,
и сите лихвари и чесни трговци,
дворски шутови и филозофи
кои се обидуваа да одгатнат дали да се биде или не
сите нив ...
ти ги поведе
и ги донесе
во вечно негираниот центар на светот
кој и тебе Великане...
ти подари изгрев и залез.

(Посветена на мојот драг професор Драги Михајловски)
21.02.2022

ЗБОРОВИТЕ НА ПОЕТОТ

Го сретнав
кога го бараше зборот на другите јазици
благослов беше
кога ми рече да му пренесам
неколку зборови
од оваа на онаа страна
оти тие, зборовите негови
не тежеа, туку лебдеа, вишнееја
а хартијата ги впиваше жедно
како да без нив
во секој миг ќе се распука

и од тогаш се нижеа тие ... зборовите
еден до друг
педантно и прецизно
раѓаа приказни
необично обични
и волшебно посебни

за еден млад прогонет учител
за неговата средба очи в очи
со мечката на тесното планинско патче
која ја нахрани
со одбрани зборови
никогаш неизустени,
закрепостени во погледот
што и го подаде
заедно со сувото парче леб

и од тогаш се редеа тие ... зборовите
и прикажуваа разговорливо
како разгорени пламенчиња во огнот
се досетуваа за едно
секогаш блиско и
никогаш несвршено минато време

за еден мудар дедо Стојче
кому ниедна фурна на светот
не му ја стопли душата како сонцето над Сопотница
кој внукот свој
го задои со приказни и љубов за зборот
и аманет му остави
три збора врзани во клопче
семејство, куќа и книга
оти тие човекот човек го чинеле

и од тогаш се нижеа тие ... зборовите
глаголеа остроумно
и ромореа како дожд
весело

за скапоценото грло на една баба Дола
од кое се ронеле безброј бисерни ноти
од чиј ек целото Демирхисарско поле
намовнувало

и вдолж и попреку
и тагуваа одново
за една скромна Гале
пред која како пред редок скапоцен камен
застанувале немо и
се поклонувале понизно
зборовите на поетот
а стиховите негови
неуморно ја барале долго потоа
и на сон и на јаве ...

и од тогаш се нижеа тие ... зборовите
а ние преку нив ѕирнавме
во јаркоста, во ревноста
со која до последен здив
си ги прибираше чедата
раштркани на сите страни на светот
и успеа сите си ги натокми
сите ги нареди во недоглед долги редови
на беспрекорни чисто страници
меѓу златни корици
и ни ги остави да му ги чуваме
да ги читаме и препрочитуваме
да се присетуваме
за таму и во нас
вечно да живеат
тие – зборовите на поетот.

(Посветена на почитуваниот Радован П. Цветковски)
20.3.2022 Битола

Никола ИЛИЈОВСКИ

УДК 821.163.3-1

Од циклусот „Од нула до кула“

РАСТЕЊЕ

Да се расте
значи да се почнува од нула.
Чекор по чекор
до највисоката кула.

Да се расте
значи низ времето да се оди.
Ден по ден
до најдлабоките води.

Да се расте
значи да се сонува и зрее.
Од песна до песна
детството што ја пее.

УМ

Само со ум
лесно може да се царува.
Тогаш и среќата ќе ти биде кум
и везден ќе те дарува.

Една желба
замисли ја мудро!
Една желба
посакај ја будно!

Само со ум
радост се стекнува.
и желбите стануваат
река што не секнува!

СОНЛИЈА SВОНЛИЈА

Сонлија sвонлија!
Сонлија sвонлија!
Се будам во ноќта
по неколку пати
на три, четири и повеќе рати.
За да ме заспијат пак
ги будам мама и тато
јас, нивно малечко злато.
Сонлија sвонлија!
Сонлија sвонлија!
Sвонам додека сонам,
сонам додека sвонам
еден детски свет
што расте од магичен цвет.

ЖЕЛБА

Кога ќе пораснам
ќе бидам пилот
на вселенски брод.
Ќе пловам над Земјата
и по планети разни,
далечни, најдалечни
волшебни сказни.
Ќе откривам sвезди

жолти и сини,
нови и стари
по илјадници години.
Но, најпрво ќе слетам на Месечината
и ќе ѝ кажам на далечината:
„Чекај ме, пораснав голем
мое длабоко вселенско море“.

Навечер ќе се прашуваш, знам
кога ќе гледаш во небото сам.
Како ли е можно
со брод во Вселената да се плови
и да се откриваат светови нови.
Но, тоа е тајна другарчиња мили
што врие во моите детски жили.

СРЕЌА ВО ВРЕЌА

За да имаш среќа
доволно е да наполниш со желби една вреќа.
Па вреќата навечер да ја оставиш подотворена
и толку треба, магијата е веќе сторена.
После среќата, ќе ти влезе во вреќата.
Ама за да ја зачуваш таму долго
треба пак да знаеш,
оти после залудно е да се каеш.
Техниката е лесна:
ќе ја оставиш среќата да се раскомоти,
за да не ѝ биде вреќата тесна.
После треба само вреќата да ја отвориш
среќата да излезе надвор, а ти да се одмориш.

Билјана Т. ДИМКО

УДК 821.163.3-1

Учител

(на Радован П. Цветковски)

Рече: стој исправено и гордо.
Аз, буки, веди...
Далгите глаголат стихотворенија.
Овде можеби ќе не' прескокнат.
Вселената памети се' што е кажано од душа.
Аз, буки, веди...
Не сакам да не можам

Преграт твој изморен изморен да не дојдам.

Цвет од слова да ти донесам
Вечно што цвета
Евангелија за љубов што не умира
Топови од љубезност
Карпа од непокор
Оган што го распалува Сонцето.
Вселената памети се' што е кажано од душа.
Скрбатен е животецот без песна.
Карпа од непокор
И се зачна светот под нашите стапала.

САБОТА

Пладне
Звукот од машината за сечење дрва ја крена улицата
Есенва е ко неверна жена
се умилкува во кусите сончеви деној
долгите ги наполна со студ и безвезна куќна презаситеност
Комшиите имаат дрва

Сечени исцепени наредени
Имаат надеж за в зима
Татко седи покрај својот син
во болничка соба
Неговиот глас го поткрена небото
Машината за дишење
им ја проголта надежта и за до следниот миг.
Скапотијата е арачот од
Неправењето ништо
А можеше...сега е џабе
Стигаат сметки за:
сонцето, воздухот, водата, огнот, земјата.
Тоа е арачот од неправењето
ништо.

Милица ДИМИТРИЈОВСКА РАДЕВСКА

УДК 821.163.3-1

Кратка меморија

Заборавот нѐ голта
нѐ плука како коска од мушмула
заборавните раритети
си се повторуваат
си се потретуваат
од недоапица
во зол час
Заборави на заборавноста на заборавачот
ука лесна
потоа во душата ти е милина
како распослана ледина
блажевина
Хукни си во душата
зошто душа си си
а тие ќе те вејат низ решето
и пак, и пак
по не знаеш кој пат
ќе ти ја менуваат посоката
ќе те пренесуват жеден преку вода
ќе те маѓосуваат како калесница
преку девет рида.
Хукни си во душата
како дете годиначе
дишењето ти е срцевина
мислата ти е светлина.

ВРЕДНОСТ

Кога животот вреди 10 грама чоколадо
кога потоа ќе збришат сè
бесните тајфуни
окотените урагани
не остава место за друго прашање
само потврда
животот вреди 10 грама чоколадо.

КОМУНИКАЦИЈА

на твојата електронска пошта стигнува барање
одговараш на барањето
молк
На телефонот некој се изјадува
се обидуваш да ја развеселиш тагата
молк
на улица место добар ден-имам потреба
го пропушташ автобусот
да одговориш на површни прашања
молк
на работното место те прогласуваат
за експерт и виновник за сè
земјата се врти и ти се вртиш
околу земјата како сателит
те вртат како вртелешка на панаѓур
молк
еднаш да крикнеш
еднаш да заплачеш
еднаш и насмевка да срониш
рути молкот
рути погледот
стануваш вретено без предено
чепорошка на исколвана суета.

ПОТКОПУВАЊЕ

Кој тоа внатре во сивите станици те клука
со страв, со лага, со омекнувач од скапа марка
кој тоа внатре свесно sвекоти, брмчи како стршен
кој тоа однепендек те превтасува во мислата
и оп! стануваш одлепена марка на загубено писмо
со адреса од памтивек разлеана, со пожолтена круна

МАЗОХИСТ

Си се казнуваме
изигруваме жртви
монаси предадени на молчење
затворени во ореова лушпа
Си се надеваме
на простување од плотта
деца изгубени во сликата на очајот
имагинацијата ни е каламбур
И надежта и казната
се глотни семиња
во тесто од празнина.

Даниела АНДОНОВСКА-ТРАЈКОВСКА

УДК 821.163.3-1

Избркани прашалници

не бркајте го
детето кое трча околу вас
ако не можете да му одговорите
зошто дождот паѓа мртов на земјата
иако може вечно да живее на небото
зошто рацете се разминуваат со секој чекор
а во несреќа се спојуваат
зошто сонот бега од јавето
кога и онака никој не му верува
како мачките знаат во кое ќоше спие болката
за да ја земат на себе
а луѓето се убиваат себеси во другите
само затоа што се плашат од болка
зошто секундите на омразата траат подолго
од часовите среќа
и зошто траеме во осамата
а стануваме славни кога ќе нѐ нема
зошто молитвата е иста на сите јазици,
а Бог нема лице
кога влегува во храмот
на нашите срца
не повредувајте го
детето што ве брка со прашалници
во куќата со тесни ходници
од кои не можете да избегате

ПИСМА БЕЗ АДРЕСА

Чекав долго на автобуската станица
што доцнеше со испорака на смс-пораките
кои стигнуваа на туѓи броеви
и исклучени претплатнички линии
па си пишував писма за да не се изгубам
во сообраќајот на мислите
но и тие си ја заборавaа адресата
на таблата со пристигнувања и испраќања
и се будеа во различни временски зони
моите писма без адреса
некој друг сега ги чита

ЗБОРОТ И ПЕСНАТА

колку ли долго чекам на клупата преместена
од автобуската станица во паркот
меѓу еден збор од живо тесто
и зборот - леб за гладните
колку ли долго чекам во ова тело
да дојде зборот и да ме подигне до мене самата
за да бидам своја
кога ќе ме повикаат да сведочам лажно
за еден збор и една песна

СВЕТ

1.
Има една линија која го бакнува брегот
за да се сети дека некогаш море бил
и од таму излегуваат
мачките што го чистат горскиот кристал

за да ја лечат душата на градот
и молотовите коктели
и однапред добиените војни на световите

2.
Има една линија што заискрува меѓу очите
таа што меч и крв е,
а под неа една точка што лежи
на едниот крај од усните
и не се плаши од бричот на времето
зашто бели влакна ни растат на јазикот,
а не на главата
и оттаму излегуваат сите наши животи одеднаш
и сеедно е кој кога се родил
кој каде се родил
чија крв во чија реченица се слива
и кое море на чии дланки заспива

3.
има една топка што се врти на еден превртен показалец
и кора од земја над течно и пеколно време
и ураган од гласови што се подигнуваат
под усвитено небо што не простува
и вртоглавица што се удира во ѕидови од камен
и стомачна болка што сака да истече
заедно со лавата во пламен
и главоболка една во секој човек што збива
и вода студена во сонцето што се забива

4.
има една линија
над неа - отпечаток од показалец
под печатот на времето - смачкана точка

ПРОЗА

Томислав ОСМАНЛИ

УДК 821.163.3-32

Малиот Немо во мундирот на Корто

(Океан од слики)

Сонував дека се најдов во темен и мек простор. Одеднаш, некаде одозгора, високо над главата се појави зрак светлина, и јас на миг се видов себе си во небесно сини детски пижами прошарани со мали насмевнати жирафи.

Неочекувано се сетив како се истркалав од мојот кревет и, кој знае како, упаднав во некој темен, топол и мек временски џеб составен, ете, од чоја. Само што тоа го помислив, високо над мене, заедно со зракот светлина, се појави огромна рака и фати да се спушта кон мене, при што јас со брз скок се скрив во самиот ќош на големиот џеб. Џиновската рака посегна по мене и нежно ме опфати склолопувајќи се околу мене, и ме подигна многу високо. Речиси го изгубив здивот од залетот и од стравот. Помислив дека раката ме крева кон небото, па и повисоко, ми се стори – сѐ до вселената, можеби и до оние исти планети на кои се најде Малиот принц од мојата омилена книга со која често се успивав. Меѓутоа, кога раката се отвори, пред мене се појави насмевнат џиновски машки лик со тркалезна морнарска обетка на левото уво.

„Тоа е значи Гуливер“, си реков.

Тогаш се сетив дека тој нема обетка, и дека би можел да биде налудничавиот дух од Аладиновата волшебна ламба, или некое уште страшно суштество.

За чудо, веќе не чувствував страв.

„Дали јас тоа сум умрел?“ – го запрашав насмевнатиот џин.

„Хм ...“, промрморе џинот, запали цигара, ја смести на работ од тенките усни и добродушно одговори – „Секако дека не, дете“.

Во тој момент го препознавав големото насмеаното лице што стоеше пред мене.

„Корто?!“, прашав збунето.

„Ај, дете!“, Рече мојот омилен лик, „Како се викаш?“ Молчев, збунет и воодушевен од омилениот лик.

„Не знаеш како се викаш?“, низ насмевка праша тој.

„Не се сеќавам.“

„Во ред, малечок, така и си помислив. Ти си тогаш Немо“.

„Капетанот?“, спомнав уште еден јунак од омилена книга.

„Капетанот сум јас. Ти си оној малечкиот, од Земјата на соништата. Тебе те исцртале, исто како и мене. Те најдов во својот џеб. Роден си во мојот џеб, малечок.“

„Како е тоа можно! Па, децата се раѓаат во зелка. Таму, пред тоа, ги носат штркови што пред тоа ги собираат од облаците ...“

„Тоа главно не се случува во овој свет, момче. Тука е сѐ поинаку од очекуваното. Овде секогаш некој ќе те извлече од џебот или од ракавот. Тебе те најдов во мундирот во кој го обиколив овој откачен и таинствен свет...“

„Навистина, Корто?“

„Навистина, малечок! – рече мојот јунак со џиновски бој и со добродушен израз - „Понекогаш додека сонувам, јас преминувам и во твојот свет. Не ви е ни таму здодевно. Сега ќе ти дозволам да го запознаеш мојот свет.“

Џинот се наведна, ја спушти огромнаата рака на земјата и ја отвори дланката од којашто се истркалав на мекиот песок од огромна плажа издолжена во недогледот на неговиот чудесен свет.

Наблизу шумолеше океанот во чии неспокојни води се прелеваа слики од милиони приказни.

Ја кренав главата и, онака седнат на песокот во моите пижами со папучи на нозете, благодарно му се насмевнав на Корто. Тој ми намигна, се исправи, се сврте и тргна некаде по свој пат.

„Што ќе правам сам тука?“ - плачев зад него.

Тој подзастана.

„Па, јас сум тука сам, а и не знам каде сум! – викав по него уште поочајничи - Јас дури и не знам како се најдов тука. Кое е воопшто ова место?“

Корто се сврте кон мене.

„Ова е земја на приказните, она таму океанот од слики, наспроти него – прашумата на живот“ - рече тој наједноставно, но јас сетики почувствував морници.

„Се плашам, Корто ...“

„Не плаши се, малечок Немо.“ – спокојно рече мојот омилен херој, добриот и бестрашен капетан од океанот на сликите - "Сите ние моравме еднаш да го искусиме истово. Страшното со тек на време ќе ти се претвори во познато, а ќе видиш, понекогаш дури и во убаво. Ова е земјата на соништата, малечок. Во неа, впрочем, ти постојано ќе се враќаш.“

„Ќе се вратиш ли повторно и ти?!“ – извикав очајнички.

„Да, но можеби на некое друго место, каде што наскоро нема да се сретнеме. Оди сега. Ќе видиш дека патувањето е интересно,“ - рече Корто и конечно си замина.

Немав друг избор освен и самиот да тргнам, по плажата, напред.

Во своите влечки тешко чекорев низ влажниот песок на кој заблеснуваа, се претопуваа, се бришеа и одново се појавуваа слики од приказните што ги сакав, но и ликови во нив од кои многу се плашев. Го забрзав чекорот и стапнав во прашумата исполнета со живи сенки. Ме заплисна нејзиниот здив – таинствен, топол и влажен, и околу мене се заклопи густото зеленило како челуст на огромно чудовиште.

Треперев и чекорев низ шумата и видов цвеќиња со неопислив раскош и богатства на бои, но онака исплашен, не им го почувствував ни мирисот, ниту убавината. Во еден миг се слушна силно павтање на крилја и јас уплашено застанав гледајќи во густиот сплет на лијани и крошни од столетните дрвја израснати високо над мене. Одеднаш ниско ме надлета голема и страшна крилеста сенка, ми се стори - како од џиновски лилјак - па го почувствував тапотењето на срцево во испотеното грло.

Истрчав низ топлиот леплив простор полн со сенки и страв, и ненадејно излегов на чистина искапена во сонце, и тука очите ширум ми се отворија. Пред мене, една голема, преубава птица ги ширеше своите раскошни шарени крила и пред таа убавина која се перчеше тука пред мене, одново исчезна секое стравување. Ја препознав од мојот албум со сликички, беше тоа рајска птица.

„Ако е ова рајска птица“ - си реков, исполнет со надеж – „дали сум стигнал до самиот рај?“

Но, за жал!...

Во тој миг од густите грмушки изглета огромен, бел сабјест тигар и скокна на птицата која ја грабна во челуста и додека таа се прпелкаше во неа, тој погледна со своите страшни очи кон мене.

Останав закопан в место. Се обидов да бегам, но не можев ни да се помрднам, иако почувствував како босите нозе, испотени за еден миг, ми се лизгаат во папучите. За среќа чудовиштето за миг го сврте погледот на другата страна и со два шумни скока се изгуби меѓу гранките и потона во густите сенки на прашумата носејќи ја со себе и безживотната убавина на рајската птица.

Почувствував голема жед, и веднаш потоа капки кои паѓаа на моето рамо. Се сетив дека дождовните шуми се полни со вода, а јас стоев под огромните растенија од чии цврси, светнати листови се цедеше чиста вода. Ја отворив устата и чувствував како водата благотворно капеше во неа. Ги собирав тие капки кој знае колку долго, но преголемата жед не можеше да се угаси.

„Еве, момче!“ - ме штрекна длабок певлив глас зад мене.

Се свртев и со ококорени очи видов серирозно, сјајно и складно лице на црна жена.

„Не плаши се!“ - рече таа и ми подаде стар, испотен мев стежнат од течност – „Еве, угаси си ја жедта, дете!“

Стоев неподвижно, загледан во младоликото лице на жената.

„Јас сум ...“ – заусти таа.

„Златоустата“ - прошепотив.

„Да, да, да ...“ - рече таа со младешки ѕвонлив глас, но исто така и на начинот на кој најчесто говорат многу старите жени – „Ние сме се среќавале, нели така?“ – ме праша најдобрата пријателка на Корто, вуду волшебничка од топлото море на сликите.

Нејзиниот глас беше убедлив, а лицето ѝ остана сериозно.

„Ти благодарам“ - реков, и почнав жедно да пијам од мевот. Течноста имаше прекрасен вкус и јас чувствував како уште сакав да пијам од пијалокот со вкус и со мирис на непознати чудесни цвеќа.

„Што е ова?“ – ја прашав Златоустата.

„Тоа е нектар, пијалок на тие латици што од страв на ги забележуваше во шумата" – рече волшебничката - "Тукушто пиеше од пијалокот на бестрашните богови, Немо“.

„Но, тоа не е моето име!“ - и реков по малку навредено.

„Знам“ - рече таа – „но тука è. Впрочем, не е важно како се викаш, важно е каков си и, уште повеќе, каков стануваш поминувајќи низ искуствата. Да, да, да ... И ете, сега никој не ти може ништо. Од никого веќе нема да се плашиш. Ќе станеш мал бог во своите простори на приказни и на слики. Ти сега тука престојуваш. Ќе ги разбереш сите јазици...говорите на луѓето, на sверовите, на билките и на морињата. Да, да, да ...“

И вистина, чувствував како да растам во себе. Веќе не бев уплашено детуле туку се почувствував бестрашен и силен.

„Ти благодарам, Златоуста“ – топло ѝ викнав.

Но, волшебничка веќе заоѓаше во прашумата, изговарајќи го оној таинствен израз од необичните разговори со Корто, за којшто никој никаде, освен можеби во шумата на приказните, не знаеше што значи нејзиното „Да, да, да ...!“

Јас, исто така, сега го разбирав. Беше тоа потврда на сите добри сили, ликови и појави што го исполнуваат чудесниот свет којшто без сомение, насекаде нè опкружува.

Продолжив да се движам низ темниот свет на дождовната шума со обновена енергија и со опуштена душа. Веќе не ме застрашуваа цимолењата, шуштењата и криковите од шумата, исчезна од мене секое морничење. Се почувствував, наеднаш, потполно слободен.

Во тој миг, пред мене се појави гол домородец со мачешки искосени очи, бакарна кожа и со лице и гради нашарани со чудни бели шари кои зборуваа прастари приказни на заборавените јазици, чијшто длабок шепот, сосем неочекувано, го чув и в миг го рабирав. Во устата го држеше крајот на долга трска со отровна стреличка - насочена кон мене. На јаже исукано од жилави билки, околу половината му висеше тиквичка полна смртоносен отров направен од, со столетија невкусени, билки. Слушав сè. Дури и неразбирливото тивко фучење на отровот којшто згора на тоа имаше и така студена сива боја. Јас кој сега можев сè да видам и сè да разберам, јасно чув кога домородецот зеде длабок здив, а потоа и како му се напнуваат образите миг пред да ја дувне отровна стрела кон мене, но тој не успеа во својата намера, бидејќи падна како покосен, додека од зад него се измолкна необична човечка

фигура, со долга неуредна брада и во темен мундир, и ми се насмевна со кисела насмевка.

„Распуќин!“ - веднаш го препознав необичниот тип со лукав гаврански лик, кој при тоа почна да се кикоти.

„Го чвокнав со камен по глава!“ - ми рече шеретски Распуќин, и ми даде знак да го следам – „Ајде, немаме многу време, малечок.“

Јас не разбрав зошто немавме време, сè додека не се слушнаа вознемирените гласови на другите домородци и ужасното шушкање и шумовите на скршени гранки кои заканувачки се ширеа насекаде и брзо се доближуваа до нас. Се пробивав низ шумата зад него додека Распучин со мачета, брзо замавнувајќи, во трк ги сечеше гранките и лијаните пред себе, во извежбан ритам и речиси по ред, сè додека не излезе на една полјана, каде што ме чекаше уште едно изненадување. Кренат во воздух и подготвен за полетување, тука стоеше огромен, шарен балон чијашто кошница лебдеше над билките на полјанката, и од време на време го напнуваше јажето со кое балонот беше врзан за голем камен тотем поставен среде полјаната.

„Упаѓај брзо, малечок“ - извика Распучин и насмевнувајќи се, додаде – „Пронајдов таен град полн со златото на домородците!“

„Елдорадо“ – го изговорив името на волшевното место што толку пати се спомнуваше во шумата на приказните.

„Баш ми е гајле како се вика“ - рече мојот злобникав спасител вешто скокајќи во кошницата – „Важно е дека добро го обрав!“ - Додаде и со еден удар на мачетата го пресече јажето.



Балонот почна да се одвојува од тлото уште додека се искачував за да влезам во кошот, чувствувајќи како едната папуча полека ми се лизга од стапалото. Распуќин го крена балонот во вис, и дури тогаш ми пружи рака за да се кренам и да влезам во кошницата. Во тој момент, додека со балонот забрзано се кревавме во вис, а нозете ми висеа на работ од кошницата, папучата конечно, ми се лизна од нога и падна право на главата од

главатарот на племето - чувар на тајниот златен град. Главатарот едно време остана збунет со предметот така неочекувано падна од небо, за веднаш потоа откако виде дека се работи за обична папуча, да крене таква џева што ги натера најснаодливите од неговите воини, кон нас веднаш да ги издувнат своите отровни стрелички.

Една отровна стреличка пролета пред самиот мој нос, другата остана во брадата на побеснетиот Распуќин, додека останатите се забија во големата шарена круша на нашиот балон, на којшто онака мали, никако не можеа да му наштетат. Во тој миг видов како еден од домородците тегне голем лак кон нас нас и јас ја извадив и втората папуча од босата нога и ја фрлив кон него. Се разбира го промашив стрелецот, но папучата одново го погоди главатарот кој повоторно почна да се корне од викање и тоа го потресе стрелецот кој се тргна токму во моментот кога ја испушташе големата стрела што, на тој начин, далеку го промаши нашиот спасоносен балон со радосни бои.

Сега веќе, искачени високо на небото и сосема надвор од дофатот на нивните опасни оружја, се чинеше, бевме сосем безбедни. Распучин седна на дното на кошницата, ги склопи рацете зад глава, ги прекрсти нозете и почна да пее весела песна од неговата далечна татковина, молскајќи со веѓите и очите, и од веме на време откривајжи го платното под кое сјаеа златни фигури и необични парчиња накит од забранетиот град изгубен во прашумата.

„Ете, дете“ – рече несекојдневниот брадест лик – „Јас сум богат со злато, а ти во авантури! Никој веќе ништо не нѝ може!“ – додаде и повторно почна да потпевнува додека јас, претчувствувајќи нова авантура, гледав во еден галеб кој само што слета на врвот од нашиот балон, и толку силно почна да колве по платното на самиот раб меѓу црвеното и синото поле на балонот, што топлиот воздух толку силно шишна од распорениот штеп што го отфрли галебот неколку метри во вис.

Во тој миг балонот престана да се искачува.

„Ау!“ – чудно рече Распуќин целосно свесен за новата ситуација со вкочанетиот балон – „Од кај се појави она гадно птичиште?!“

„Ене!“ – прикажав во далечината кадешто се назираше непрегледната површина на окенот која ја надлетува бројни голеби, токму во моментот кога нашиот распаран балон почна забрзано да се спушта, и потиснуван од воздухот што тишеше од галебовата дупка, како и од ветровите, продолжи засилено да се движи кон огромната, непрегледна вода.

„Па, каде, по ѓаволите оди оваа збрчкана круша?“ - очајно плачеше Распуќин.

„Не е лошо. А побезбедно ќе се *приземјиме* на вода“- некако смирено реков јас.

„Што дрдориш, бе ти!“ – избезумено извика злоќудниот лик што ми го беше спасил животот – „Прво, на море не се *приземјува*! Второ, ако се *примориме* - отиде моето злато во оние недостапни длабочини“!

Немаше тука што повеќе да се прави одошто да се чека исходот од незивесната ситуација. Јас спокојно гледав како нашата кошница најнаред се доближува кон линијата на брегот, а потоа продолжува да се движи косо надолу кон морската шир, сѐ додека нашата кошница не клумна во водата.

Распучин диво, со делови од златото ги полнеше џебовите на неговата униформа, се додека остатокот, заедно со кошницата која го повлече и исдишаното платно на балонот, не потонаа во длабочините на океанот.

Така, и јас се најдов во вода, и само што се свртев да го побарам Распуќин, го видов како со ококорени очи и со ужаснат израз на лицето ме гледа од под водата и се прпелка тонејќи со она злато стежнато по џеповите на неговиот мундир, испуштајќи меури од устата, додека неговата раздвижена силуета не се изгуби во темните и непросирни длабочини.

Ми беше многу жал за мојот спасител, зашто нектарот на Златоустата не го избриша чувството на сожалување, и во такво расположение почнав да лебдам по водата, не чувствувајќи ни страв, ниту вознемиреност. Распуќин веќе го нема, сега беше потребно да се мисли на себе.

Со раширени раце, затворени очи и уши потопени во водата, во своите пижами со насмевнати жирафи, радосно мрдајќи

со ножните прсти, истегнат врз свежата, пријатна постела на океанот, ги сонував неговите непреглени слики, го слушав ведрото кричење на делфините, хорскиот шепот на сардините, мјаукањето на морските мачки, рикањето на морските лавови дури до половите, лаењето на морските кучиња, и меѓусобните тешки разговори на чудовиштата од најголемите длабочини... кога, ми се стори дека некој ме повикува.

„Дали е тоа смртта?“ - си реков бестрашно, но по новиот повик се тргнав и ја кренав главата.

Ги отворив очите и мижуркајќи кон силното сонце, здогледав необична силуета. Беше надвисната од прамецот на едно бротче.

„Што е, момче, уживаш, а?!“ – над мене весело рече ликот со, инаку, добро познат глас.

„Корто!“ – викнав преплавен од радост зашто и тоа чувство го бев задржал, но веднаш се сетив дека морам да го информирам за голема загуба – „Распучин веќе не е ...“

„Не тропај, Немо!“ – го слушнав во тој момент познатиот глас, при што зад Корто се појави брадестото гавранолико лице на кисело насмевнатиот и наполно мокар Распуќин – „Онаму долу тешко се дише, па решив да се ослободам од оној прекрасен баласт. А Корто...Корто секогаш кога треба е на вистинското место“ - рече злоќудниот лик на мојот поранешен спасител кикотејќи се при тоа, и извлекувајжи златен ланец со крупен приврзок кој блескаше на силното сонце, очигледно единствениот плен од повторно изгубеното богатство на Елдорадо.

Гледав во насмевка на мојот омилен морнар со обетка на левото уво и со запалена цигара на работ од усните, и изненадено забележав дека дека мојот омилен лик не е повеќе со џиновски раст. Се смалил ли тој како што тоа се случува во светот на приказните, или пак јас пораснав до неговата големина?

„Ајде,“ - рече Корто и ми ја подаде раката за да се качам преку прамецот на неговиот мал брод – „Одиме, младичу. Доволно беше.“...



Заспав додека пловевме и сонував различни соништа и ги гледав сите можни слики што наоколу нè заплиснуваа. Го сонував

големото пространство, длабокиот и бескраен океан од слики, па иако во сон, на некој чуден начин знаев дека секогаш одново ќе му се враќам, ќе му ги слушам шумолењата, ќе му ги разбирам таинствените говори, ќе вкусувам од нектарот на мечтите, и ќе ги гледам чудесните глетки што никогаш нема да претстанат - во таа или во оваа стварност, додека во ушите секогаш ќе ми одsвонува таинствениот, добар и распеан глас на Златоустата:

„Да, да, да!...“

(Расказ од прозната збирка
„Океан од слики“,
изд. „Авант прес“, Скопје, 2018)

Петре ДИМОВСКИ

УДК 821.163.3-32

По беспатјето

Зима.

Не го препознавам својот живот. Сè уште сум само во нивната меморија.

Стравот и натаму го држи војната. Кошмарот од неа е продолжено бунило.

А воените дејствија од Втората светска војна да, завршија. Таткото не е на фронтот. Но не е ниту дома со семејството. Се наоѓа во рововите на воената вежба. Заканата дека војната повторно може да искока од темните страни на човековата неразумност приморува да се овладува вештината со новите оружја. Тој вежба воени дејствија, а Мајката со трите деца е оставена да го пробива животот. Оскудата во војната, во нејзиниот средишен вител го одзеде третороденото дете. Јас сум четвророденото. Дојдено со првиот зрак на слободата.

Зима. Толкаво сум, полугодиначе. Целосно зависно од помошта на другите. На Мајката, и сестричката како првороденка.

Студ што коткосува. Снегот е во дебел слој и смрзнат. По стреите висат долги дебели мразулци, топорејќи ја заканата со своето студенило. Небото е паднато, видикот притиснат, згмечен и раздробен од стрелите на сињакот. Животот е затворен во домовите.

Во мене надошло некое болештење. Ми го заробило телото, не примам храна и почнувам да се топам, да смалувам. Најсилниот лек што се поседува, млекото на Мајката, не е доволно да ја испади болеста. Треба лекар и лек. А тие се во комбинација, на едно место, далеку, во градот. На триесет километри во отворено време, а на вакво – недоодна далечина. Може кај лекарот да се стигне со коњ и коњска кола. Ама тоа го одзела војната. Може да се стигне уште само пеш. Полугодиначето треба да се носи в раце. А Таткото на воена вежба некаде далеку, гласот не допира ниту до него, ниту од него. Комуникацијата може да е само усна, а далечините во

просторот целосно ја затвориле.

Без помошта од докторот и лекот не може да биде спасено полугодиначето. И мајката ја донесува одлуката.

Студот коткосал и сѐ живо, за да опстои, се сокрило во своето легло. Само леглото на домот може да го задржи животот. Студот е толку јак што секое живо суштество оставено во негово владение, ќе го смрзне. Полугодиначето може да се носи само во рацете. По замрзнатиот снег, низ накитот од сињакот, низ дивината што е и гладна и подивена.

Мајката ја донесува одлуката.

И почнува да се подготвува.

За да го превтаса времето, зашто вака притиснато и затворено може да се сурне врз полгодиначето.

Двете деца ѝ ги остава на грижа на соседката. Потоа ја полни вреќата со волна и мене, заедно со мојот пригмечен живот од болеста ме става во вреќата, завиен во волната и само устенцето е во допир со просторот, за да цица воздух. Се затвора во слоеви облека, ја подигнува на себе вреќата и – тргнува. На далечен, неизвесен пат, низ снежни намети и смрзнат видик да спаси живот.

Не сум плачел. Сум тајувал и сум го чекал исходот од подвигот на Мајката.

Одела низ снегот. Тој крцкал, попуштал и нозете пропаѓале во него. Требало додатна сила за да се извлечат за нов чекор. Така, бавно но незастојно земала од просторот. Застанувала само да sирне во мојот живот. Накитот од сињакот се пофатил и смрзнал по волната, устенцето ми посинело, открива дека мразестиот воздух внатрешно ме исполнува. Навлекува над мене кадела волна што ќе го пропушта воздухот а ќе го сопира студот.

И продолжува.

Просторот е затворен и збиен, и сѐ од него исчезнало. Дека се движи, препознава по чекорите што ги прави и трагите што ги остава, а збиениот круг како додатна тежина го носи со себе. И постојано останува во него. Каде се движи? Каде ја носи кругот или каде таа го носи? Кругот е бескраен и може вечно да остане затворена во него. Како да открива дали ја држи насоката што е единствена цел? Страните на светот се изгубиле во кругот на

видикот и по ништо не може да се откријат и препознаат. Можно да е во движење во сосема спротивна насока од целта, а така никогаш нема да стигне каде што тргнала. Ќе се изгуби заедно со кругот. Покрај јакиот студ, тешкото извлекување на нозете од снегот, паднатото небо врз неа, тоа е додатно што ѝ ги троши силите. Нема пат, нема насока, никаков ориентир, само затворена белина и нафрлани намети. Пропаѓа во еден намет, ги извлекува нозете да пречекори, смрзнатиот снег ѝ ја прима и прифаќа тежината, а кога натиснува другата нога да ја префрли нанапред снегот под ногата што притиска на него попушта и Мајката пак пропаѓа длабоко во снегот. Така пропадната го губи и чувството на товар врз себе, и одеднаш се тргнува како да се буди од сон, и открива дека раката ѝ е згрчена а во неа не држи ништо. Се стресува премрена во страв дека детето го изгубила. Искокнува забрзано да ја следи трагата што ја оставила, преплашена да не ја изгуби под налетот на ветрот што задувува и снежниот навев што се издига. Набргу ја открива вреќата како бело тумбе на белината и тревожно растргнува низ волната да го најде мојот живот.

Открила дека дишам. Ѝ се смирила душата. Легната на снегот ја растргнала волната во вреќата до моето усте и до него ја принела дојката да ми црцне млекце во устето. Ја испразнила дојката а не можело да се открие дали млекцето влегува и во мене или се разлева само над устето. Надежта останувала да се стигне до докторот.

Почнало да развејува смрзнат снег и да го зема и видикот од затворениот круг. Само натежната белина и завеса над очите. Шушкав шум надоаѓа од левата страна. Низ навевот на снегот го открива навевот на трската од Блатото. Тоа е една голема поткрепа. Ја задржала насоката. Очекуваше да го открие залутувањето во искачување по ридеста нагорнина, што ќе означеше залутување на север или отворање на понорот од коритото на реката, што ќе беше насока кон исток, а по Блатото открива дека се движи кон запад, насоката на целта. Движењето крај Блатото беше во беспатно беспатје, со намети и засеци, но само крај Блатото можеше насоката да биде одржлива и остануваше да се следи потешкиот пат.

Големиот студ, налетот на ветрот и навевот на снегот ја трошат енергијата, ги одземаат силите. А се троши и денот, со денот и виделината. Краток е зимскиот ден, а низ вејавица, намети и снежни стапици од засеци и маскирани понори не достига да се дооди растојанието од Брод до Битола. Ако ноќта падне на патот и го затвори, битката за животот ќе биде изгубена. Не може човечко тело на отворен простор да го издржи ноќниот студ на лутата зима. Само движењето без застој ќе ја одржи вербата во остварување на целта. Ама студот во телото, свирежот на ветрот и треперливата игра на снегулките пред очите измамуваат друга стварност. Телото треба да одмори, душата да отпочине и приспивноста што налегнува над клепките толку е примамлива и посакувана. Снегот нуди меко легло и топла постела. Само треба да се затвори мислата, да се сопре одот и да се спушти телото во топлината на сонот. Секаде наоколу е студенило, топлината е содржана само во сонот.

Мајката ја стресува главата, не застанува. Се бори да ги стресе од главата сите лажни причинувања и да ја задржи вистината во единствената реалност. Само движењето го содржи спасот. И топлината на надежта. И патот мора да се изоди пред да биде одземен и изгубен.

А почнува да засенува најавата на ноќта. Сентрее видот. Се губи од пред очите и блесокот на снегот што игра во просторот. И, не се гледа ништо.

Не се гледа ништо.

Низ згуснатата маса на ноќта искокнува сребрена светлина со вжарено јадро. Посакувано како животот. Прозорец, светлина и живеалиште. При ударот по вратата таа се подотвора. И одеднаш ширум се отвора. Мека топлина пречекува од внатрешноста.

Добрите луѓе го одржуваат светот. Најпрво да се извлече детето од сонот, да му се насети животот. Клепнувањето на очињата ја отвораат вербата. Домаќинката за ненадејно пристигнатите гости подготвува брза топла закрепка од супа, додека домаќинот се подготвува за излегување. Мајката брзо ја сркнува супата, држејќи ги очите над детето во исчекување таа да искока од седиштето и да го продолжи одот.

Човекот, домаќинот од куќата ја допрати до центарот на

Битола, до зградата на болницата. Ги пречекаа медицински лица. Набргу Мајката и детето беа легнати во креветот. Студот беше оставен надвор.

Животот ми бил задржан.

***

Кратка биографија: Петре Димовски (1946) е истакнат македонски романсиер и раскажувач. Автор е на преку 40 дела. Застапуван е во национални и меѓународни избори и антологии. Добитник е на високи награди и признанија. Живее и твори во Битола.

Елизабета БАКОВСКА

УДК 821.163.3-32

Шалот

Немам нерви да одбирам алишта, немам нерви да купувам нови, ги облекувам тие што си ги носам со години и излегувам. Префрлен на столот, на бирото наутро ме пречекува шалот на мајка ми. Чувај-си-го негде и така, префрли-го преку рамењата ако ти студи, ме убедува. Шалот е сплетен на чингелаѓе, со сета прецизност и педантност што мајка ми ја имаше за две нешта: рачни работи и финансии. Бојата е тн. *загасито розева*, од онаа волница од која тогаш се плетеа џемпери и шалови за девојчиња што стануваат девојки. Го загледувам и не можам да одредам дали е исплетен како едно парче, или составен од ситни делчиња, цветови и школки што потем се споени во големата слика.

Се враќа од работа нервозна. Раскажува со полна уста, останала цел ден гладна. А-ле, блазе-си-ти Цвете, колку-ги-чуваш алиштата, со години истите си ги носиш, ѝ рекла една од жените на кои им е шефица. Само битолчанка може да ја разбере големината на оваа навреда, сета нејзина суровост. Таа не ѝ возвратила со навреда, но лутината ја донела дома. Пичка-ли-му-матéрина, вели џвакајќи брзо, голтајќи уште побрзо, вадејќи ја сочно сета своја горчина преку универзалниот битолски машки род. Не пцуј пред децата, ја опоменува татко ми. Море, пичка-ли-му-матéрина, повторува таа додека ја прибира масата. Потоа седнува во дневната, навира стари дебели чорапи, се наметнува со шалот во *загасито розева* боја, ги отвора пресметките и службените весници и почнува да работи.

ИМЕ

Можеше да биде Милица. Или Слободанка. Или Љуба. Или Царева. Или Срмена. Или Живка. Или Ристана. Или Дилбера. Или Милка. Или Цвета (ама не можеше да биде Цвета оти имињата треба да се даваат со прескок од една генерација).

Можеше да биде кое било име довеано од северозапад на југ, пренесено со преселбите, со бегствата, со надежите. Кое било име пренесувано како штафета на сеќавањето, како белег од семејните трауми.

Но, на крај, можеше да биде само ова име, избрано наспроти Снежана и Гордана. Сите три имиња на вистински девојчиња, омилени ученички на учителката, жената на кумот, која ги предложила. Не го познавам девојчето што ми го дало името, без да знае. Никогаш не ја запознав ни учителката. Ни кумот.

Ова е име на новиот поредок. Со него се раѓаше новата средна класа. Ова е име на дете за чии родители во школскиот дневник пишуваше дека се службеници. Ова е име на новоизградени семејни станови за четворица од околу 60 квадрати. Ова е име на фиати и застави. Ова е име на летувања во Грција. Ова е име на мајки со пепељасто плави и црвено махагони локици фризури. Ова е име на синглица со препеано бузуки. Ова е име на сандаци за длабоко замрзнување и црно-бели телевизори. Ова е име на самопридонеси за домови за култура и сообраќајници. Ова е име на бурди и политикини забавници. Ова е име на долгорочни кредити одобрени од работни организации. Ова е име на најубавата актерка на својата генерација, онаа за која веруваа дека има лилави очи.

Одбрано е да се запише во матичните книги, но блиските никогаш ми се обраќале така. Сѐ уште се штрекнувам кога некој ќе ме повика наглас. Ми звучи речиси туѓо, ми се чини како нешто да сум згрешила, па ме викаат вака формално за да ми одредат казна.

Ова име веќе не им го даваат на новите девојчиња. Сега се во мода кратки имиња, по можност старозаветни. Додека во главата си ги рецитирам аните, евите, ребеките, сфаќам дека и моево, демоде социјалистичко име всушност е библиско.

ДРАМА

Борче ПАНОВ

УДК 821.163.3-2

Поделен од сопствениот нос

Улоги:

НОС	Еден голем нос
ДЕСНОУВ	Едно десно уво - малку наглуво
ЛЕВОУВ	Едно лево уво
ЛЕВА РАКА	Рака - крадливка
ЛЕВО ОКО	Едно лево око
ДЕСНООК	Едно десно око – малку шашливо
ДУДУКОТ	Тутурутка – приглуп епизоден лик
ФИЛОЗОФОТ	Имагинерен лик од
КРПЕНО ЛИЦЕ	Гуливеровите патувања
ТЕПАЧОТ	Имагинарен лик од Гуливеровите патувања
ПРВО КОПЧЕ	Стегнато копче од кошула
ВТОРО КОПЧЕ	Лабаво копче од кошула
ТРЕТО КОПЧЕ	Лудо копче од кошула
ЛОРКА	Имагинарен лик на личната заменка Јас
УЛИЦАТА	Улица од соништата
ВЕТРОТ	Ветер на слободата
СЛЕП ХАРМОНИКАШ	Епизоден лик

ПРВА СЛИКА

Сцената е полузатемнет двор на кој од крај до крај се оптегнати јажиња за сушење алишта. На јажето се закачени неколку чаршави. На сцената, следено од сноп светло се појавува Левоув. Увото е насликано со бела боја на голема црна маица. Тоа се движи низ сцената за да слушне нешто…нешто од некаде… Додека увото се движи се слушаат разни пригушени звуци коишто тоа се обидува да ги улови. Во еден момент увото се удира од Носот-лик насликан како црн нос на бела маица…Увото се сепнува и испушта силен писок.

ПОЈАВА ПРВА

НОСОТ И ЛЕВОУВ

НОСОТ: Аман бе! Аман… што ти е!?

(*Левоув се прави како да не слуша*).

НОСОТ: Што, бе? Толку си големо, а не ме слушна… Да не ти се крши мраз во ушите?! Ај…дај… Дај една ракиичка да не ни е макичка!

(*Левоув срамежливо се доближува до Носот и скржаво му ја подава својата рака. Носот ја зграпчува и почнува енергично да му ја душка како куче. Увото си ја трга раката со што настанува мешаница на сцената. Во тој момент на сцената се појавува Лева Рака. Лева Рака се извива како змија околу нив, барајќи им ги џебовите.)*

ПОЈАВА ВТОРА

НОСОТ, ЛЕВОУВ И ЛЕВА РАКА

Ликот кој ја игра има голема црна ракавица на левата рака. На главата има голем качкет, а очите му се нашминкани со црна боја во форма на маска на крадец.

ЛЕВА РАКА (*кон публиката низ шепот*): Лева рака - десен џеб…нема друго…(*подига раменици како некој кој е помирен со својата судбина*.)

ПОЈАВА ТРЕТА

НОСОТ, ЛЕВОУВ, ДЕСНООК И ЛЕВООК

(Во тој момент на сцената влегуваат и Левоок и Десноок. Тие се движат на сцената како сијамски близнаци. Облечени се со маици на кои се насликани две очи - лево и десно.)

ЛЕВООК (*кон Носот и увото*): Што е бе, што несреќа ви се случи?!

ДЕСНООК: Да не ви се удавија рибите?

ЗАЕДНО: Хе-хе-хе-хе-хе…

ЛЕВОУВ: А бе, рибите смрдат од главата, ама бишките од газот.

НОСОТ: Немојте за смрдеа, немојте, мене и од миризиливи води, парфеми и дезодоранси ме фаќа вртоглавица, а камоли од смрдеа…

ЛЕВА РАКА: Од смрдеа паѓаш во бесвест - пешко еден!

ЛЕВООК (*кон Десноок*): Братко овој нос ко јаз стои меѓу нас!

ДЕСНООК: Ко газ - токму ко газ… Жално, братко, жално, само стои ко рид меѓу нас, од него не можеме да се видиме…...

ЛЕВООК: Израсток!

ДЕСНООК: Барем да можеше ко шишка да се дувне …

ЛЕВА РАКА: А бе, ако по достоинство требаше да се реди - попрво органот - оној долу, ко шишка на сред чело требаше да стои, онака како што и му прилега на еден орган на создавањето.

НОСОТ: Кој бе, оној мочко! А всушност, можеби си во право, оти постојано ко шишка сал виси и неговото височество Јас постојано би можел, заради забава само да си го дувка, ако посреде челото му стоеше… Порано за двајца вредеше, а сега сал кожа за двајца стана!

ЛЕВОУВ (*внимателно го слуша она за неговото восочество Јас*): Шишка рековте, а?! Шишка, нели?

ЛЕВА РАКА: Шишка, бе, шишка, туку, ај бришка, бришка, шпиону еден! Секуритате!

ЛЕВОУВ: Се кури тате, се кури тате, а што, се пути мама ли сакаше ти?! (*Бега од сцената подгонет од Лева Рака.)*

ЛЕВА РАКА (*кон Носот, Десноок и Левоок*): Чек, чек, чекај малку… (*ги мерка*…) Ај дојдете, дојдете малку….(*Го поставува Носот помеѓу Десноок и Левоок*) Ете, ете…би можело да се рече дека заедно имате карактер…

(*Одеднаш Левоок, Десноок и Носот ко чудовишта ги дигаат рацете и викаат.*)

ЗАЕДНО: Беее!

(*Лева Рака бега од сцената. Левоок, Десноок и Носот се гледаат фрапирано.*)

ПОЈАВА ЧЕТВРТА

НОСОТ, ЛЕВООК И ДЕСНООК

ЛЕВООК: Понекогаш е добро и да се дружиме.

НОСОТ: Би можеле да пробаме.

(Одеднаш на сцената се појавува устата. Таа е голема црвена уста нацртана на бела маица. Ликот што ја глуми е облечена ко проститутка).

ПОЈАВА ПЕТТА

НОСОТ, ЛЕВОУВ, ДЕСНООК, ЛЕВООК И УСТАТА

УСТАТА: Сакате да пробате? Ве уверувам дека со мене ќе ви биде супер… Супер, супер, супер… Сѐ што сте сакале со мене ќе го изговорите јасно и гласно, а може да биде и сензуално…Оааа…

НОСОТ: Од едниот до другиот крај на градот растегата ко хармоника. Со тебе ќе одат – напред кон минатото!

УСТАТА (*кон Носот*): А бе ти, знаеш ли зошто ти смрдат нозете? Не, а?! За друг пат, колку да знаеш: затоа што ти извираат од газот! А тоа значи дека ти си едно големо душкало на два крака - носиште со едно големо газиште, па не се знае од каде повеќе смрдиш!

НОСОТ: Е Устиште, Устиште, сигурно Господ бил во голема недоумица кога те создавал… Се подлажал, мислејќи дека во тебе Тој и само Тој ќе ги кладе светите зборови од Светото писмо на своите пророци и евангелисти, но заборавил, кутриот, дека преку храната и пијачката и ѓаволот во тебе ќе влезе и дека во секој збор ко во јаболка зрела ќе нѐ глодаат и глисти…

УСТАТА: Бре, мајката, како за еден нос, ти, бе, голем филозоф си бил! Ќе фрлиш една вреќа пердуви, па збирајте будали колку што ве има на светот! Носе, Носе, Носе-Ќосе, ти како да забораваш на нашиот голем татко.

НОСОТ: Јас!

УСТАТА: Не ти - Тој!

ЛЕВООК: Тој, ами кој!

ДЕСНООК: Кутриот!

УСТАТА: Зошто кутар?!

ЛЕВООК: Оти е поделен?

ДЕСНООК: Ко нас!

ЛЕВООК: Од сопствениот нос!

НОСОТ: Јас сум го поделил нашиот татко?

ЛЕВООК: Сите сме кој на клин,

ДЕСНООК: Кој на плоча,

ЛЕВООК: И не знаеме

ДЕСНООК: Кој

ЛЕВООК: Е кој!

УСТАТА: А бе насреде секогаш е чисто, оти нечистотијата секогаш бега на крајот!

НОСОТ: Демек ти си на средина и чиста си…

ДЕСНООК: Пречиста!

ЛЕВООК: Ко Дева Марија !

ДЕСНООК: А ние сме на крајот и матно гледаме!

ЛЕВООК: А бе толку силен ветар дуваше што и преку наочарите ни влегуваше прашината в зеница.

(*Додека вака се распрваат на сцената влегува Дудукот. Тој на главата има голем дудук којшто постојано го клати*.)

ПОЈАВА ШЕСТА

ИСТИТЕ И ДУДУКОТ

ДУДУКОТ (*кон сите*): Да сме живи и здрави доживотно! Една ракиичка да не ни е макичка.

НОСОТ: Што е, бе, дудук од кај пак сега ти!?

ЛЕВООК: Откако ќе се скрши тркалото има многу патишта!

УСТАТА: Море, дуду-дуду-ле, а каква ти е макичката?

ДУДУКОТ: Лагичка, Устичке! Лагата е како голем празен дудук со само едно зрно на дното, па како што гладен фазан си ја навира главата внатре, така и јас…

УСТАТА: По зрното!

НОСОТ: Иииии…цап!

УСТАТА: Главата во дудукот!

ЛЕВООК: И стана дудук!

ДУДУКОТ: Дудук! Туку... да ви речам! Ме испрати „Газдата“. Рече гостите само што не стигнале во хотелот Промаја - соба ведро небо“ и ве бара сите да се јавите на рецепција!

УСТАТА: Е алал нека му е! Што мораше главата во дудук да си ја навира, кога можеше и во песок ко ној да си закопа, па така немаше од лагата да страда, ниту пак ние од неговата парада: Да сме живи и здрави доживотно - една ракичка-да не ни Е макичка!

НОСОТ: И - ај кај газдата - на промаја!

ДУДУКОТ (*како што дојде, така и си оди*): Да сме здрави и живи доживотно... Една ракиичка - да не ни е макичка…

ЛЕВООК: Туку, ај побрзо да одиме на рецепција!

ДЕСНООК: А дали сме подготвени да ги прифатиме гостите!?

ЛЕВООК: А малку ли се подготвувавме!

НОСОТ: Да бе, си дозволивме дури да ги повикаме и оние од Заводот за статистика да извршат де-ра-ра-ти-зација и дезин-секс-и-ја.

УСТАТА: Еве и јас разбирам германски, оти таму работев, а и тие разбирале оти се од Австрија…

ДУДУКОТ (*се враќа на сцена, чукајќи по еден тринагал)*: Минам преку вашиот воздушен простор. Не личи да не ве видам - една ракиичка да не ни е макичка! (*Повторно се ракува со сите*.)

ВТОРА СЛИКА

Од крај до крај на сцената, којашто е како филмско платно се прожетира празна филмска лента. Излегуваат Филозофот Крпено Лице и Тепачот со балон. Крпено Лице е длабоко замислен, гласно говори и се губи во мислите. Тепачот со балон одвреме-навреме го удира со балонот по глава и зајадливо му приговара.)

ФИЛОЗОФОТ КРПЕНО ЛИЦЕ: Се обидувам да се сетам на твоето лице што... јури како… како… како филмска лента… филмска лента… со купеата и патниците… врз моето… врз моето…

ТЕПАЧОТ (*удирајќи го со балонот по глава*): Крпено лице! А…само до вчера…животот си го викавме крпен живот… а сега… сега - крпено лице… лице што се вози како филмска лента - прожектирано лице врз моето лице -крпено лице!

ФИЛОЗОФОТ КРПЕНО ЛИЦЕ: Се обидувам да се сетам… да се сетам… на која ли станица…кога… кога ли само… и кој од патниците… се симна и ми рече… ми рече... токму навреме, токму навреме… да си ги замениме местата...

ТЕПАЧОТ: Крпено зло…да му ебам мајката!

ФИЛОЗОФОТ КРПЕНО ЛИЦЕ: ...се обидувам да се сетам… кој од нас… кој од нас… и во која насока… го испрати другиот...

ТЕПАЧОТ (*удирајќи го со балонот):* Другиот во мене… Франкештајн…да му ебам мајката!

ФИЛОЗОФОТ КРПЕНО ЛИЦЕ: И кој… кој е овој град што упорно… упорно се сели во иднината…

ТЕПАЧОТ: Да бе… да бе… во иднината… крпено Лице…Ебати Франкештајн од иднината...

ФИЛОЗОФОТ КРПЕНО ЛИЦЕ: ...во иднината…од една станица… од овој миг… што одеднаш те навестува и потсеќа небаре си сосема друг човек… некој друг град што воопшто не личи на мене…

ТЕПАЧОТ: Бре, мајката, и во пеколот можело панаѓур да биде! ...и смешка те дуе… те дуе (*се смее*). Во смешка надуен ти е светот, животот и… Пауууууу!

(*Одеднаш балонот пука. Филозофот одеднаш се буди, го гледа тепачот кого што до пред малку воопшто и не го приметуваше и одеднаш му се нафрлува*).

ФИЛОЗОФОТ КРПЕНО ЛИЦЕ: А…ти…кој си ти…кажувај кој си или ти отиде смешката ко вештачка вилица од уста!

ТЕПАЧОТ (како за себе): Леле!...леле!...што ке правам без балонот сега. (*Додека Филозофот го трга за јаката, Тепачот вади*

балон од џебот и почнува да го дува) А бе… паметниот… и… од зијанот вади ќар…

ФИЛОЗОФОТ КРПЕНО ЛИЦЕ: Ќе вадиш ќар, ама кога ќе се навикнеш и во лоштото арно да ти биде, неранимајко! (*Сака да го удри*).

(*Во тој миг тепачот конечно го надува балонот и во еден момент го удира филозофот по глава. Филозофот одеднаш застанува како вкопан.*)

ФИЛОЗОФОТ КРПЕНО ЛИЦЕ: …Се обидувам да се сетам на твоето лице што… јури како… како…како филмска лента… филмска лента… со купеата и патниците… врз моето… врз моето…

(Филмската лента одеднаш се прегрејува и се витка во пламенот.)

ТРЕТА СЛИКА

На сцената се три лика - три огромни копчиња. На средината доминира едно затемнето огледало.

ПОЈАВА ПРВА

ПРВО КОПЧЕ, ВТОРО КОПЧЕ И ТРЕТО КОПЧЕ

ПРВОТО КОПЧЕ (*кон огледалото*): Зошто, зошто не нѐ закопчуваш повеќе…

ВТОРОТО КОПЧЕ: Зошто не нѐ закопчуваш повеќе во илиците твои…

ТРЕТОТО КОПЧЕ: О... Огледалце, огледалце…

СИТЕ ЗАЕДНО: О, зошто… зошто…зошто… огледалце… огледалце…

ПРВОТО КОПЧЕ: О, не можам, не можам...

ВТОРОТО КОПЧЕ: Не можам, не можам...

ТРЕТОТО КОПЧЕ: Ни јас ни јас…

ПРВОТО КОПЧЕ: Денот на грб… (*Се врти со грб и седнува со копчето на грбот кон публиката.*)

ВТОРОТО КОПЧЕ: На грб…на грб (*исто така се врти со грб кон публиката со копчето на грбот, јавнувајќи го Првото копче.*)

ТРЕТОТО КОПЧЕ: Да ти го носиме (*застанува со копчето на градите кон публиката и со табла во вид на круг на која со големи црни букви пишува Јас*)

(*Се слуша страшен демонски кикот. Во тој миг, одеднаш, најпрвин се врти Второто копче, тоа бега низ сцената. По него станува и Првото копче коешто исто така бега низ сцената. Во еден миг тие сфаќаат дека кикотот доаѓа од големата лична заменка Јас. Внимателно доаѓаат до него.*)

ПРВОТО КОПЧЕ: О ни ноќе, ни ноќе...

ВТОРОТО КОПЧЕ: Ни ноќе не можеме, не можеме да здивнеме од тебе…

ПРВОТО КОПЧЕ: Од тебе, месечару, што сè подоцна…

ВТОРОТО КОПЧЕ: Сè подоцна се враќаш со сонце во очите…

ПРВОТО КОПЧЕ: Месечару, месечару…

ВТОРОТО КОПЧЕ: На сонце!

ЗАЕДНО: И затоа, затоа… Сè помалку, сè помалку… Ни значи… Кој нè закопчува… Кој нè откопчува…

ЧЕТВРТА СЛИКА

На сцената има поставена една клупа. На клупата спие клошарот Лорка. Кон него приоѓа Дудукот со голема улична метла.

ПОЈАВА ПРВА

ДУДУКОТ И ЛОРКА

ДУДУКОТ (*го трга клошарот Лорка*): Стани бе! Стани! Ај Стани! (*Лорка се проsева*)… А бе не спие секој нилски коњ што се проsева! Стани, бе!

ЛОРКА (*полека се буди*): Што бе... што? Ги измете лошите соништа на ноќта... и сега... сакаш и мене, а!?

ДУДУКОТ: Ајде!.Ајде! Тоа што ноќта го крие, го открива денот, а...такви кошмари како тебе не се за на сонце!

(*Одеднаш Дудукот се закашлува и тој почнува силно да кашла, губејќи го здивот. Седнува на клупата до Лорка*)

ЛОРКА: Астма?

ДУДУКОТ: Па нема кој не ми го крати здивот... (*кашла*)... а бе... понекогаш го губам камчето од под јазикот и занемувам среде sверови облечени во човечки кожи... (*кашла*)?

ЛОРКА: И?...

ДУДУКОТ: Што... И?

ЛОРКА: Па... те фати астма!

ДУДУКОТ: И тебе ќе те фати за гуша, ако не станеш... Знаеш ли што сеир ќе има овде...

ЛОРКА: Што, бе?

ДУДУКОТ: Ќе се збираат...ете што?

ЛОРКА: Кој, бе?!

ДУДУКОТ: Како кој? Сите! Сите, бе, сите! Пак ќе бидат, ќе се соберат заедно... Ете - на конгресот во хотел „Промаја-соба ведро небо“. Доаѓаат од сите страни, оти ги вика газдата.

ЛОРКА: А газдата...е изгледа остарел веќе ко оној стар лав.

ДУДУКОТ: Каков стар лав, бе, будала!

ЛОРКА: Оној бе... штрбиот...не може веќе сам и му требаме!

ДУДУКОТ: Рече „му требаме“... Ти, бе... Случајно да не мислеше и на себе си?

ЛОРКА: Јас... ами како... Откако му потонаа сите лаѓи... мислам и бродови и кајчиња и гондоли и лотки... па и лаги - како лаги со опашки, сѐ повеќе му требав и јас...

ДУДУКОТ: За медитација... или за пиење... пијандуро една?!

ЛОРКА: А бе што се пропи... тој или јас... Се пропивме, ама и тоа помина… Сега настапува големото трезнење. А бе… ко две риби во иста тава сме и не се знае кого повеќе го печи… А бе се случуваше да сме нацицани како земја и… од земјата да не можеме да станеме, ама сега…сега…

ДУДУКОТ: Сега дојде време и оловото да ви заплива, а не и сламата да ви тоне…тоа сакаше да го речеш…

ЛОРКА: Токму така…сега…сега…

(*Во тој миг на сцената влегуваат десно-оув и Устата. Устата е уште повеќе нагиздена од првиот пат. Дудукот излегува од сцената*.)

ПОЈАВА ВТОРА

ЛОРКА, ДЕСНОУВ И УСТАТА

ДЕСНОУВ: Е сега да немавте нос и трева ќе пасевте… А бе, клошар, зар не гледаш дека од хотел на клупа со нашето големо јас, паднавте,... од ведро небо ни ко гром ни во коприви, туку в кал со Носот удривте…

ЛОРКА: А од кај знаеш ти? Кој ти шепна или поточно каде слушна или дочу или…

ДЕСНОУВ (*го повикува со показалецот*): Дојди да ти шепнам… (*Му шепоти.*)

ЛОРКА (*изненаден*): А бе ај! Не бе…Тоа не е можно... Јас-јас!.... Не, бе, не е можно! А бе јас навистина сонувам, ама отсекогаш мојот сон бил мојот џелат и ме повредувал мене самиот!

(*Во тој миг на сцената влегуваат Дудукот, Левоок и Десноок.*)

ПОЈАВА ТРЕТА

ДУДУКОТ, ЛОРКА, ДЕСНОУВ И УСТАТА

ДЕСНОУВ: А колку пати си се запрашал дали овие две очи некогаш ќе се сетат дека истовремено живееш во нив поделен од сопствениот нос?!

ЛОРКА: А бе за нив не знам, ама за мене знам дека никогаш не сум бил цела капа човек…и никој за мене не рекол…

ЛЕВООК: Дека човеков *(покажува кон Лорка*)…. дека човеков има карактер и дека карактерот му е како челична конструкција што ја држи неговата прекрасна личност во која има место за цел станбен блок…

ДЕСНООК: А камоли за нас - две сироти очи сал…

ДЕСНОУВ: И едно уво!

(*Одеднаш на сцената дотрчува и лев-оув*)

ЛЕВОУВ (*кон Десноув*): Како, бе, само едно, зар со едно се бидува човек?!

УСТАТА (*влегува бесно на сцната*): А без уста, бе, немтури, зар немата тишина сакате да бидете, суртуци?!

(*Носот исто така како од магнет е привлечен. Сите заедно на сцената стануваат еден круг од елементи на лице кое што*

полека почнува да се стеснува и во мигот кога ќе се собере на сцената екнува смееење.)

НОСОТ: Е без мене…без мене… ете слободно можете трева колку што сакате да пасете…

ПЕТТА СЛИКА

Истата сцена само ноќе. На сцената е лева рака пред една икона со Богородица со кандилце. Не гледа дека од друга страна е Носот. Лева рака се моли пред иконата и краде пари пред кандилцето.

ПОЈАВА ПРВА

ЛЕВА РАКА И НОСОТ

ЛЕВА РАКА (*додека ги зема парите*): Прости ми, Богородичке, имам деца за хранење!

НОСОТ (*зад иконата со Исус*): Остави ги парите, апашано една!

ЛЕВА РАКА (*како кон иконата со Исус*): Доста, бе, копиле! Не те прашав тебе!

НОСОТ (*луто*): Копиле! Кому, бе, ти копиле, апашиште едно, сега ќе ти покажам! Кажувај каде да те носам: во полиција или пред „Газдата“?! (*Го фаќа за раката иму ја свиткува одназад.*)

ЛЕВА РАКА: А бе змија или магаре…ама за змијата има серум, а од магарето…ооох…освен болката и срамот е голем! Ај води, води ме кај „Газдата“.

(*Додека тие се распрваат, на сцената влегуваат и Левоок и Десноок и тие се раскарани.*)

ПОЈАВА ВТОРА

ИСТИТЕ И ЛЕВООК И ДЕСНООК

ДЕСНООК: Е сега конечно ќе се пресметаме!

ЛЕВООК: А со што, бе, братко?!

ДЕСНООК: Со дигитрони, ете со што! Ај кажи ми, те молам, колку греди досега ти влегле в зеница?!

ЛЕВООК: Ниедна како онаа од пред малку! Нашиот пресветол, неговото височество, нашата лична заменка, нашиот Крал Сонце - нашиот Луј... Шеснаесетти…да падне толку ниско… да стане и остане Лорка Клошарот!

ДЕСНООК: Знаеш што? Повеќе ќе поверував ако ми речеше дека кога ќе ни ги покачат платите ќе имаме и кодекс на облекување, а не само на однесување!

ЛЕВООК: Немој само да речеш дека се чувствуваш како радио… Кога сакаат ќе те вклучат, иако сите што те виделе целото ко ларва завиткано во прашина, мислат дека одамна си исфрлено од употреба…ама ти, верувал –не верувал со свое око ..

ДЕСНООК: Со левото!

ЛЕВООК: Со свое – лево око видов дека оваа година Лорка е нашето големо его!

ЛЕВА РАКА (*слушајќи го сево ова*): Лорка…ех.ха-ха-ха-ха… Ооф…леле…егото можеш да му го мериш од врвот до дното на чашата…(*кон Носот*) Добро, добро, ај носи ме кај него кога тој газда ни станал!

НОСОТ: А бе тој бил сега… ама… не за долго… (*обраќајќи се кон Десноок*) Десноув слушнал дека тој е само ...мамка… привремено…за да види какви сме кога не ни се сите овци на број.

ЛЕВА РАКА: Мислиш… сите даски!

ПОЈАВА ТРЕТА

ЛЕВА РАКА И НОСОТ

(*Во тој миг на сцената влегуваат и улицата и ветрот. Ветрот се движи околу улицата и фиука како палаво дете. Во еден миг ја фаќа под мишка и доаѓаат на средина од сцената како господин и госпоѓа*.)

УЛИЦАТА: А бе само бистар човек може да мати... па и да нема некоја даска.

ВЕТРОТ: О моја мадам…тесно. Тесно ни ја кројат, од тесно на потесно… Уште малку и на пелени ќе нѐ вратат… Проблеми колку што сакаш... А колку пати му велев на „Газдата“ да биде како јас - лесен прелесен, слободен, да патува насекаде со куфери полни со облаци и дожд, да се свртува во ветрушка и да се врти, да

се врти сè до сонцето, со лесни крилја ко птица да се лула на небото и…

УЛИЦАТА: ...да биде улица еден ден со полна уста џагор и весели луѓе и…

ВЕТРОТ: Да се сопне од првиот питач, од првиот џанки-дилер и…ај доста…нека си го човечето. Ќе се прибере и пак ќе биде повеќе од една лична заменка Јас којашто секој може да ја употреби, да се исекне како Носот-Јас.

УЛИЦАТА: Да се почеша како Увото-Јас со Прстот-Јас… и да се убедуваат… да се убедуваат кому поубаво му било: на прстот или на увото…

ПОЈАВА ЧЕТВРТА

ИСТИТЕ И СЛЕПИОТ ХАРМОНИКАШ

(*На сцената влегува еден слеп хармонкаш. Тој носи црни наочари и свири на хармоника. На сцената се слушааат звуци од хармониката додека светлото полека се гасне*)

ШЕСТА СЛИКА

На сцената се Ветрот, Лорка и Лева Рака. Ветрот му говори на Лорка, но Лорка не го гледа и сето тоа се претвора во своевидна монодрама.

ПОЈАВА ПРВА

ВЕТРОТ И ЛОРКА

ВЕТРОТ (*кон Лорка*): Уште одамна… како една чудна идеја ти дувам низ мислите…Фиууу… (*се слуша ветер на сцената*)… И ти помагам да не се чудиш зошто сè ти бега од рацете… Фиууу !!!

ЛЕВА РАКА (*врзана е со лисици за раката на Лорка*): Градот има многу клучеви како овој за мене или како оние за тебе, оној за молчење или оној за кошмари...)

(*Додека Лорка се врти наоколу, ловејќи го внатрешниот глас (со него се врти и Лева Рака), а на сцената доаѓаат и Левоув и Десноув*).

ПОЈАВА ВТОРА

ИСТИТЕ И ЛЕВОУВ И ДЕСНОУВ

ДЕСНОУВ: Слушајте, денес има само еден клуч…

ЛОРКА: Каков клуч?

ЛЕВОУВ: Клучот на будилникот…

ДЕСНОУВ: Што денес се нарекува аларм!

ЛЕВОУВ: Зашто животот денес е еден голем аларм!

(*Одеднаш на сцената се слушаат звуци од будилници што звонат со најразлични звуци*.)

СЕДМА СЛИКА

На сцената со жиците за сушење алишта се Лорка и Филозофот Крпено Лице. Независно еден од друг тие се движат како роботи и говорат две посебни реплики во една полифонија – наизменично.

КРПЕНО ЛИЦЕ: Ужасно… ужасно се плашам... дали, дали жестоката ми крв…жестоката ми крв… одеднаш, одеднаш ќе стане… доволно, доволно… префинета и нежна, нежна… за да помине, да помине… и низ, и низ… најтенкото, најтенкото нервно влакно… толку… толку колку за уште малку, за уште малку љубов…малку љубов… без да ме убие, без да ме убие…

ЛОРКА: Понекогаш
Жонглирајќи со црвени крвни зрнца
Од прстите ми истрчува
Сурија човечиња
И јас и тие
Пасионирано се усовршуваме
Тие
Да не падне крв
Врз хартијата
Јас
Рамномерно
Челичејќи го тактот на срцето
До колосална занеменост
Среде крвожедна публика

Каде седи и Таа

Мојата драга
Гневна, бесна
И одамна свесна
За мојот невоздржан порок
Да си играм
Самиот
Со себе си…

(*Додека и двајцата ги говорат своите монолози, тие полека соблекуваат делови од својата облека. Кога завршуваат, под нивните кошули се откиваат маиците на коишто пишува - кај Лорка: „Син“, а кај Крпено Лице: Божји“. Ефектот се постигнува кога во еден момент тие заедно, еден до друг, се свртуваат кон публиката, а публиката им го чита заедничкото име: „Син Божји“*)

СОГЛЕДБИ

Васил ТОЦИНОВСКИ

УДК 821.163.3-31.09

Нејзиното височество љубовта

Трајко Огненовски. 2020. Виножито на вљубените. Скопје: Панили

Романот *Виножито на вљубените* од Трајко Огненовски (1939) претставува пријатно книжевно изненадување. Негов потписник е бележит и почитуван универзитетски професор, автор на осумнаесет стручни и научни книги и на околу четиристотини трудови презентирани на научни собири и симпозиуми во земјата и во странство. Во традицијата и континуитетот на современата македонска книжевност со своето прво белетристичко дело и тоа со најсложената литературна форма, Огненовски се посведочува со искуството и секако дарбата на своите осумдесет и една година. Пример што сам по себе како споредба нѐ упатува на судбината на Стале Попов, еден од најчитаните македонски автори. За тема авторот ја одбрал најстарата и сеприсутна љубов како мисла и смисла на човекот, животот и светот. Насловот точно упатува на творечката тенденција за приказна на вечно вљубените одбрани како најдостојни и најзаљубени во минатите, сегашни и идни времиња. Оттука тие и ќе бидат *намилосрдни во одбрана на својата љубов*. Вечно вљубените Кристина и Александар се стожер околу кој се преплетуваат сите други настани и случки, ликови и карактери како дорекување/дообјаснување на општочовечките, универзални димензии на егзистенцијата. За младите и вљубени учители животот е вечна борба и тој треба активно да се користи/употребува до последен здив. Тие се огледало на сѐ она околу нив, на другиот и другото со намерата да се биде свој на своето. Како се справуваат со глутниците лицемери, лажговци, интриганти, душмани, предавници или со еден збор со човековата себичност и самодопадливост. Во тешките и мачни денови таа без двоумење прифаќа оти: *Ќе се борам со никаквите, ќе си ја задржам честа и достоинството... си мислеше Кристина*

и ги бришеше солзите.“ Нејзините колеги беа нафрлени врз неа како шакали, но беа изгрубени и физички нападнати. Кристина враќаше мило за драго. Пожестока е суровоста на Александар со себе и со другите. *Можеби и нема да дојди, ти на една страна, а јас на друга; ти во туѓа прегратка, а јас оставен на страна да гледам љубовна идила, исполнета со прегрнувања, бакнежи, милувања, проследени со ироничен подбив кон мене... Александар страдаше од сомневање и пресилна љубомора, одејќи во провалија*.

Романот е структуриран во пет дела. Хронолошки се проследуваат/романизираат животните врвици на Кристина и Александар. Секој дел истовремено може да постои, да се чита и како посебна/заокружена целина со сопствени време и простор (лирски роман, расказ, новела, повест). Првиот и најобемен дел, стр.86, претставува темелник на приказната за единствените по вљубеноста млади и убави учители во битолско село оддалечено трисетина километри од градот. Станува збор за своевидна химна составена од многубројни идилични слики и состојби, возвишени идеи и идеали кои ги воспеваат мислите, чувствата, соништата и копнежите од чии извори потекуваат мед и млеко. Секој збор и реченица ја составуваат нагласената лирска поема за љубовта што го пресоздава субјектот во себедарување на другиот без притоа да се помисли/побара возвратена мера за таа и таква постапка. Користејќи го дијалогот за испис на сите чувства, мисли и пораки/поуки Огненовски вешто ги користи познавањето и искуството од неговата приврзаност кон фоклорот, составувајќи љубовна драма со немерливите едноставност и совршенство што му ги открила поетиката на македонската песнопојна традиција. Безимениот народен гениј едноставно длабоко навлегол во мислата на авторот што ги пополнила тематските и естетски вредности во магијата од боите на суницата. Кога сè во животот би било така или според желбата и замислата на единката, животот не бил тоа што е, туку би се престорил бајка. А таа не постои во ниту еден миг од постоењето на светот и векот, туку во човекот не по тоа што ќе го каже гласно, туку по нештата кои ќе бидат препознаени и премолчени.

Во спротивставувањето или во противречностите како мозаик на егзистенцијата се и болката и тагата, падот и поразијата, победите и поразите на човекот во борбата да се биде и постои во еднаш дадениот живот. Наспрема сонот/сонувањето во другите делови на романот *Виножито на вљубените* критички се слика општествената реалност во која се политичките икони од една и безличниот или безгласен колектив од друга страна на социјалистичкиот систем кој како и секоја политика е диктатура. Во неа татни и јурее возот без возен ред и одењето на Александар во Југословенската народна армија за да потврди оти најубава на светот е татковината и затоа онаа заклетва *сè за родината* (дел втори). Години исполнети со сопствена етика и естетика во која ја нема категоријата во која само слободниот човек е среќно битие. Александар го исполнил татковинскиот долг и во август се враќа од војска. Тоа лето на 1963 година, стапува во брак со Кристина која нешто подоцна стигнува во душевна болница (дел трети). Животот е вечна река, непресушен додек и носи нови/поинакви вредности. Дел четврти како фрагмент од *Виножито на вљубените* ја исполнува приказната за животот во Белград, неговото запишување на Воената академија и нејзиниот почеток на студии на Медицинскиот факултет, а семејството во тој период го збогатиле како немерливо богатсво синот и ќерката. Минале денови, недели, месеци и години, пролетал животот и сè како вчера да било. Во завршниот дел пети, долгиот трнлив пат се извишува до ѕвездите; Кристина и Александар се доктори со меѓународен углед и почит, а тој бил именуван за амбасадор во една од скандинавските земји. Преобразбата е целосна на ликот и карактерот, времето и просторот. Зборот останал знак за дорекување. Приказната неминовно има и почеток и крај. Единствени по вљубеноста два дена по упокојувањето на Александар, во вечниот дом кај него си заминала и Кристина.

Романот *Виножито на вљубените* од Трајко Огненовски е читливо и интересно дело кое читателот не го остава рамнодушен. Едноставноста, а тоа ја подразбира убавината или поточно естетската вредност на книжевниот труд поаѓа од непресушните традиции на усната литература во изборот на зборовите и нивното

редење, јасната и чиста мисла, искреноста на пораката и честитоста на поуката и само така можат да се користат преубавите и неповторливи бои на суницата. Писателот делото го создава како проект и токму со таа намера се определува приказната или поточно романот да биде посветен на двајцата млади и убави, и лудо вљубени Кристина и Александар. Добрата мисла е огледало во кое се перцепираат и се одразуваат галерија од ликови и карактери кои ги дефинираат димензиите и вредностите на егзистенцијата од која како траен, неуништив аргумент не се зборовите, туку делата по кои ќе се прикажуваат луѓето и времињата. Од родното огниште, од сопственото дрво и земја на животот, родниот камен, домот и семејството, јунаците на Огненовски во борбата со самите себе се превоспитуваат и пресоздаваат со мајчиниот збор како сопствена идентификација во светот со универзални димензии и значења. Народната поука оти најнапред треба да се почитуваш и сакаш себеси и дури потоа со тој и таков резултат да се љуби светот, е помисла што ни се наметнува како авторска одредница на Трајко Огненовски во создавањето/испишувањето на романот *Виножито на вљубените*. Би додале и призавршуваме со мислата оти дарувајќи им го ракописот на читателите ја остварил сопствената желба да потшепне и да не се заборави оти е убаво/возвишено да се биде човек и да се љуби.

Гордана СТОЈАНОСКА

УДК 821.163.3-93-1.09

Портокалот – човече, животинките и розовите соништа на малата Деницијa

Еден од најубавите начини да се зачува детето длабоко во нашата душа е пишувањето на детската поезија. Излетот во детскиот свет организиран на овој начин е тежок потфат за секое писателско перо, затоа што тој свет изобилува со невина љубопитност, игривост и наивност и има соколово остро истражувачко око кое со крајна воодушевеност го учи светот. Да се дофати сето тоа и да се стави на хартија бара од авторот и самиот да биде/да стане дете. Лирската песна за деца е карактеристична по својата совршена ритмичка организација, а сè со цел да го привлече и задржи детското внимание и да го предизвика детето да ја запомни. Исто така, иако станува збор за лирика, детските песнички најчесто кријат некаква приказна, нешто коешто го опишува тој чудесен свет на нивниот интерес, ја предизвикува нивната љубопитност и буди желба за нови откритија. А кога детето е на мала возраст, речиси сè е ново, речиси сè претставува предизвик. Посебна димензија е педагошката и дидактичката вредност на овој вид на поезија. Покрај тоа што е интересна и забавна за децата, таа треба на еден притаен и ненаметлив начин да ја пренесе својата суптилна порака до детските мисли и срца. Тоа е еден прекрасен спој на информација и емоција преточен во зборови кои долго се паметат. Повеќето од нас сеуште можат наизуст да ги изрецитираат првите песнички кои ги научиле од своите родители и прародители и во првите години кога тргнале на училиште. Заедно со таа емоција која потсетува како е тоа да се биде дете кое се впушта и го учи светот околу себе.

Книгата поезија за деца „Портокаловото човече“ на авторот Златко Жоглев ги има сите овие квалитети. Таа се состои од пет подолги песнички: Портокаловото човече, Маченцето Љубица, Лисичињата, Трите волшебни мачиња и Буфчињата. Исто така,

оваа книгичка е илустрирана на несекојдневен начин. Имено, таа содржи седум илустрации кои всушност се цртежи нацртани од малата Деницијa, внуката на авторот. Тоа е книга која изболува со разиграност, фантазија, светлина и љубов. А, кога сме веќе кај љубовта, неа ја има во сите можни димензии и форми:

На прво место, љубовта кон животинките: „Такво е мачето наше Љубица/покриено со крзно бело,/тоа е слаткото миленичe/на нашето семејство цело“ (Мачeнцето Љубица).

Потоа, љубовта кон децата: „Црвеното и синото маче,/волшебни се тие двете,/и можат да му помогнат/на секое малечко дете“ (Трите волшебни мачиња).

И на крај, љубовта на дедото Злате и бабата Весна кон саканата внука Деницијa: „Нашата мила внука/Деницијa побарала тука,/од нејзината баба Весна/Да ѝ испее една песна“ (Портокаловото човече).

Уште на корицата се сретнуваме со Портокаловото човече, славната задругарска изработка на малата Деницијa, баба и дедо, приказната отелотворена во неколку вообичаени предмети и еден портокал кои на магичен начин се претвораат во омилена играчка: Предложи човече/ да се направи/ и во чаша црвена/ портокал стави (Портокаловото човече). Неколку потези со моливче кои на портокалот му даваат лице, две чашки и една хартиена слафетка, сведочат дека во светот на фантазијата обичното за децата брзо добива нова и забавна димензија.

Мачeнцето Љубица е песничка во која се опишува пријателството и љубовта на малите деца и малите животинки кои се разбираат на начин кој за возрасните најчесто е недофатлив. Па така мачeнцето дозволува Деницијa да ја гали за мустаќите и да ја тегне за ушите и најчесто не се знае кој е попалав: мачето или девојчето: Таа дава Деницијa/ во скутот да ја стави,/ па ѝ дозволува/ што сака да ѝ прави (Мачeнцето Љубица). Не изостанува ниту описот на мачето, описот на неговата секојдневна рутина, што тоа сака да јаде и со што најповеќе сака да си игра. Па покрај тоа што со мачето може да се тркала и да скока и да лудува, девојчето може и да научи сѐ што е потребно за домашното животинче.

Лисичињата ги поучува децата дека не смеат да лажат и крадат и да прават какви било други лоши дела. песничката на извонреден начин ги упатува на одговорноста доколку направат нешто такво. А лисичињата сакаат пиленца за да се сладат со нив. Тие се убави, со црни носиња, богати и раскошни опашки, кусички и тенки ноџиња и начулени ушиња: Лисичињата итри, убави и/ слатки,/ си имаат ноџиња, тенки и/ кратки (Лисичињата). И овие убави крадци на пилиња подеднакво ѝ се мили на Деницијa. Таа ги сака и во кусите зимски денови сака да слуша за нивните неподопштини.

Убавите и непознати земји во кои царуваат трите мачиња – едно црвено, едно сино и едно бело, се откриваат во песничката Трите волшебни мачиња. Секое си има свои моќи и секое е расположено да им помага на малите дечиња во миговите на страв, тага и болка. Тие постојат за тоа, да испратат оган кога е студено. Да испратат здивка ладно ветре и голтка студена вода кога е многу жешко. Да испратат играчки и сказни кога владее тагата и насмевката си заминала. Да го пронајдат изгубеното, да ги сакаат своите блиски и да градат пријателства со сите дечиња. Да, и тоа е потребно за едно дете да биде среќно! Длабоко во себе да знае дека тие светови во кои волшепствата се живи – постојат и дека ако ја поддадат раката, ќе има кој да ја дофати: Во земји непознати и чудни/ мачињата децата ќе ги водат,/ и кога спијат и кога се будни/ и со нив заедно секаде ќе одат (Трите волшебни мачиња).

Како треба да изгледа едно големо и среќно семејство, прикажува песничката Буфчињата. Тоа има сѐ што им е потребно на дечињата. Мудри баба и дедо кои се сезнајни и преполни со различни приказни и сказни и тие се оној топол и сигурен дел од домот во кој тие се прибираат и бараат заштита. Потоа мајка Буфка и татко Буф кои се грижат дечињата да имаат храна, но и да научат како самите да ловат/да си обезбедат храна и со тоа ги подготвуваат за животот. И се разбира, тука се батко и дада, весели и палави дечиња кои безгрижно растат под будното око на повозрасните. Покрај својата забавна димензија, песничката всушност на едноставен начин ќе ги научи децата на функцијата на секој член на семејството и неговото значење. Секако тука не

изостанува ниту описот на ноќните птици, информацијата со што се хранат и каде живеат.

Значи, оваа мала книшка на авторот Златко Жоглев е проникната со многу воспитни елементи кои на ненаметлив и вонредно интересен начин поучуваат за тоа како едно добро дете треба да се однесува кон светот кој го опкружува. Тие пораки се повеќеслојни. Песничките го третираат односот кон животинките и фактот дека секогаш на љубовта треба да се одговори со љубов. Го прикажуваат одразот на убавината и топло препорачуваат таа да се чува и да се развива. Пеат за сигурноста на семејството кое секогаш е тука за да ги поддржи и помогне своите членови. Песничките учат на креативност и укажуваат колку е големо задоволството од творењето. Како што веќе споменавме, тука е и описот на изгледот на животните, без оглед дали тие се домашни, диви или доаѓаат од светот на фантазијата:

„Една лиска голема/со опаш под колена,/едно лисиче слатко/со опавче кратко“ (Лисичињата).

„Буфчињата нека бидат,/живи и здрави,/тие ќе пораснат големи/– јунаци, прави (Буфчињата).

„Требаше на човечето/коса да му се стави,/па дедо Злате од хартија/и коса му направи“ (Портокаловото човече).

Песничките се напишани со ритам и рима и со едноставен, но живописен јазик, токму онакви какви што ги сака увото на едно дете. Изобилството на демунитиви и хипокористики ги прави дури уште повеќе пожелни. Верувам дека секое дете кое ќе ја прочита ќе посака и само да го направи портокаловото човече, да си поигра со мачето Љубица и лисичињата, да го види макар за миг буфовското семејство и да сонува за тробојните мачиња.

Всушност, книгата е роденденски подарок за малата Деницијa. Секако, секое дете би посакало за својот роденден ист роденденски подарок како овој, кој дедо Златко го посветува на својата внука Деницијa. Се надевам дека многу деца покрај Деницијa ќе уживаат во убавите песнички на дедо Злате. И, се надевам, дека ќе имаме уште многу збирки со песнички кои ќе следуваат после оваа.

Златко ЖОГЛЕВ

УДК 821.163.3-1.09Конески, Б.
УДК 821.163.3-1.09Силјан, Р.

Македонската народна традиција во поезијата на Блаже Конески и Раде Силјан

Вовед

Во овој труд се анализира поврзаноста на македонската народна традиција и поезијата на Блаже Конески и Раде Силјан.

Придонесот на Блаже Конески за македонскиот јазик и македонската поезија е накратко презентиран на почетокот од првиот дел.

Во текстот, исто така, се врши доминантно квантитативна анализа на поврзаноста на народната традиција и поезија, со поезијата на Конески и на Раде Силјан, посебно за експлицитна присутност на термините/топосите храм (црква, манастир итн.), ангел/и и молитва/молитвење. Притоа, во овој труд како основа за анализа се користат песните содржани во неговата книга „Земјата и љубовта“ (Конески, 1991), како и поезијата на Раде Силјан почнувајќи од „Третиот лик на времето“ (1975) до „Молитва за Македонија“ (2015).

На крајот, трудот завршува со куса компаративна анализа на поврзаноста на понапред-споменатите термини/топоси од народната традиција и поезија во песните на Блаже Конески и Раде Силјан.

1. Народната традиција и посебно народната поезија и поетското творештво на Блаже Конески

1.1. Поезијата на Блаже Конески е стожерна поезија за македонскиот културен идентитет. Таа стожерност, темелност и историска значајност е директно поврзана со македонскиот фолклор. Имено, Блаже Конески македонскиот фолклор, од една

страна го користи и како инспирација за црпење идеи за своето творештво, но од друга страна, како што вели Старделов (1991:6) тој „решително придонесе за сломот на фолклорниот маниризам и фолклорниот регионализам, присутен дотогаш во нашата повоена поезија“. Со тоа Блаже Конески придонел во средиштето на неговиот поетски опит да биде „синтезата на митот и реалното“ (Старделов,1991:7).

Ставот на Блаже Конески во врска со фолклорот и народната традиција, посебно кон народната поезија е длабокопочитувачки и позитивен, во однос на литературното (а посебно во однос на поетското) творештво. На пример, еве што пишува Конески во неговиот есеј “За поезијата”:

„Пред сè со усната народна поезија се одржуваше во нашата средина врската со генерациите преку поетскиот збор. ...Јас сум ги усвојувал во своето детство нашите народни песни, преданија и легенди на самиот извор на најблиската средина, со нивното својствено звучење. Јас не сум ги учел нив од книга. Подоцна сум користел во својата поезија многу мотиви од нашата орална традиција“ (наведено според Мојсова-Чепишева, 2007:33)

1.2. А неговиот придонес е и во тоа што успеал да покаже дека локалните и националните специфики на нашата народна традиција (македонскиот фолклор), посебно на македонската народна поезија, имаат во себе универзални општочовечки карактеристики. Така Блаже Конески, успеал локалното и националното од македонската народна традиција (македонскиот фолклор), транспонирани во неговата поетика, да ги издигне на повисоко ниво и да покаже дека имаат универзални вредности и карактеристики.

1.3. Влијанието на народната традиција кај Блаже Конески, може да се спореди како што било влијанието на Зборникот од браќата Миладиновци врз поезијата на Кочо Рацин, така и неговата поезија влијаела врз онаа на Конески. Начинот по којшто Рацин ја искористувал народната песна за своето индивидуално творештво, ни сведочи (Младеноски, 2012:5) дека таа му била често непосредна инспирација и дека некои свои работи тој ги почнувал

при самото читање на народни песни, уште опфатен од нивното звучење“. (Младеноски, 2012:6)

Во поезијата на Конески постои еден *структурен слој* што можеме да го дефинираме како *составен дел на македонската фолклорна традиција*. Неговата многупозната песна „Тешкото“ е инспирирана од истоименото старо македонско оро. И кај Конески, како и кај Рацин, ги среќаваме фолклорните постојани епитети (гора зелена, малој моме), но и словенската антитеза (во песната „Охрид“, на пример).

Меѓутоа, во поезијата на Конески најтипична е постапката на *актуализација на одделни мотиви и теми од македонската фолклорна традиција.* Како најкарактеристични во оваа смисла можат да се посочат следните песните од циклусот „Марко Крале“ .

На почетокот од секоја песна од циклусот „Марко Крале“ се дадени народни легенди кои функционираат како *хипотекст,* врз чија основа Конески ги гради неговите нови поетски содржини како *хипертекст*. Притоа, Блаже Конески, користи повеќе постапки како што се: актуализација, иновација, модернизација, осовременување на традиционалните мотиви од народната традиција итн. Значајно е што скоро сите песни на Блаже Конески, инспирирани од народните легенди и преданија имаат интертекстуални релации, како со поетските, така и со прозните творби на повеќе наши познати писатели како што се: Браќата Миладиновци, Кочо Рацин, Петре М. Андреевски итн. (Андоновски, 2009:141).

1.4.- Исто така како посебна инспирација во поезијата на Блаже Конески, поврзани со народната традиција и посебно со народната поезија, во овој контекст ќе бидат споменати и накратко разгледани и следните мотиви и теми: *храм (црква, манастир)*, *ангел/и*, *молитва* и др.

Главно темите од народната традиција што ги користи Конески во неговите песни се поврзани со градењето или уривањето на *храмови* (цркви и манастири). Така првиот мотив (градењето), дури и како хипотекст е присутен во песната “Марковиот манастир” (Конески, 1991:120-122), а вториот во

песната “Црква” (149-152). Во првиот случај, всушност градењето на калето е искористено како споредeн мотив, а централен мотив е гревот што бил направен притоа – смртта на седумдесетте деца. Како обид за искупување на душата за тој грев “Марко направи седумдесет цркви” (Конески, 1991:120). И во оваа песна Конески во хипертекстот, преку зборовите на Марко кажува: /*Направив манастир на скришно место/, да стои долго самотен/, да кажува некогаш за мене./* А потоа подетално ги опишува чувствата на Марко Крале и неговата средба со призраците, а во песната има интертекст со прикаската за Рахила, која плаче за мртвите деца (Конески, 1991:121).

Во песната “Црква”, имаме обратен мотив – уривање божји храм. Така и започнува поетот уште во првата строфа: */Нека е проклет часот кога ми кажаа/ дека се урива црквата во Небрегово!/* Притоа авторот укажува дека е врзан со таа црква со разни спомени од детството, па се до мигот кога разбрал за тој чин (уривањето). Таа заради сето што било поврзано со неа, за него била заветна црква. И бидејќи немоќен ништо да направи, тој пее: */јас кревам клетва/над часот што ми јави дека/се урива црквата во Небрегово./* (Конески, 1991:150).

Во контекст на храмовите како мотив, во оваа прилика ќе биде спомената песната “Минаре”(Конески, 1991:141) коешто е составен дел на исламските храмови – џамии. Конески со тоа покажува дека не е лимитиран во своето творештво од својата верска припадност (православен христијанин), туку дека тој е поет - “граѓанин на светот”.

Зборот *“ангел”* е еден од најупотребуваните во народната традиција и во народниот јазик и се користи во позитивна конотација за да означи лице кое има исклучително позитивна морална структура. Во книгата “Земјата и љубовта” (издание од 1991 година), во насловот има само една песна која го користи зборот “ангел”. Тоа е песната “Ангелот на Света Софија” (Конески, 1991:38), во која поетот укажува за негрижата за фреските по нашите манастири, проблем кој е и денес актуелен: */Но таа лика што се крие/ под малтерот на мојте гради/ и -*

утеха од дните млади -/ по убост како сестра ти е,/ не, нема мајстор да ја спаси,/ со мојот живот ќе се згаси./

"Молитва" е збор кој е неразделно поврзан со народната традиција и е многу присутен во народната поезија. Молитвата е всушност, нераскинлив составен дел од животот на народот, а се користи во секоја прилика кога се бара помош или спас од Бог. Во понапредспомената книга од Конески има две песни со ист наслов - "Молитва". Првата е натуристичка и во неа поетски е транспонирано одењето ноќе во шума, каде што има борови и треви, па завршетокот на оваа натуристичка молитва е логичен – се бара помош од земјата: /*Земјо, радост и' треба/ на една младешка снага./ Лекуј ме, лекуј, земјо,/ од немир темен и тага!/* (Конески, 1991:32).

За разлика од неа, втората песна е молитва во строга смисла на зборот, затоа што уште во почетниот стих се бара помош од Бог: /*Спаси ме Боже, од болните луѓе/ што се накажани ,/ та не се криви,/ нивната злоба умерено суди ја,/ самите од неа одвај се живи/.* Со оглед на тоа што не може да излезе на крај со таквите луѓе, кои /*се мислат дека се повикани да водат како Мојсија и другите пророци/* авторот на крајот моли: /*Дај, Господе, што помалку очите да им ги бодам,/ штом тие лево ќе фатат, јас десно да одам/* (Конески, 1991:153). Секако дека темата "молитва" во поезијата на Конески е присутна и во имплицитна форма во многу песни, иако ја нема во насловите на песните. Но, затоа повеќе во некоја друга прилика.

2. Народната традиција и народната поезија и поетското творештво на Раде Силјан

2.1. Раде Силјан е поет од четвртата генерација македонски поети, роден во 1950 година во с. Жван, Демир Хисар. Влезе во македонската поезија со книгата „Третиот лик на времето" (1975) и уште во насловот на книгата ја најави една од своите доминантни преокупации – топосот *време*. Тоа му е „опсесивна преокупација", како што истакнува нашиот познат поет, литературен критичар, универзитетски професор, академик и амбасадор Гане Тодоровски.

Кога се пишува за поетот Раде Силјан и за неговото писмо целосно се согласуваме со оценката на почитуваниот Гане Тодоровски дека: "Поетското писмо на Раде Силјан, ..., е самосвојно, автентично, едноставно, блиско по јазично-стилскиот израз до таканаречената *поимска поетика*, која како естетска определба и норма доминира во македонската поетска практика во последната деценија на XX век. Оваа доминанта би ја нарекле (доколку тоа не сме го сториле веќе) *блажеконеска поетолошка бразда* во современата македонска поезија" (Тодоровски, 1991:267).

2.2. Традицијата е длабоко присутна во поезијата на Раде Силјан и тоа најдиректно преку безбројните варијации на топосот *време*. А во однос на тие варијации, веројатно една од најинтригантните би можела да биде пресликувањето на времето преку *храмовите, ангелите и молитвите*. Во текстот што следува ќе бидат анализирани феноменалните и ноуменалните појавувања и присутности на понапредспоменатите термини (храмови, ангели, молитви) во поетските книги од Раде Силјан издадени од 1975 година до 2015 година. Значи, од "Третиот лик на времето" до "Молитва за Македонија".

2.3. Слично како и кај Конески, топосите од народната традиција што ги користи Конески во неговите песни се поврзани со градењето или уривањето на *храмови* (цркви и манастири). Најпрво ќе биде наведено во колку песни во насловите се појавува (експлицитно или имплицитно) терминот "храм" (манастир, црква). Во првата книга "Третиот лик на времето" (1975.) топосот храм се појавува експлицитно само еднаш и тоа во песната со наслов "Калуѓерката од нашиот манастир" и уште еднаш имплицитно во песната "Исповед на слепченскиот игумент" (при што се разбира овде станува збор за Слепченскиот манастир, од каде што е игуменот). Притоа во ниедна од споменатите песни не е присутен ниту топосот "градење", ниту топосот "уривање". Содржината на песните е персонално (во едната од страна на игуменот, а во другата од страна на калуѓерката) наративна, со метафизички и лирски конотации. Потоа, дури по цели две и пол децении во поетската книга "Гласот на предците" (2001.) во имплицитна форма се сретнува топосот *храм* и тоа во следните

две песни: „Светилиште во градот“ и „Се отворија дверите“. Значајно е што во вторава песна Силјан пее за огромното значење што го имале македонските манастири во описменување на населението:/ *Се отворија дверите/ Тивко прозборија светците// А нашите предци/ Од памтивека/ Танка свила/ Непрочитана книга// Во иконите/ Во темелите/ Во фреските/ Вистината ја скриле// Оттогаш/ За добро/ За арно/ Црквите и манастирите станаа/ Развеан бајрак за неписмените//* (Силјан, 1991, кн.2:39). Експлицитна употреба на зборот манастир се среќава дури во 2008 година во поетската книга „Врвови“ во песната „Кога го граделе манастирот“. Притоа, во оваа песна, Раде Силјан пее само за убавините што се случувале при градбата на манастирот: /*Кога го граделе манастирот/ Мажи четворни/ Молитви за здравје/ На сет глас кажувале/ Убавината на животот/ На небото ја раздавале// Кога го граделе манастирот/ од љубов кон светците/ Во фреските/ Во иконите/ Ѕидарите гороломни/ Тајни писанија ни оставиле//* (Силјан, 1991, кн.3: 147) Во оваа книга („Врвови“) има уште една песна каде што е експлицитно, во насловот, употребен терминот „манастир“. Тоа е песната „Карпинскиот манастир“, која е посветена на еден од најголемите познавачи на црквите и манастирите во Македонија/ Димитар Ќорнаков, кој неодамна почина. Поетот ја опева убавина во која се наоѓа манастирот: /*Тука само светците се будни/ А крадците на убавината/ Се најблиску до ѕвездите// Тука само птиците/ Се натпеваат/ Со планината/ Со тишината//... А рацете на Бога/ Во темелите водоврични/ Длабоко ја скриле/ Тајната на крстот//* Силјан, 1991, кн.3:168). На двапати во експлицитна форма (во насловот) се појавува зборот манастир во книгата „Завештанија“ (2010) и тоа во песните: „Полошкиот манастир“ и „Манастир“. Во првата песна поетот пее за убавините на Полошкиот манастир “Св. Ѓорѓи” (Силјан, 1991, кн.4: 129), а втората песна поетот Силјан со епска нарација ни укажува за закопаната историја на нашето минато време од страна на мајсторите, па */Сега никој не може да прочита/ што ни запишале наречниците//* (Силјан, 1991, кн. 4: 182).

Во книгата “Молитвење” (2011.) само еднаш и тоа имплицитно се среќава терминот *“црква”* и тоа во песната “Гласот

на Спасителот”. Таму поетот пее: //*Од другата страна/ На планината ветровита// Гласот на Спасителот/ Од црквите се слуша//* (Силјан, 1991, кн.5:22).

Најголем број експлицитни појави на терминот „манастир“ има во книгата „Молитва за Македонија“ (2015) и тоа во циклусот „Заветни песни“. Тоа се следниве песни: „Манастир во дивината“, „Слепченскиот манастир“, „Лешочкиот манастир“ и „Бигорски манастир“. Во првата песна, Силјан пее за закопаното вино на Димитар Ќорнаков во предворјето на Полошкиот манастир „Св.Ѓорѓи“: *Во темелите на манастирот/ Закопано азно/ Од жедни усни скриено// По многу непроспиени ноќи/ Ќе се јави гласот на човекот/ Што ги опеа црквите и манастирите// Потоа тивко ќе ги отвори царските двери/ И ќе ја натпее тишината на вековите/* (Силјан, 1991, кн.6: 140). Во песната „Кога го граделе Слепченскиот манастир“ поетот Силјан пее за една традиција при градење на манастирите, па така мајсторите /*Во темни агли/ Јагнешка глава зазидале//.* Пее и за уште една традиција: /*Кога го живописувале храмот/ Боите од небото ги позајмиле// Икони и фрески насликале/ Со главите на нашите предци//* (Силјан, 1991, кн.6: 142). Посебно е инспиративна песната „Кога го обновија Лешочкиот манастир” и поетот во неа користи извонредни метафори,/ *Кога го обновија Лешочкиот манастир/ Живите заборавија на своите сенки/ Низ сончев прстен погледнаа вековите//....,* па дури и хипербола на крајот од песната:/*Кога ги отворија портите/ Денот и ноќта рака си подадоа/ И од љубов кон ѕвездите/ Слепи воини прогледаа//* (Силјан, 1991, кн.6:143). Слично, како и во песната „Бигорскиот манастир“ која од сите претходно наведени е најкратка, но не и помалку квалитетна: /*Меѓу ѕвезди/ И ѕидини стари/ Со векови се крие// На тишината штура/ Крепител темел// Со ангели и светци/ Се гушка/ Мирно спие//* (Силјан, 1991, кн.6: 144).

2.4. Зборот „ангел“ е еден од најупотребуваните во народната традиција и во народниот јазик и се користи во позитивна конотација за да означи лице кое има исклучително позитивна морална структура. Кај Блаже Конески, како што е понапред наведено во книгата „Земјата и љубовта“ (издание од

1991 година), во насловот има само една песна која го користи зборот "ангел". Тоа е песната „Ангелот на Света Софија" (Конески, 1991: 38), од друга страна кај Раде Силјан зборот ангел и експлицитно и имплицитно е многу повеќе присутен во неговата поезија. Прво појавување во експлицитна форма на терминот „ангел" се сретнува дури во книгата „Врвови" (2008) во песната „Куќата на ангелите" (Силјан, 1991, кн.3:128). Следното експлицитно појавување на терминот „ангел" е во книгата „Блажена" (2012.) во песната „Крилат ангел" (Силјан, 1991, кн.5: 152) и потоа во "Анѓели и ѓаволи" (исто, стр. 181). Во вторава песна, на еден извонреден поетски начин со користење на анафора /*Ако анѓели и ѓаволи / На двобој излезат денес// Ако водата и огнот/ Се спријателат утре// Ако в зори лоша мисла/ ти го пресече патот/ Ако магли по твоето тело/ Почнат да лазат ноќе/ Ако небото и ѕвездите/ Се скараат во ниедно доба//* Силјан ја величи моќта на песната *Само песната твоја/ Ќе го надживее/ Ова чудно време//* (Силјан, 1991, кн.5: 181).

2.5. „Молитва" е збор кој е неразделно поврзан со народната традиција и е многу присутен во народната поезија. Во погорната анализа кога пишувавме за Конески, беше истакнато дека книгата „Земјата и љубовта" од 1991 година, зборот молитва (молитвење и сл.) експлицитно беше пронајден само во две песни. Кај Раде Силјан, зборот „молитва" (и нему сличните „молитвење" итн.) има многу поголема, како експлицитна, така и имплицитна присутност. Тоа може да се претпостави, затоа што е поврзано и со поголемата присутност и на термините „храм" (црква, манастир итн.). Но, да почнеме со ред. Првата песна со наслов „Молитва" кај Раде Силјан се сретнува релативно доцна, дури во 2007 година во книгата „Сенки на татковината" (Силјан, 1991, кн.3:79-80). Всушност, иако во оваа песна нема директна молба до Бог, преку нарација за тоа што прави и во каква состојба е неговиот ангел-чувар, индиректно упатува молба до Творецот: *Мојот ангел-чувар/ Човек-сенка/ Мојот двојник/ Со знаме од ѕвезди/ Бос по трње оди//* (исто, стр.80). Една година потоа, во книга „Врвови" (2008) се сретнува песната „Во куќата на ангелите" (Силјан, 1991, кн.3:128), а потоа и „Молитвење за Магна Матер" (исто, стр.181), во којашто поетот го

изразува своето почитување кон Големата Мајка, кој од дамнини била Божица на пролетта, симбол на плодноста и убавината. Поголем фокус врз молитвата како многу значаен топос во поезијата на Раде Силјан се сретнува најпрво во "Отворена книга" (2014.) каде првата песна која е и најдолга и е класифицирана како песна-циклус е насловена „Молитва за убав ден" (стр.7-10). Оваа песна според моја проценка е една од најубавите песни на Раде Силјан и веројатно заради тоа во една прилика почитуваниот Академик Матеја Матевски му рекол на Раде Силјан: „Раде јас би сакал да напишев ваква песна, но за жал веќе е напишана". Таа песна заслужува потемелна анализа, што сега нема да може да биде направена, но сепак ќе бидат наведени неколку строфи за да се види раскошниот поетски талент (и стилски, и ритмички и содржински) на Раде Силјан: *Љуби го лицето/ На утринското јаве/ И со зборови чедни/ Моли се за убав ден// Ми вели часовникот/ Што чука во моите гради// Љуби ја ѕвездата/ Што сјае на твоето чело/ И пред крст и кандило/ Ко додолка од старо време/ Моли се за плачно небо// Ми вели пилето/ Што пее со моите усни// Љуби го огледалото на ѕидот/ Друга слика што дава/ И место ѓавол/ Крилест анѓел/ Во тебе препознава// Ми вели сенката/ Што шета пред моите нозе...//* (Силјан, 1991, кн.6:7). Следниот показател дека Раде Силјан и дал многу значајно место на молитвата во неговата поезија е книгата "Молитва за Македонија" (2015). Цела книга, која во насловот го содржи зборот молитва! Поексплицитен показател – здравје! За имплицитната присутност на молитвата во поезијата на Раде Силјан, што е многу податлива и инспиративна тема за анализа, во некоја друга прилика.

(На)Место заклучок

Во текстот што е пред вас, беше направена една кратка анализа за присутноста на некои зборови (термини), топоси кои се присутни во народната традиција и во народната поезија, во песните на Блаже Конески и на Раде Силјан. Тие зборови се: храм (црква, манастир итн.), ангел/и и молитва/молитвење. Во оваа

прилика беше извршена доминантно квантитативна анализа, за експлицитна присутност на посочените термини/топоси во насловите на песните од понапред споменатите автори.

Се утврди дека сите тие термини се присутни и во поезијата на Блаже Конески и во поезијата на Раде Силјан. Притоа се покажа дека тие се експлицитно поприсутни во поезијата на Раде Силјан.

Блаже Конески беше и научник кој придонесе многу за создавање на македонската азбука, македонската граматика, речникот на македонскиот јазик и во крајна линија за оформување, развој и афирмација на македонскиот литературен јазик. Тој исто така беше и универзитетски професор, ректор на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“ – Скопје, прв претседател на МАНУ, прв претседател на ДПМ итн. Неговата поезија е стожерна поезија за македонскиот јазик и за тоа добил бројни признанија. Тој остави неизбришлива трага во македонската поезија.

А Раде Силјан, како припадник на четвртата генерација на македонски писатели/поети бил познат новинар, потоа уште попознат издавач и основач на реномираната куќа „Матица македонска“, Претседател на ДПМ и Претседател на Собранието на ДПМ во по неколку наврати, познат преведувач, редактор и антологичар и секако најважно од се - поет. За него поезијата не е професија (тоа му е издаваштвото), туку му е вокација. Тој не живее од поезијата, туку живее за неа.

Раде Силјан неспорно бил под влијание на поезијата на Блаже Конески уште од првите негови книги и како што напиша почитуваниот Гане Тодоровски, тој (Раде Силјан) со неговата *поимска поетика* изградил поетски норми и стандарди кои доминирале во последната деценија од 20-тиот век во македонската поезија, а тоа негово влијание може да се нарече *блажеконеска поетолошка бразда* во современата македонска поезија” (Тодоровски, 1991:267).

За други паралели и присутни топоси во поезијата на Блаже Конески и Раде Силјан, во некоја друга прилика.

ЛИТЕРАТУРА

Андоновски, Венко (2009) *Воскресението на читателот*. Скопје: Табернакул

Конески, Блаже (1991) *Земјата и љубовта*. Скопје: Култура-Македонска книга-Мисла-Наша книга-Детска радост

Младеноски, Ранко (2012) „Рациновиот дух во стиховите на Блаже Конески“. Зборник на трудови од XXXVIII Научна конференција на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура, одржан во Охрид на 14-15 јули 2011 година, Универзитет “Св. Кирил и Методиј”, Скопје, 2012, стр. 89-100.

Mladenoski, Ranko (2020) “Хипотекстот во поезијата на Блаже Конески”. Зборник на трудови од Петтата меѓународна научна конференција ФИЛКО (филологија, култура, образование), V (5). pp. 223-232.

Mladenoski, Ranko (2004) „Синтеза на фолклорното и современото во циклусот ‘Марко Крале’ од Блаже Конески”. Современост, 52 (1). pp. 64-76.

Мојсова-Чепишева, Весна (2007) *Мал книжевен тестамент.* Скопје: Македонска реч

Силјан, Раде (1991) *Избрани дела*, книга 1-10. Скопје. Матица македонска

Старделов, Георги (1991) „Предговор“ во книгата од Блаже Конески, *Земјата и љубовта*. Скопје: Култура-Македонска книга-Мисла-Наша книга-Детска радост (стр.5-20).

Тодоровски, Гане (1991) „Искултивирано лирско писмо” во: Силјан, Раде, *Избрани дела*, книга 1: 264-277. Скопје: Матица македонска

Јованка ДЕНКОВА

УДК 821.163.41-93-31.09

„Црната птица“ - симбол на надежта и љубовта кон животот и живеењето

Литературата за млади, сама по себе, е прилично нов жанр. Следствено, подемот на хорор литературата за младите е уште понов. Всушност, дури во доцните 80-ти години од минатиот век, хорор книгите почнаа да се појавуваат нашироко. Ова зголемување се совпадна со враќање на одредени жанрови на фикција, како што е романса, во секторот за млади возрасни[1]. Во адолесцентната фантастична книжевност, жанровите кои го карактеризираат паранормалното се приказните за духови, фантазијата и хоророт, иако во доцниот дваесетти век границите помеѓу овие жанрови и меѓу нив и реалистичната фикција станаа потечни, а наративите похибридни.[2] Преку овие жанрови, авторите ја воведоа и темата на смртта во детската литература, за која во почетокот постоеле контроверзни мислења. Имено, додека едни автори ѝ посакале добредојде, други биле, па и денес се поскептични, несигурни дали оваа тема припаѓа на детската книжевност, но сепак, со увереност дека ваквиот тип на приказни можат да го научат детето на некои животни вистини. Постоеле и такви автори кои свесно ја избегнувале оваа тема, сметајќи дека на темата на смртта не ѝ е

[1] Cart, M. (2001). From insider to outsider: The evolution of young adult literature. Voices from the Middle, 9(2), 95-97. (преземено од Rise of the Ghosts: A History of YA Horror Literature, By: Gabrielle Steffler, https://dalspace.library.dal.ca/bitstream/handle/10222/79217/YAhotline_984.pdf?sequence=1 , 09.03.2022

[2] John Stephens and Robyn McCallum, There Are Worse Things Than Ghosts: Reworking Horror Chronotopes in Australian Children’s Fiction, Book: Mystery in Children's Literature, 2001, https://www.researchgate.net/publication/305232186, 10.03.2022.

местото во книжевноста за деца и инсистирале дека задача на родителите е да го запознаат детето со неа.[3]

„Црната птица“[4] е дебитантски роман на младата авторка од Врање, Р. Србија - Александра Јовановиќ[5], студентка по драматургија во Белград, во издание на Креативниот центар, а насловната страница на книгата ја изработил Боб Живковиќ. Самиот тој факт кажува нешто за квалитетот, бидејќи Креативниот центар има многу високи критериуми за поддршка на домашен (српски) дебитантски роман за деца. Александра ја добила таа поддршка и не ја изневерила. Мотивот на тагата на ќерката за починатиот татко, кој бил уметничка душа, потсетува на ситуацијата од прекрасниот роман на Весна Алексиќ „Ловец на глуварчиња“, но овој автор му пристапил од поинаков агол.

Инаку, композицијата на романот е изградена низ 24 глави, во кои главен наратор е малата дванаесетгодишната Желба, која го загубила татка си во сообраќајна несреќа. Трагичниот настан се

[3] Carol Romero, Children, Death and Literature, Language Arts, Vol. 53, No. 6 (September 1976), pp. 674-678. https://www.jstor.org/stable/41404238, 12.03.2022

[4] Романот за деца „Црната птица“ од Александра Јовановиќ се најде на престижната книжевна листа „The White Ravens“, https://blog.literatura.mk/2021/10/13/crnata-ptica-na-listata-na-the-white-ravens-2021/, 07.03.2022

[5] Александра Јовановиќ е родена 1996 година во Врање, Р. Србија. По завршување на гимназијата„Бора Станковиќ“, таа се запишува на Факултетот за драмски уметности во Белград, отсек Драматургија, каде што дипломирала во септември 2019. Магистрирала на Факултетот за драмски уметности, на насока Драматургија. Некои од нејзините песни беа објавени во збирките во 2019 „Кипријанов кладенац“. Во зборникот од 2020 година, излезе расказот „Туѓи“, а истата година во издание на Креативен центар излезе и нејзиниот роман за деца „Црната птица“. Таа денес е докторант на Драматургија при Факултетот за драмски уметности во Белград, а неодамна ја доби на наградата Јанг Дис за нејзиното поетско творештво. „Црната птица“ е нејзинот прв роман.Таа иако е позитивна и динамична девојка, полна со живот ,ведрина и љубопитство напишала многу сериозна приказна опфаќи тешка тема – загуба на родителот.

случил шест месеци пред почетокот на дејството на романот. Нејзината мајка Наташа се обидува да го стабилизира животот по таа трагедија и да продолжи понатаму со детето за кое сега треба сама да се грижи. На помош е дојдена нејзината сестра Марија, тетка на Желба, чие присуство Желба го чувствува како товар.

Романот започнува со една фантастично мрачна сцена, сцената на сонот на Желба во кој како фон се слуша грозоморното чкрипење на рингишпилот: „Се спуштила магла, чудна и по малку страшна. Кога би можела да погодува, би рекла дека се наоѓа на гробишта. Во последните шест месеци речиси секој ден е таму“ (7)[6]. Желба чувствува дека е многу неправедно што не може да го прегрне својот обожаван татко барем уште еднаш, па упорно се обидува да најде начин да го направи тоа. Деновите ги поминува на гробиштата, всушност не пропушта ни ден да не помине од таму, особено зашто гробиштата ѝ се попат или: „...првото нешто што треба да се мине се гробиштата, малку потаму од нејзината куќа. Попрецизно, шестотини дваесет и еден чекор подалеку“ (15). Постои општа согласност дека постои одреден сет на емоции кои имаат тенденција да се појават кај деца кои доживуваат смрт на еден од нивните родители. Овие реакции вклучуваат несвесно, а понекогаш и свесно негирање на реалноста на смртта на родителот; еден скрининг на сите афективни реакции поврзани со смртта на родителот укажуваат на значително зголемување на идентификацијата и идеализацијата на мртвиот родител; намалување на самодовербата; чувство на вина; и постојани несвесни фантазии за постојана врска или повторно обединување со мртвиот родител. Овие одговори се смета дека укажуваат на избегнување на прифаќањето на смртта на родителот и потребата да се направи радикална реорганизација во особините кои му се даваат на посакуваниот предмет.[7]

---

[6] Александра Јовановиќ, Црната птица, Арс Ламина – публикации, Либи, Скопје, 2021.

[7] Menes, J., Children's Reactions to the Death of a Parent: A Review of the Psychoanalytic Literature. Journal of the American Psychoanalytic Association,19(1971):697-719, преземено од

Во сонот, Желба слуша непознат детски глас кој ја довикува, а огромната желба по татко ѝ, ја наведува на помислата дека тој е со неа: „Меѓу металните прачки здогледува темна силуета. Знае дека не е можно, дека тој не може да биде таа сенка што стои зад рингишпилот...Зошто сенката не се поместува? –Тато, ти ли си?“ (8). Во оваа воведна глава, авторката ни ја поставува сцената со некои од елементите кои ќе го водат дејството понатаму. Тука е звукот на лаежот на непознатото куче, кое подоцна Желба навистина го пронаоѓа како „жител“ на гробиштата и ќе го нарече Жиле, а овде е и белата хризантема, цвеќе кое се поврзува со мртвите.

Всушност, низ целиот роман се варира опозицијата: овде-онде/ваму-таму. Просторот овде/ваму е дефиниран како реалноста (светот на живите) во која живее Желба, со мајка си Наташа и тетката Марија, со најдобриот другар од раѓање – Лука, со просторот на училиштето, во кој Желба на сите им изгледа туѓа зашто се затвора во својот свет на тагата. Како реалистични одредници можат да се посочат и кучето Жиле кое Желба го сретнува при една од нејзините секојдневни посети на гробиштата, самата посета на татковиот гроб, средбата со Миќо – човекот кој е задолжен за грижа околу гробовите, прославата на дванаесеттиот роденден на Желба кој се наближува... Впрочем, романот и започнува непосредно пред прославата на роденденот на Желба, за кој таа нема намера да ги подели поканите кои мајка ѝ ги подготвила за соучениците: „Мама мисли дека треба да слави роденден, да се радува и да дува свеќички. Само што не разбрала дека нејзе не ѝ се слави без тато. И никој не може да ја натера“ (11); „Не сакам да славам без тато! И да знаеш, никој нема да дојде, затоа што никого не поканив!“ (27). Климан вели дека вината, лутината и анксиозноста се дел од тагувањето, затоа што децата честопати чувствуваат голема вина и замислуваат дека можеби тие на некој начин се одговорни за смртта на блиската личност.[8]

---

https://pep-web.org/browse/document/apa.019.0697a?page=P0714, 06.02.2022

[8] Kliman, G. Psychological emergencies of childhood, Greene and Stratton, New York, 1968.

Друг реален простор (овде) е таванот од куќата, местото каде татко ѝ често престојувал, но сега е претрупан со кутиите на тетка ѝ Марија: „Не ѝ беше јасно зошто тетка ѝ сè уште е тука. Дојде по несреќата за да им се најде, и сега никако да си замине. Можеби би можела да ја убеди дека куќата е опседната од дух. Тоа би ја избезумило“ (13); „Тие кутии ѝ создаваа огромен проблем, поголем дури и од присуството на тетка ѝ. ...Велеше, нека стојат горе, никому не пречат. Е па, пречеа. Затоа што таванот беше посебно место на тато, а сега нејзино. Таму тој седеше и свиреше со часови. А таа слушаше“ (20). На тој простор, Желба се чувствува најблиску до татка си, па затоа и постојано се обидува да свири на неговата виолина, иако безуспешно.

Овој роман многу успешно проговорува за една многу важна тема, за тагувањето кај децата и младите, а особено за релацијата деца-возрасни во тажни ситуации. Возрасните некако како да антиципираат дека децата не ги познаваат добро работите, или дека можеби нивната тага не е со толку големи димензии како онаа на возрасните. И во овој роман ја согледуваме таа дистанца меѓу децата и возрасните во односот меѓу Желба и нејзината мајка. За овој однос многу дознаваме од самата Желба, но и од зборовите на тетка ѝ: „Во суштина, мама беше иста, само што... Некогаш работеше во две смени. Некогаш работеше и во сабота. Некогаш не ја гледаше цел ден. А со неа зборуваше само околу нешта како што се ручек, појадок, вечера, спиење, дали ѝ е студено или топло и што треба да облече“ (20). Во домот, мајката и Желба ја губат комуникацијата, а драмата ја засилува присуството на тетката на Желба, сестра на мајката, која по несреќата дошла кај нив за да им биде при рака, но никогаш не заминала. Тој надворешен свет навистина не покажува интерес да го сподели копнежот на Желба за уште една средба со нејзиниот татко, а тој копнеж е длабок и многу проактивен. Во овој роман, Александра Јовановиќ ја сече детската тага на различни нивоа, сè до најмрачното - откажување од животот. „Црната птица“ е емотивна приказна која ќе им се допадне на сите љубители на финиот паметен хорор и нежниот психотрилер.[9] Факт е дека

[9] http://knjigoskop.com/crna-ptica/

смртта не може да се сокрие од децата. Родителот кој се обидува да го заштити детето од искуството на смртта, додава само збунетост и анксиозност во и онака тешкиот свет. Кога во семејството има починато лице, чувствата на возрасните членови на семејството се пренесуваат и врз децата на многу невербални начини, како што е експресијата на лицето, тонот на гласот, држењето на телото и сл.[10] Во текстот на Јовановиќ, ја гледаме мајката на Желба-Наташа, како преокупирана со работа, за да ја совлада и својата тага, се оддава на работата и како да заборава на тагата на Желба. Наташа се обидува да се однесува како и порано во секојдневниот живот, но нејзината грижа за Желба се сведува само на задоволување на нејзините егзистенцијални потреби, а изостанува комуникацијата, споделувањето на чувства за преживеаната трагедија, и разговор за надминување на тагата. Студиите на детските психолози Дајан Бекер и Фејт Марголин откриваат како преживеаните родители често се обидуваат да им помогнат на своите деца да се прилагодат на загубата на другиот родител со тоа што не ја споделуваат со нив реалноста на смртта. Додека сите родители во овие студии ги поврзуваат своите чувства на болка и загуба со своите врсници, таквите чувства ги сокриваат од нивните деца, што води кон негирање на реалноста/смртта и кај децата. [11]

Желба одбива да ја прифати реалноста во која го нема татко ѝ, па несвесно е привлечена кон местото на неговото вечно почивалиште каде разговара со него и копнее по него. Навистина е трогателна роденденската желба на Желба: „Сака да го види тато. Уште еднаш, макар на кратко. Само да го прегрне или да го праша нешто. Само едно прашање“ (33). Во едно атмосфера на „лажна веселост“ околу нејзиниот овогодишен роденден, за Желба е неподносливо седењето дома, па оттука нејзиното зачестено

[10] Vidal S. Clay, Children Deal with Death, The School Counselor, Vol. 23, No. 3 (January 1976), pp. 175-184, Sage Publications, Inc., https://www.jstor.org/stable/23903238 , 09.03.2022

[11] Sasser, T.M., Advent of Denial of Death in Children's Literature, Georgia Southern University. Electronic Theses & Dissertations.2018, Paper 166. http://digitalcommons.georgiasouthern.edu/etd , 07.02.2022

присуство на гробиштата. Таму, на почетокот ја придружува нејзиниот најверен другар Лука, кој му припаѓа на овој реален свет, и кој е свесен за тагата на Желба, но истовремено и се обидува да ѝ помогне: „Знам дека си тажна. Сите знаат. И тоа е нормално, навистина. Можеби и треба да бидеш тажна, уште некое време. Но, не можеш да се криеш меѓу споменските. Не е здраво“ (59). Како подарок за роденден, Лука ќе ѝ дарува црвена плетена белезица која станува важен реалистичен реквизит во подоцнежниот дел од дејството: „Во неговата отворена дланка имаше црвена плетена белезица, слична на оние против уроци. Имаше слушнато дека бабите носат такви, за да се заштитат од црна магија. Веруваше во клетви и дека постојат луѓе кои им посакуваат лошо на другите, но не и дека едно парче конец ќе ја заштити. Сепак, мораше да признае дека белезицата беше прекрасна“ (14).

Желба постојано се навраќа на минатото во кое се присутни спомените на таткото: „На нејзиниот претходен роденден сè беше целосно различно. Многу деца, смеа, голема овошна торта, тато свиреше виолина и раскажуваше страшни приказни“ (11). Тој е присутен и во нејзините соништа, се сеќава на танцувањето на родителите среде собата, на неговото свирење на виолината, а особено на приказната за малата црна птица. Иако делува застрашувачки, од оваа приказна израснува ликот и симболиката на црната птица:

„- Каква е таа птица, тато ?

Тато се насмевна.

- Малата црна птица сакаше да го допре небото. Но, никој не веруваше дека тоа е возможно. Другите птици ѝ се смееја,бидејќи ниедна птица не леташе толку високо. Но, малата птица не ги послуша.

- И? успеа ли ?

- А што мислиш ти Желбо?

Ја зеде виолината и засвири.“ (28)

Дел од тој реален свет е и кучето Жиле, чие присуство е најавено уште во првата глава, кога Желба во сонот слуша кучешки лаеж. Подоцна, и ќе го нацрта кучето кое никогаш

вистински не го видела, а кога ќе го сретне на гробиштата, веднаш го препознава, го носи дома и Жиле станува нејзин верен придружник. А на гробиштата, има уште еден жител, морничавиот Миќо, кој се грижи за одржување на гробиштата. Миќо како постојано да ја следи Желба, а всушност внимава на неа, па како и Лука, и тој ја советува: „Имам еден совет за тебе...Кажи ми, дали мислиш дека ќе се промени нешто ако доаѓаш тука секој ден? ...Во оваа доба можеш да го сретнеш само ѓаволот“ (36); „Пак ќе кажам, ова место некогаш влијае врз нас на начин на кој не би требало да влијае...Немој да дозволиш да те обземе...Запамети, духовите се моќни онолку колку што ќе им дозволиме“ (80-81).

Другиот свет е оноземскиот свет (светот на мртвите), свет кој егзистира на гробиштата и се појавува заедно со појавата на момчето-дух по име Вук. Таму и Желба го запознава осаменото момче Вук, поточно дете-дух кое по својата смрт не продолжило кон светлината, кон другиот свет. Еве како е предаден неговиот портрет: „Пред неа стои момче, со бело лице и темен поглед... Гласот му беше некако мек и топол. Го погледна од глава до петииц. Беше на нејзина возраст, можеби постар една година. Најчудно на него беше облеката. Маица со кратки ракави во избледено жолта боја, со ликот на којотот, и летни бежови бермуди“ (39, 43). Така, тој сè уште се движи на границата на светот меѓу живите и мртвите. Единственото место на кое егзистира овој ентитет се гробиштата. Желба е необично привлечена од гласот на Вук, кој ја повикува на дружба, особено зашто и самата го отвора преминот кон оноземскиот живот, со помош на хризантемите: „Поради некоја причина, гласот не ѝ звучеше страшно, затоа што беше детски. А веројатно нема да се плаши од некој на нејзина возраст...Гласот стана нежен, речиси галовен“ (22). Вук (иако само како нејасно да ѝ наговестува) ѝ ветува на Желба дека ќе ѝ дозволи да се сретне со нејзиниот татко во светот на гробиштата, меѓу живите и мртвите, само ако таа се согласи да биде негово друштво онолку долго колку што му треба. Желба очајно посакува да го види татка си - и без да забележи сè почесто заминува на гробиштата, на дружба со Вук во неговиот свет.

Наскоро забележува дека во светот на Вук секогаш има топло лето, за разлика од ледената, дождлива и мрачна зима која моментално владее со нејзиниот свет. Неговиот свет е опасно привлечен, и секогаш убав и забавен, со многу вкусни работи кои Вук ги создава одненадеж и од никаде. И овој задгробен, свет има свои одредници или застрашувачки сигнали кои најавуваат непријатни работи и создаваат една морничава атмосфера: мртви хризантеми, завивањето на кучето Жиле, чкрипењето на рингишпилот –убиец на кој загинал Вук, итн. Од средбите на Желба и Вук дознаваме дека Вук не само што опсесивно настојува да ја привлече Желба во својот свет, туку настојува и да ја задржи таму засекогаш, обидувајќи се да ја усмрти на истиот рингишпил на кој тој загинал пред пет години: „Беше крај на летото. Прекрасен ден, совршен за во луна-парк. Знаеш, тие доаѓаат само на две недели. Знам дека стоев пред него барем еден часи и чекав. Собирав храброст. Никој од моите другари не смееше да се врти....Мислев дека тоа е најубавото чувство на светот. Како да леташ. Не ни забележав дека паднал мрак. А потоа, тој чкрипеж. И сега можам да го слушнам. Веројатно се имаше откачено некој шраф“ (64-65). На овој начин, младите читатели можат да го доживеат Вук како мрачен, негативен лик кој е опасност по животот на Желба, но истовремено тој е и трагичен лик, кој е врзан за овој свет, и многу осамен по смртта: „Се разбудив тука, сам. И тогаш ја здогледав таа чудна светлина и очите ме здоболеа. Требаше да поминам низ неа, да продолжам понатаму. Но, не сакав...Страшно е, не знаеш колку е страшно“ (65).

Колку почесто Желба престојува во светот на Вук, таа сè повеќе губи интерес за реалниот свет: се оддалечува од Лука, а откако му ја дава црвената белезица (подарок од Лука) на Вук, таа сосема го заборава Лука. Љубомората на Вук доаѓа во конфликт со кучето на Желба, Жиле, и додека трае ветениот обид да се сретне со нејзиниот татко, Вук врши притисок врз неа да се отуѓи од нејзиниот најдобар земен пријател Лука: „Вук ја загледа в очи и Лука одеднаш исчезна од нејзината глава“ (56); губи интерес за училиштето, за мајка си; се забавува во паркот каде јади слатки работи кои многу ѝ се вкусни, а наспроти тоа, кога се враќа дома,

во реалниот свет сета храна ѝ е одвратна и постојано е уморна. Едноставно, како Вук да ѝ ја црпи животната енергија: „Седна и ја помириса кајганата. Беше изморена. И тоа беше чудно. До пред една минута умираше од глад. Ја забоде виљушката во чинијата и се слушна грозен чкрипеж“ (57); „Лука се пикна под чадорот. Таа зеде две бонбони и ги гризна. Бонбоните имаа вкус на картон“ (58); „Погледна во својата чинија со едвај допрената пирошка. Повторно ѝ беше гадно, како да ѝ станало нејадливо сè од овој свет. Нормалниот свет“ (76) и др.

Потоа, ваква хорор одредница, е и промената на бојата на очите која Желба ќе ја забележи кај Вук со што тој како да ја хипнотизира: „На Вук *како да* му помина некаква сенка преку очите“ (50); „*Ѝ се причини* дека очите му светкаат, но само за момент“ (55)

Синтагмите „како да“, „ѝ се причини“ и слични на нив, укажуваат на постоење на нерешителноста како главен услов за фантастиката, односно како едно средишно милје меѓу чудното и чудесното. [12] На повеќе места во текстот се присутни тие фантастични елементи, кога главната хероина не е сигурна дали околу неа се појавуваат необични настани, дека има некој на прозорецот, или дека има некој на улицата, особено откако го ослободува/отвора преминот од оној свет: кинењето на хризантеми од гробиштата кои ги носи во својот дом, наспроти предупредувањето на Миќо: „Хризантемите, особено белите, се цвеќиња на мртвите, затоа вообичаено се садат тука“ (36); „Набра еден цвет, само еден. Зад оградата, Жиле гласно залаја. Ја фати паника. Што ако слушне Миќо? – Мирен, Жиле, тоа е само ветер...Кога Желба збриша оттаму и задишана тргна накај дома со Жиле, темна сенка премина преку хризантемите“ (38).

Наскоро, со настојувањето на Желба што поскоро да го види татка си, почнуваат да се појавуваат првите пукнатини во имагинарниот свет со кој Вук сака да ја намами Желба. Првичните индиции кои ѝ го привлекуваат вниманието на Желба се: постојаната нетрпеливост на кучето Жиле кон Вук, чија средба

[12] Cvetan Todorov, Uvod u fantastičnu književnost, Pečat, Beograd, 1987.

секогаш е придружена со ржење и лаење, со што се потврдува верувањето дека животните гледаат и чувствуваат работи кои ние, луѓето не ги знаеме: „Освен што имаат посилно сетило за мирис, кучињата гледаат и слушаат многу подобро од луѓето. Којзнае, можеби се обидува да те заштити. Размисли за тоа“ (37). И навистина, при секоја средба со Вук, Жиле реагира на скоро идентичен начин: „Жиле тивко за'ржи“ (43); „Жиле стоеше зад неа и немаше намера да пријде. Не само тоа туку испушташе и чуден звук, нешто како тивко 'ржење“ (44); „Жиле за'ржа страшно“ (45); „Вук се насмевна така што му се покажаа сите заби. Кога го забележа Жиле, се намурти. И Жиле, исто така, го изрази своето незадоволство, 'ржејќи“ (49); „некаде во далечината се слушаше слаб кучешки лаеж. Слаб, но јасен.“ (64), итн. Всушност, Жиле со своето лаење кое се слуша дури и во задгробниот свет, во светот на мртвите, како да претставува звезда-водилка на Желба и благодарение на звукот на неговото лаење, таа го наоѓа патот и спасот за надвор. Друга индиција што ќе ѝ го засили вниманието е барањето на Вук засекогаш да остане во неговиот свет. Откако ќе се обиде да ја убеди со измама дека таа прекрасно свири виолина, кај неа се раѓа сомнеж: „Тато секогаш ми зборуваше дека за виолина е потребно огромно трпение. Години и години свирење“ (91), особено кога ќе се увери дека тој наизуст ја знае целата песна за црната птица која била заедничка само за неа и татко ѝ: „Ја знаеше целата песна напамет. А ја знаевме само јас и тато“ (91). Во главата „Последното возење“ момчето-дух Вук, насила се обидува да ја задржи Желба во својот свет, со нејзино усмртување на фаталниот рингишпил. Во тој миг почнуваат да дејствуваат сите одредници и од реалниот и од оностраниот свет, почнувајќи со кучешкиот лаеж кој го слуша Желба и го следи за да излезе од забавниот парк-лавиринт: „Вук ја погледна остро и таа забележа како му се менуваат очите. Како стануваат целосно црни. Тоа ја исплаши. Лицето му беше мртовечки бело...Конечно сфати. Вук беше тој од кого требаше да се плаши...Чувствуваше замор. Веќе се измори. Сакаше да застане и да се одмори, но тогаш го слушна познатиот лаеж. Почна да трча во насока од каде доаѓаше лаењето“ (95-96). И, додека Вук со сила ја качува во корпата на

рингишпилот за и таа да ја доживее неговата смрт, Желба сфаќа дека убавината е во животот и живеењето на сите негови подеми и падови: „Сега го знаеше тоа. Добро, лошо, радост, страв, тага, сè. И покрај тоа што се случи со тато. Колку и да беше тажна и беспомошна, сакаше да остане во својот свет“ (99). И во тие моменти, пред очи ѝ проблеснува црвената белезица од Лука, но на раката на Вук: „Одеднаш се сети на Лука, вистинскиот пријател кој секогаш беше тука, дури и кога самата го отфрли...Сакаше да ја искине. Вук не смееше да ја носи. Тоа беше нејзин подарок...Одеднаш, во неа се пробуди сила, ја чувствуваше како надоаѓа. Го турна Вук од корпата“ (99). Борбата на Желба и Вук, претставена како борба на доброто и злото, мора да заврши со конечно истребување и неутрализација на истото и во таа финална борба, како помошник на Желба ќе се јави гласот на нејзиниот починат татко: „Желбо, најди хризантеми....Искорни ги хризантемите! Искорни ги сите! Само така ќе можеш да го спречиш!“ (99-100). Откако е уништен преминот меѓу двата света, и покрај сè, Желба му помага на Вук да го пронајде својот пат кон вечноста: „Понекогаш само треба да престанеш да бегаш. Тогаш сфаќаш дека она од што си бегал не е толку страшно. Јас сум покрај тебе, не грижи се“ (102).

Уредничката на книгата, воедно и автор на поговорот, Оливера Ќорвезировска, го објаснува насловот на романот [13]. Насловот на романот – „Црната птица“, иако можеби на прв впечаток асоцира на несреќа, во суштината е одлично извлечен од самата приказна, каде што црната птица е еден вид лик, лик во ликот, книжевен „жител“ во песната на таткото на Желба и, сосем спротивно од првиот впечаток, симболизира надеж и истрајност. Верба. Починатиот татко на главниот лик, девојчето Желба, чиешто име е необично и менливо/преводливо од јазик во јазик, е клучниот лик во овој роман… Целта на овој роман е да не нè залажува дека сè ќе биде исто, оти тоа е неможно, туку да покаже дека и најстрашните загуби што се ненадоместливи, можат да

[13] Оливера Ќорвезировска, Поговор „Многуте лица на детската болка“, Црната птица, Арс Ламина –публикации, Либи, Скопје, 2021, стр.113-116.

бидат премостени. Крајот на романот не е и не може да биде класичен „хепиенд“, зашто загубата на татко никогаш не се надоместува, ниту, пак, се заборава. А сепак е оптимистичен, разумно среќен, зашто болката успева да се премости, со помош на пријателството…

Постојат различни ефективни жанровски техники во форма на ситуација за предизвикување на хорор позадина. Очигледен е длабоко „осцилирачкиот“ карактер на стравот: „студенило“, „треперење“, „нозете ѝ се тресеа“, „вресок“, „чкрипеж“, „чукање на срцето“, „морници ја полазија“, „стоеше вкочанета„, „почувствува како стравот ѝ се шири низ целото тело, од стапалата кон грлото“ и така натаму; многу изрази, поврзани со страв, како и соодветните телесни манифестации на страв, имплицираат осцилирачки движења. Исто така, застрашувачката фикција, а особено приказните за духови, опфаќаат различни наративни ритми на напнатост и релаксација. Вообичаено е жанровската драматургија да осцилира помеѓу половите како што се познатото и непознатото, безбедноста и опасноста, природното и натприродното, минатото и сегашноста, животот и смртта - секој поврзан со различни интензивни емоции. [14]

„Црната птица“ е емотивна драма со многу хорор елементи кои го следат предизвиците на растењето и созревањето на главната хероина –Желба, зашто по заминувањето на Вук, следува повторното приближување на Желба со мајка ѝ и Лука. Најголема улога во тоа има и последниот сон во кој ѝ се јавува татко ѝ со последната порака за неа: „Ти и мама морате да продолжите без мене и тоа не е фер... И двајцата го знаеја тоа. Смртта никогаш не е фер и тие што остануваат мораат да прифатат и да продолжат понатаму...Но, знам дека ти можеш...Похрабра си одошто мислиш“ (109).

[14] Dominik Becher, Neil Gaiman’s Ghost Children, In: Ghosts –or the (Nearly) Invisible Spectral Phenomena in Literature and the Media (Eds: Maria Fleischhack / Elmar Schenkel), Vol.9, Peter Lang Edition, New York, 2016. https://library.oapen.org/bitstream/id/0080af33-bf9d-45da-9e58-27ff372cb8dd/650060.pdf, 09.03.2022

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

1. Becher, D. (2016). Neil Gaiman's Ghost Children, In: Ghosts –or the (Nearly) Invisible Spectral Phenomena in Literature and the Media (Eds: Maria Fleischhack / Elmar Schenkel), Vol.9, Peter Lang Edition, New York. https://library.oapen.org/bitstream/id/0080af33-bf9d-45da-9e58-27ff372cb8dd/650060.pdf, 09.03.2022
2. Cart, M. (2001). From insider to outsider: The evolution of young adult literature. Voices from the Middle, 9 (2), 95-97. (преземено од Rise of the Ghosts: A History of YA Horror Literature, By: Gabrielle Steffler, https://dalspace.library.dal.ca/bitstream/handle/10222/79217/YAhotline_98_4.pdf?sequence=1 , 09.03.2022
3. Clay, V. S. (1976). Children Deal with Death, The School Counselor, Vol. 23, No. 3, Sage Publications, Inc., https://www.jstor.org/stable/23903238 , 09.03.2022
4. Crna ptica, http://knjigoskop.com/crna-ptica/, 09.03.2022
5. Kliman, G. (1968). *Psychological emergencies of childhood*, Greene and Stratton, New York.
6. Menes, J., (1971). *Children's Reactions to the Death of a Parent: A Review of the Psychoanalytic Literature*. Journal of the American Psychoanalytic Association,19():697-719, https://pep-web.org/browse/document/apa.019.0697a?page=P0714, accessed 06.02.2022
7. Romero, C. (1976). Children, Death and Literature, Language Arts, Vol. 53, No. 6 (September 1976), pp. 674-678. https://www.jstor.org/stable/41404238, 12.03.2022
8. Sasser, T.M. (2008). *Advent of Denial of Death in Children's Literature*, Georgia Southern University. Electronic Theses & Dissertations. Paper 166. http://digitalcommons.georgiasouthern.edu/etd, accessed on 07.02.2022
9. Stephens, J. and McCallum, R. (2001). There Are Worse Things Than Ghosts: Reworking Horror Chronotopes in Aus-

tralian Children's Fiction, Book: Mystery in Children's Literature, https://www.researchgate.net/publication/305232186, 10.03.2022.
10. Todorov, C. (1987). Uvod u fantastičnu književnost, Pečat, Beograd.
11. Јовановиќ, А. (2021). Црната птица, Арс Ламина – публикации, Либи, Скопје.
12. Романот за деца „Црната птица“ од Александра Јовановиќ се најде на престижната книжевна листа „The White Ravens“, https://blog.literatura.mk/2021/10/13/crnata-ptica-na-listata-na-the-white-ravens-2021/, 07.03.2022
13. Ќорвезировска, О. (2021). Поговор „Многуте лица на детската болка“, Црната птица, Арс Ламина –публикации, Либи, Скопје, 2021.

Весна МУНДИШЕВСКА-ВЕЉАНОВСКА

УДК 821.163.3-1(049.3)

На трасата на постојбата и посакуваната биднина – треба да е лесно

(Снежана Стојчевска, „Треба да е лесно“, изд. „Антолог“, Скопје, 2017 г.)

„Треба да е лесно“ на Снежана Стојчевска, многу симболично започнува со обратната констатација – дека никогаш не е лесно да се биде пулсирачка точка во глобусот кој се тркала по образот на безвремето. „Едно дрво во мене расте криво“ – стои во првото обраќање на авторката во оваа книга. И навистина, не е лесно да се биде стебло кое во своето столпување ги вбраздува во кората сите ветришта на секојденот, не е лесно да се биде вжилување во бронхиите на светот, влистување во алвеолите на дишењето, во срцебиежот на денувањето, во белодробните крила на постоењето.

Безброј прашања при помислата за смислата ѕиркаат од овие животоискусни стихови чија привидна едноставност неминовно резултира со филозофска експлозивност. Од нив одекнуваат недоброј нелогичности и неетичности кои го обременуваат светот незаслужен за многу нешта, растргнатата душа се раздава секому та нема игла и конец кои можат да го сошијат процепот во градниот кош од кој со стежнатите вистини, видувања и сеќавања, испарува и дишењето. Но, наспроти ваквата таговност, стиховите запишуваат и неуморна потрага по чувственост која ги поместува границите, ги збришува без сопирачки, со адреналински залет кој ем ослободува ем заробува („Сè што ме прави слободна ме заробува“).

Меѓу рајот и пеколот пулсира реалноста чиј адреналин ги скокотка авантуристите на векот. Насмевнатиот балет на илузиите генерира грациозна левитација на среќната душа чие вознесение лета „без да знае каде ќе ме(ја) однесе/ ниту каде ќе слета(м)“. Достижноста е реална.

На трасата на постојбата („тоа што сме“) и посакуваната биднина („тоа што сакаме да бидеме“) стојат безброј препки од чии сопки крвари телото, но не и духот, а и вградени пиктограмски знаци кои кај Стојчевска се читаат на сите јазици што имплицира на современоста и универзалноста на оваа поезија.

Стојчевска е поетеса која нема да престане да се инспирира и да создава „дури ни кога крварат прстите“ на поетот („I'll never stop“), со убедување дека човек треба да знае да ги препознае патоказите со позитивни енергетски импулси чии дразби продуцираат позитивни преобразби зашто „светот е убав“ а „и ние во него“. Светлинскиот атриум на сонцегледот е именуваната слобода.

Во оптичкиот центар на огледалото во чија рефракција се минатото и иднината, задоволно се извишува генетиката на сегашноста. Никаква ерозија не може да ја одрони карпата цврсто втемелена во мајковината. Безвременската љубов (особено потенцирана во низата песни за мајката, бабата и синот) и спомените, се сврзните нишки кои нараснуваат како годови во ткивото на родот во чии вечно млади дланки спокојствува минливоста на времето.

Светот – семејството – јас (ние, парот) се множеството точки на кружницата на бидувањето чија суштественост е благословеност на живеењето. Оттука и прашањето на Стојчевска - Зошто да мижуркаме кога можеме да нуркаме во светлината на сонцето на спокојот? Сонцето е светлата точка во чиј круг се збираат и од кој рефлектирачки се мултиплицираат сите универзуми, како елементал на просторот бескрајно мал во зеницата на втренчениот поглед кон бескрајот, истовремено и бескрајно голем во прегратката на љубовта. Љубовта, пак, е еликсирот на спокојот кој ќе овозможи баланс на душата и телото, и вмировеност (успокоение) на целото. Само така „од кожурецот еден ден ќе излезе пеперутка/ која ќе го спаси светот“ („Никогаш не знаеш...“). Навистина, никогаш не знаеме како би ги редизајнирале нашите животи во некои регенеративни универзумски матрици во кои неможноста едначи со семожност, но – треба да е лесно.

Елизабета ЈОНЧИЌ

УДК 821.163.3-4

Психосоцијална комуникација на бројката

Новосоздадената бркотница околу добивање информации за Бројката секојдневно притиска по вијугите на кортексот. На дневна основа Бројката знае да се видоизмени повеќе пати. Оваа нејзина мутација делува застрашувачки, се вселува тихо во потсвеста потхранувајќи го Ноцебо ефектот и потоа ги разорува и заматува мислењето и осознавањето. Белите и сините мантили бомбардирани со подмолни удари од Бројката жестоко се борат да ги поврзат парчињата и усогласено да функционираат најдобро што можат. Појавените поединечни специфичности се задржуваат подалеку од очите на јавноста, а паниката и стравот понекогаш надвладуваат и врз професионализмот. Зошто? Затоа што се мешаат две страни. Едната, апсолутна вистинитост за прикажаната информативна агресија, потчинување и приклонување кон колективниот страв. И, другата, бескомпромисна отстапка од вистинитоста на случувањата во реалната ситуација .

Информативната агресија напредува до толку што постапката при обработување на податоците во кортексот речиси секогаш е збунувачка. Што да се направи? Притисокот е преголем. За обичниот човек незнаењето и неизвесноста напредуваат кон освојување на личноста, кон разорување на нејзината структура и динамика. Не се одминати ни професионалците од сите области. Тоа е жално. Вклештеноста и принудната положба на телото се неизбежни при примање на информациите. Чудовишната Бројка ги обележува, заболените, оздравените, новозаболените, починатите... Ги обележува симптомите, боците за кислород, респираторите, тубусите, количина на средствата за дезинфекција, затворените амбуланти, денови од карантин, разни седници и заседанија... Сé е под бројна состојба... Умираат ракувањата, прегратките, дружбите... Маските ги извитоперија насмевките. Сега лицата станаа очи. Сини очи, зелени очи, црни, кафеави... Очи исполнети

со страв и претпазливост. Во апсолутна вистинитост колективот е потчинет на Бројката, формациска агресија, сé е под бројна состојба...

Ако ја разгледаме другата страна и пристапиме кон бескомпромисна остапка за случувањата во реалната ситуација светогледот се менува со брзина на светлината. Бројката изненадувачки станува само перцептивната способност за манипулација на колективот. Стравот со разлевање се разобличува во недоверба и тогаш се јавува отпорот. Сé станува некако пренебрегнато, и тоа на растојание. Се подготвуваш во рекордно време, векторски спремен со одбрамбена линија и имунолошка реакција, ги пренебрегнуваш информациите и одвоен од средината чукаш на вратата од квантниот универзум, отвораш, земаш енергија и длабоко вдишуваш. Се спротиставуваш на Бројката, таа не може потенцијално да ги испитува ветровите во твојата душа! Психичкото проследување на Бројката резултира со строго потиснување на нејзините критериуми за убедлива сугестија. Вратоломната динамика на ноцебото ефективно се намалува во границите на разумноста. Паниката се надвладува. Со вака изведен образец нејзината психосоцијална комуникација се сведува на дифузна анксиозност.

Бројката била претходно психички опсервирана, сегашното ниво на функционалност е со видно влошување, особено е видлива несоодветна комуникација. Бројката е со изразено нарушување, емоционално нестабилна, преплавена со дифузна анксиозност-депресивен афективен тон каде доаѓа до потиснатата агресија (не се исклучува можноста за суицидален ризик). Говорот повремено е нелогичен, несоодветен, проследен со внатрешен немир до дезинтеграција и губење во реалноста... Станува збор за депресивна оседнатост со максимум нарушена психосоцијална комуникација.

Ирена ПАВЛОВА ДЕ ОДОРИКО

УДК 821.163.3-1(049.3)

За саботерскиот хедонизам и големото проштевање

Кон романот „Синовите на Адам“
од Михајло Свидерски Восток (2022)

„Синовите на Адам“ во најновиот роман на Свидерски, се деца на апокалиптичниот балет на гревот, сместени во мал географски простор, со мега-фрустрации од сексуална, морална и етичка природа. Така се вика и сликата на главниот јунак, која го голта со својот огнен јазик, докажувајќи дека творештвото е прекогнитивно, пред животните настани. Гревот на Адам (овде авторот го става крстот на модерната Содома и Гомора на грбот на мажот на Ева) продолжува и во најневините места на гратчето во кое е израснат главниот лик, за да ги наслика импресивно пластично, на анти-Буковски начин, сите можни перверзии што му се случуваат и во кои е инволвиран.

Овој иден уметник себеси се доживува како жртва, а не како хедонист, испратен со лесен куфер на студии во средното уметничко училиште во Скопје. Тука постојано провејува толку потценетата стара, добра етика на живеењето, како и моралното вјерују, кои одамна не се во мода, ниту човечки, ниту, пак, книжевно.

И самата, читајќи ги соблазните сцени на оргиите во кои главниот лик бива инкорпориран, му се чудев на чесното и честито момче, кое згора на сè, ги поседува талентите и амбициите на уметник, како останува невин, во својата суштина.

Можеби романот, без да ја спомне Ева, која според библиската приказна, го навела Адама на грев, и сака токму на тој начин да ја маркира нејзината круцијална грешка на љубопитството.

Меѓутоа, „Синовите на Адам“, се и деца на Ева, деца на „Големата Мајка“ што ги одгледува. Во тоа е светиот чин на

мајчинството, што овде не е прикажано како такво преку ликот на мајката на главниот лик.

Можеби тие не се деца на Ева? Ако не се, чии се, тогаш?

Во секој случај, овде чинот на проштевањето се поентира на крајот. Сите гревови се опишани, но и простени, иако имаат свои темни мотиви.

Авторот смета дека и покрај сѐ, рајот е суден, ако сите наши деца, заедно со нас, го издржат „Темниот Јавач на Апокалипсата“.

Овој роман ја поседува онаа рафинирана нитка на најсликовито претставување на сите човечки проблеми на земјата и темната компензација во саботерскиот хедонизам.

Сето ова, Михајло Свидерски, како веќе докажан романсиер, уште еднаш го потврдува на извонреден начин.

Мирјана СТОЈАНОВСКА

УДК 821.163.3.09Конески, Б.

Грандиозното дело на Блаже Конески

Комплексниот творечки опус на Блаже Конески според своето влијание врз целината на нашите егзистенцијални, историски и културни текови во втората половина на дваесетиот век, остави силен и траен белег со што името на Блаже Конески стана синоним за втемелувањето на современиот македонски јазик и литература. Со обележувањето на 100 годишнината од бидувањето на Конески, се потсетуваме на големината на делото на овој македонски великан. Тој е кодификатор на современиот македонски јазик, автор на „Македонскиот првопис со правописен речник“, „Граматика на македонскиот литературен јазик“ и “Речникот на македонскиот литературен јазик (во три тома), како и автор на повеќе збирки песни, а со збирката раскази „Лозје“ објавена по втората светска војна, тој е основоположник на македонскиот расказ и македонската проза.

Роден е на 19 декември 1921 година во прилепското село Небрегово. Набргу неговото семејство се преселило во Прилеп каде Конески учел основно училиште и нижа гимназија. Виши класови гимназија завршил во Крагуевац, а студиите по славистика ги започнал во Белград, а ги завршил во Софија 1944 година. По ослободувањето дошол во Скопје каде развил богата културна и научна дејност како професор на Филозовскиот факултет во Скопје, во Македонската академија на науките и уметностите, во Македонскиот ПЕН Центар, во Друштвото на писателите на Македонија. Добитник е на значајни награди и признанија како во нашата земја така и во странство каде достоинствено го презентираше и афирмираше македонскиот јазик и македонската поезија. Починa на 7 декември во 1993 година во Скопје.

Поетската дејност Конески ја отпочува во 1945 година со книгата „Мостот“, во која преовладуваат мотиви од повоениот период и изградбата на нашата земјата, а во 1948 година е објавена

збирката „Земјата и љубовта“ со патриотски и борбени мотиви, карактеристични за првата фаза на повоената македонска поезија. Потоа следуваат збирките песни во кои Конески гради автентичен современ поетски стил, какви што се поетските книги: „Песни“, „Везилка“, „Записи“, „Стари и нови песни“, „Чешмите“, „Послание“, „Цркви“, „Златоврв“, „Сеизмограф“, „Небесна река“ и „Црн овен“.

Една од најрепрезентативните песни на Конески е поемата „Тешкото“ која алудира на традиционалното македонско оро познато под името „Тешкото“ со кое во минатото нашиот народ редовно ги обележувал поголемите празници, со играње ора на јавни места во селата и градовите. Песната претставува поетска слика на македонската тешка историја и аманет за зачувување на македонската традиција и посесебност, за пренесување на традицијата од колено на колено, од дедо на внук:

„О, Тешкото! Зурли штом диво ќе писнат
штом тапан ќе грмне со подземен екот-
во градиве зошто жал лута ме стиска,
во очиве зошто ми навира река
и зошто ми иде да плачам ко дете
да превијам раце, да прекријам лик-
та гризам јас усни, стегам срце клето
да не пушти вик.“

Песната има метричка и ритмичка структура во која е остварена ретка синтеза на содржината и формата. Во девет строфи со по осум стиха каде преовладува стихот дванаесеттерец, поетот Конески низ силен изблик на чувства го опева играњето на традиционалното македонско оро „Тешкото“ како симбол на историјата, на крвта пролеана за слобода, а на крајот искажува неизмерна радост за новите перспективи за својот македонски народ. Песната изобилува со употреба на стилски фигури: епитети (бујно бунтовничко оро, вековно ропство, бунтовна нога и др.) , компарација (и зошто ми иде да плачам ко дете), метафора (стегам срце клето да не пушти вик; молња светнува во секој глед),

градација која се провлекува низ целата песна со засилување на интензитетот на поетските слики од строфа во строфа. Посебно место зазема симболот како стилска фигура- „Тешкото“ како симбол на македонската поробен народ низ историјата што доаѓа до израз и во уште една репрезентативна песна од Конески со наслов „Везилка“

Песната „Везилка“ е објавена во истоимената книга поезија на Конески како симбол на традиционалната македонска мома која го везела традиционалниот македонски вез со црн и црвен конец. Црниот како симбол на ропството, а црвениот конец како жар, како борба, како љубов и бескрајна енергија на човечкото постоење:

„Везилке, кажи како да се роди
проста и строга македонска песна
од ова срце што со себе води
разговор ноќен во тревога бесна?

- Два конца парај од срцето, драги,
едниот црн е, а другиот црвен,
едниот буди морничави таги,
другиот копнеж и светол и стрвен.

Поетот во првата строфа го поставува прашањето за тоа како настанува, како се раѓа всушност песната. Конески тоа подетално го објаснува во својот познат есеј „Еден опит“ каде вели дека поетот не ја создава туку ја открива песната. Песната, вели Конески, е запишана во колективниот дух низ историјата, а поетот само внесува уметнички иновации со кои им дава „душа “на песните.

Иновациите на великанот Конески се бескрајни. Нам, како негови следбеници, ни останува да го почитуваме и следиме патот на неговото дело.

Бобан РИСТЕВСКИ

УДК 821.163.3-1(049.3)

Отсјајот на една вонвременска геометрија (Кон збирката со поезија Континуум од Весна Мундишевска-Велјановска; Битола: Нов Вавилон; 2020)

Од поговорот (напишан од страна на Даниела Андоновска-Трајковска) кон збирката со поезија „Континуум“ на Весна Мундишевска-Велјановска, како позначаен ми се чини дека може да се издвои следниот дел: „Имајќи го предвид ваквиот начин на создавање на значењето не можеме, а да не се вратиме на насловот на книгата „КонтинуУм“. Сега од оваа перспектива можеме да речеме дека поетесата како да сака да каже дека се е континуум, односно се што постои се состои од многу нешта за кои порано сме мислеле дека не постојат, а за кои и денес не веруваме дека постојат. И на тој начин се поставува прашањето дали егзистенцијата е условена од перцепцијата, односно дали за нешто да постои треба да има нечие око што набљудува и е сведок за тоа постоење?“.

Ова е моја прва средба со поезијата на Весна Мундишевска-Велјановска, иако, како што стои во нејзината биографија, таа веќе зад себе има уште неколку издадени збирки со поезија, меѓу другото и една книга со критики и есеи (со наслов „Калеидоскоп“; што можеби и најмногу ме интересира да ја прочитам од нејзиното творештво), како и уште неколку други книжевни изданија.

Конкретно за „Континуум“, станува збор за поезија со нагласени чувство и осет за извесна урбана димензија на постоењето или подобро речено чувствувањето на светот и на нештата што не опкружуваат, како и за присуство на своевидни експериментални елементи (што можеби најмногу може да се забележи преку, додека се говори за некакви внатрешни патувања и чувствувања на светот, присуството на зборови во поезијата како што се геометрија и антихороскоп).

Познато е дека еден од најистакнатите т.н. тајни учители (или езотерични мислители), Рудолф Штајнер, како што стои запишано во еден дел од неговата автобиографија, уште како ученик во училиште бил фасциниран од геометријата (како дел од математиката), бидејќи сите тие разновидни геометриски форми и облици наликуваат на тоа како функционира или се аналогни на езотеричниот свет (кој како паралела постои и е присутен со физичкиот свет на материјата).

Поетесата, преку овие нејзини песни или творби, прави пробив помеѓу нестабилните контури и форми/ облици на материјалното, за постепено и полека да навлезе во областите и домените на духовното и духовноста, согледувајќи го светот како место кадешто тие две состојби постојат паралелно или се испреплетуваат.

Еден автор, од сите езотерични автори до чии дела сум имал прилика да дојдам, кој има извршено најмногу влијание врз мене и моето пишување (иако тоа беше повеќе како препознавање), е Елифас Леви, токму поради тоа што бил сметан и согледан како врвен книжевен стилист. Бидејќи, според мене, стилот игра битна улога и е значаен (ако не и најзначајниот) составен елемент на едно книжевно дело. Во смисла дека, битно е не само што тематски делото содржи, туку еднакво битен е и начинот на којшто нештата се соопштуваат. Па, се надевам дека и во текот на оваа рецензија успеав да го задржам и доловам нивото и покрај идејата да се пренесат и доловат информации и на ниво на стил рецензијата да има тек и да звучи колку што е можно попрефинето. Исто како и поезијата на Весна Мундишевска-Велјановска.

КНИЖЕВЕН МОЗАИК

Ивица ЧЕЛИКОВИЌ, СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА – ШВЕДСКА (Ivica CHELIKOVIKJ, NORTH MACEDONIA-SWEDEN)

УДК 821.163.3-1

Пред нас

Во времињата
кои сакаме да ги сонуваме
за кои со страст зборуваме

сè помалку сме Ние

Светлината голта
остатоци од темните траги
на рабовите на истиот сон
во кој сеќавањата
никако да ги преброиме

и повторно како да сме
или да бевме Ние

Во солзите е новата топлина
во песната е пресоздавањето
на тишината

и во сенката под месечевиот цвет
секогаш пред будење
врз пајажината од страдања
и патеката пред нас

Во земјата незнајна
месечината и улиците
се со нас
и леснотијата на крстот

ДОЖДЛИВИ ДЕНОВИ

Во миговите на долго исчекување
песната победничка останува
во сеќавањето на другите

Задоволството во морничавите денови
е во ситна капка утеха,
во повторливоста на дождливите разговори
кои се можеби златни
за човекот што неодредено средиште набљудува

Со почит кон храброста
на оние кои се враќаат измамени
крајот на јунакот да го опејат на карпите
под високите тврдини на Јиланд

Тука се,
вивнати како sверки во скок
кон водените небески кругови
и непостојаните прегратки
на Богот на северните височини

Во занесот од дејството на магијата
која со зборови штури
одново се искажува
и меѓу коските на предците
пребарува

Тука се,
додека тој шепотот го наслушнува
на камена постела
од која крајната цел
ја брише
и повторно занесен

океанот на дланки
го преместува

(Песни од „Во ѕидот знак“, 2010)

СТРАНЕЦ

Фрлен во виорот на есента,
сѐ уште добро се сеќава:
нежност се рашири врз целиот простор,
но трага од тоа преку очите
не остана ни за миг.

Одеднаш реши да се врати кај Ѓаволскиот ѕид,
доцна е,
таа не може да го види од оној друг сон —
незавршеното злостроство е добредојдено,
таму каде што не беше среќен
кога едно утро на детето
сопствениот двојник му го подари.

Ги повторува движењата
додека железната шума во пепел се претвора,
а времето веќе го однесе она што тој требаше да Биде,
во изгубената иднина
зад сеприсутното огледало
со сопствениот стих
новиот живот го напушта.

(*Од стихозбирката „Во друга светлина“, 2015*)

Душко НОВАКОВИЌ, СРБИЈА (Dushko NOVAKOVIKJ, SERBIA)

УДК 821.163.41-1

Врбување

Ме викаа: пријди му на Движењето!?

Ми ги отпишаа долговите
Ми го наполнија креветот со активистки

Храна, пијалак, постелнина
И тоа свилена
Прање, пеглање и сето останато
Ке бидат насметка надвижењето
И костењето такси

И еднаш неделно, во сабота
Доаѓањето на мустаклестата теткичка
Да ми го исчисти станот
Од плуканиците на книжевните духови

Заправо, ми обезбедија стан
Со брз премим во лична сопственост
Ја поддржаваа мојата настраност
По акваријумот со тритони

Го уништија моето претходно досије
Ми ги заменија родителите со подобри
Биу ме усвоиле на пленарната седница
Ќе ми дадеа имунитет, важни телефони, мејлови
Само да бидам постојано достапен

Тие, секако имаа свои практични причини
Да ме излечат од толпата асоцијални мајмуни

А ја свој, да останам не само неконтролиран
Надреален и слаб, туку возвишен и во слабоста-
„Возвишен како ланскиот снег во мартовско копнење„

ГО ИСТЕРУВАТЕ СВОЕТО

Мртви
Да ли тоа им се одмаздувате на живите?

Не слушате
Не гледате
Не чувствувате
Ништо не прозборувате

О, сите вие сте непоправливи себичници
Во еднокреветни, поземни гарсонери

А КАДЕ СЕ НЕКРОЛОЗИТЕ

Единствената кафеана растурена
Единствената продавница ограбена

Крадците гнетеле, **се** расфрлале
Наподот колку што сакаш
Трошни суварки од измет
И свиба- брисови по ѕидовите

На единствениот селски плоштад
Единствената чешма извадена од постолјето

Единствениот споменик на партизаните
Накривен налик на пијаништа
А и тоа немаат капи на нив,
Со ѕвезди петокраки

Туку пет коскести чавки јацедат крилестата црнина

Ни мештани, ни стока, никого
Подворовите тишина во бавчите ислушен зеленчук

Единствената нескршена сијалица-крушка
На единствената сочувана бандера
Свети, свети иако је ден пладина
И сонцето млако сјаје над неа и останите нешта

Точно е, сонцето како сијалица сјае на сите нешта
Кои не се, во стварноста, никави доктори по фолозофија
И не н**е** тераат на аналитички пристапи конбитието и не н**е** оптеретуваат
Со тези, антитези, заклучоци, графикони
И со шематски прикази на спознавањето, како што тоа га чинат филозофите

Кога сакат да ни утуват в глав, шт да ни утуват?
Белки колкав е во нас размерот на онтолошкиот мрак, што друго!

(Од книгата Капитулација, превод Ристо Лазаров)

Виктор РАДУН ТЕОН, СРБИЈА (Viktor RADUN TEON, SERBIA)

УДК 821.163.41-1

Протекнување (циклус)

ПРОДОЛЖУВАЊЕ

многу нешта во мојата тишина
ослободени се

додека одам
ги пребројувам ехата
патувам низ облиците на времето

рабовите не ги препознавам
ништо не ми личи на лавиринт
се сопнувам, судирам
со чекорите иницирам сцени

каде си ти
во тоа одење
низ бескрајно сведочење
до леснотијата на допирот

не сакам да стигнам
само патувам
не застанувам
крај празните растенија

во нивните метастази
синтагми без компромис
неспознаени метафори

се обидувам да прочитам

од лицата на странците
продолжи, слушам како шепотиш
продолжи, и покрај чувствата
и покрај поезијата
што ме обиколува

ЗАГЛЕДАНОСТ

набљудувањето ја создава музиката
од сферата кон средиштето
во ритам на дрвото
таму никнуваат арабески
тонам во сигурно
без глас
трчам во крај
геометријата е засолниште
таму кадешто лицата
немаат последна нијанса
извирам директно од сопството
во кршливост
линиите на моето тело
се обронуваат бучно
во катаклизмички вир
приклучен на интерфејс
замислувам апстрактни зборови
спасувањето е оксиморон

Дарија ЖИЛИЌ, ХРВАТСКА (Daria ZHILIKJ, CROATIA)

УДК 821.163.42-1

Здив

Земи здив и пушти ги сенките по сланата и по подземните стебленца
нека поминат и нека ги растворат твоите внатрешни градини.
А срцето кое со години собирало горчина,
нека се одмори под благиот допир
на нечија смирена рака.

ПОЧЕТОК

Беспотребно јунаците стојат на урнатините
покажувајќи засолништа,

во поранешната фабрика −претстава на животот,
во старото кино −предавања за револуцијата,
во училиштата − пленуми, на улиците− протести.

Светот секогаш има свој почеток:
слабо видливо место на потсмешливи емоции.

БРОДОТ НА ЛУДИТЕ

Во мракот поминуваат сенки на платно додека многу удобните седишта остануваат непроменети и празни.
Никој не сака да гледа филм
за молкот и холокаустот, за болните луѓе кои пловат на
бродот, сликаат цвеќиња по белата хартија и оставени едни
на други зборуваат за уште еден ден во логорот.

А градовите? Тие се сандаци полни со олово.
Државите не треба да се тепаат, тие ги осветиле своите земји и оставиле тротоар за збунетите деца и болните.

Тивко, по премиерата, нервозно шетам низ градот
кој се претвора во брод на лудите и исчезнува во реката.

КОЈ СИ?

Каде и да одам, ме пратиш. Ти си како дух
од викторијанските романи кои играат во далечина
и сè уште ја бараат другата половина.
Кога почнувам да го варам утринското кафе, ме прегрнуваш и фрлаш на ненаместен кревет и тогаш ме љубиш како
Зевс на Леда.

И додека одам по улица, го очекувам твојот напад.
Неочекувано, во трамвајот, пред многу луѓе
со јазикот ми поминуваш по лицето, ама никој не гледа.

На полноќ, по краткиот сон, отворам прозорец
и повторно доаѓаш, страствен и мрачен и брзо
си на мене. Ме притискаш и газиш, ме милуваш.

Да влезе некој веднаш по твоето заминување,
би видел голем пламен кој расте сред собата,
а потоа исчезнува.

Препев на македонски јазик: Алмира Папиќ
Translation into Macedonian: Almira Papikj

Алеш МУСТАР, СЛОВЕНИЈА (Alesh MUSTAR, SLOVENIA)

УДК 821.163.6-1

Да проговориме

На Антарктикот се откина леденик.
Во Соединетите американски држави пијат средство за дезинфенкција.
Во Африка луѓето не се помалку гладни, само се сè поболни.
Сè започна во Кина.
Вестите од Индија никого не го интересираат
или во медиумите за нив нема место.
На стариот континент секој ден едно те исто:
активни случаи,
нови случаи,
хоспитализирани,
на интензивна нега.
МРТВИ!
А во светот на Соништата ме прогонува мојата дементна тетка
која од штитеничка на домот за стари лица
се претвори во корисничка на услуги на домовите за стари лица
во кои смртта покоси
најмногу жртви.
Во Љубљана го урнаа Рог.
Булдожерите газеа од сите страни
и во воздухот летаа одвратни цивкања.
Времињава не се за културен молк!

КАЈ СПОМЕНИКОТ НА СЕЛАНСКИТЕ БУНИ

Замокот на ритчето е обвиен во пролетна магла.
Востаниците ги пружаат рацете,
ги креваат косите прекриени со зелена ‘рѓа.
Во долината завиваат сирени.
Се врати времето на аргатувањето.
Сречко Косовел,
Европа умира,
а јас извикувам:
Заедно, заедно, кутра рајо!

(од поетската збирка „К(о)роника“,
Куќа на поезијата, Љубљана, 2021)

Препев од словенечки: Лидија Димковска

Клаудија ПИЧИНО, ИТАЛИЈА (Claudia PICCINO, ITALY)

УДК 821.131.1-1

Сонцето во огледалото

Твојот одраз во сивилото
кое сјае низ него.
Тројно прекршување од мене
од тебе, од нас.
Сталактитите на старите болки
се сретнуваат со моите сталагмити
И како точки од молив
ги закривуваат виножитата
на мрачното море
што ја покрило
мојата вознемиреност.
Едно сонце во огледалото
те лаже.
Во маглата
измамата си ја изгуби бојата.

ЗНАМ ДЕКА ПОСТОИ

Не ни е кажано
зошто постои причина за секоја средба.
Не ни е кажано
зошто бурата нѐ исфрла во исто засолниште
на еден сосема обичен ден.
Се преиспитував себеси отфрлајќи го
несекојдневното чувство
но мислата за тебе ми се враќа периодично.
Еве ја – знам – етичка дијафрагма
што нѐ изолира
во движењето на нашиот блескав ум
и души што страдаат за стари разочарувања.
Поради таа тенка мембрана
го замолчев мастилото
но грубо неговата разорна сила
се враќа
за да засадува надеж пред апатијата
да нѐ одвлече во мракот.

Препев од англиски на македонски:
Даниела Андоновска-Трајковска
Translation from English into Macedonian:
Daniela Andonovska-Trajkovska

Раед АЛ-ЈИШИ, САУДИСКА АРАБИЈА (Raed AL-JISHI, SAUDI ARABIA)

УДК 821.411.21-1

Стандардна девојка

Девојката си игра со кукли
и измислува романтичен дијалог
кој како јорганот од приказните на нејзината баба
не е е по твој вкус

Тебе ти треба девојка која ужива
да им ги откинува главите на куклите
и да им ги крши нозете на играчките.
Кога се расправаш со неа за тоа како тече разговорот на нејзиниот фалсификуван уред,

оваа девојка не те гледа како големо дете
кое заслужува да биде разгалено,
како некој кој е изгубен и ја чувствува едноставноста на бојата.

Оваа девојка те гледа
како предизвик во оваа RPG[15] игра.

Оваа девојка може да те припитоми кога размислуваш нетрезвено.

Оваа девојка не носи ниту камшик ниту срп,
но може да ја носи твојата кожа насилно
откако ќе ужива дерејќи ја.

И уште ќе ја игра со тебе
играта со чај и кукли

[15] RPG – Role Playing Game = игра на улоги (забел. на превед.)

за да го тестира твоето трпение
и ти кажува за нејзината потреба за шопинг
со спомнување на сите детали
и можни причини
во тоа точно определено време
и тој точно определен ден
за да ја мери твојата издржливост.

Биди подготвен да ѝ попуштиш
кога таа нема да има милост за тебе.
Но - -

Кога твојата девојка ќе заборави да го вкусува твоето тело,

замини си... и мисли само на змијата отровница.

Само змијата ја разбира есенцијата на жените.
Сите други бегаат затворајќи ги очите на вистината со клепките на какофонијата.

Избегни го пишувањето на непомирливата историја.

Препев од англиски на македонски:
Даниела Андоновска-Трајковска
Translation from English into Macedonian:
Daniela Andonovska-Trajkovska

Јежи ПЛЕШЊАРОВИЧ, Полска (Jerzy PLEŚNIAROWICZ, POLAND)

УДК 821.162.1-1

Мајко

Ќе исчезнеме –
и ти и јас и перото на ноќта
изгубено од злите крилја
во далечните локви лебди
последната зора

Исфрлени од скелето со броеви
ќе исчезнеме,
пред боровите да го исушат
одекот на својата татковина,
ќе се изгаснат сосвездијата
со заборавени имиња.

На нашите бездомни дланки
гробиштата истураат поспани игли
ќе исчезнеме,
во нашата напуштена куќа
ништо не ќе прашаат исплашените светилки.

Ќе исчезнеме
ти и јас и перото на ноќта
изгубено од злите крилја.
Полумрачно мрморење на потсмевот:
ковчег од даски за спасување,
ковчег од даски за спасување.

Ќе најдам ли прибежиште
во мајчиниот срдечен воздив,
трошка вечност,
мит?

ритам [I]

чекани
чеканите се ритам

чад од угасена вар во шиштење
оџаци слични на телескопи
гласови како коса се преплетуваат
цигла по цигла во месечина

тука се ги нема за миг
татнеж на тапани на плочникот
светилки цветаат лилјани
мрморење во мракот

на стаклата шепотот трепери
шепотот на стаклата

Превод од полски на српски јазик:
Олга Лалиќ-Кровицка
Translated from Polish into Serbian:
Olga Lalić-Krowicka

Превод од српски на македонски јазик:
Весна Мундишевска-Велјановска
Translated from Serbian into Macedonian:
Vesna Mundishevska-Veljanovska

Калина Изабела ЗЈОЛА, ПОЛСКА (Kalina Izabela ZIOLA, POLAND)

УДК 821.162.1-1

Бидгошката Венеција

темното пиво на брдото
е со многу поразличен вкус
отколку во чешка Прага
таа е како постела
на површината на речните алги
и горчината на разделбата

тешките закачени катанци на мостовите
како и во Венеција
ги поврзуваат бреговите со шарен свод

осамената клупа на шеталиштето
замислено гледа
неделните рибари
упорно ги чекаат
уморните минувачи
или желните љубовници

врбите се огледуват во реката
ветрот им ги чешла
долгите зелени коси

и јас се огледувам во водата
можеби таа ќе ме запамети

МОЗАИКОТ

приливи и одливи
ритмичко дишење на морето
променлив здив на животот

прегратките на брановите ме прегрнуваат
напуштената песочна плажа
ги носи солзите на сонцето
треперејќи во кристални парчиња

понекогаш се prosева медузата
останувајќи во зевање на песокот
заспивајќи со розова тога

минутите се натпреваруваат
минутите отстапуваат

денот и ноќта
стануваат невидливи
распаѓајќи се на парчиња

косите се како допирање на месечината
косите се како црна песна
косите се како горчината на чајот

животот се гуши
од своето нееднакво дишење

а морето тивко чека
уште еден прилив

КОГА СИ СО ДРУГА

кога си со друга
биди кон неа добар
подари ѝ ги зборовите
што од тебе ги чека
запечати ги со златен прстен

напиши ги за неа стиховите
кои не успеа да ми ги напишеш
врз ѕидовите на нашиот дом
нацртај огнени пеперутки

ноќта милувај ја нежно
заобиколувајќи ги морските ѕвезди со чекорите
заспан-стиснат кон белите нејзини рамена
и не се сеќавај ниту за мојата дланка
потопен во темнината
ниту за бакнежите
со кои ноќе те будев

наутро со ведро лице
донеси и кафе во креветот
заедно планирајте го следниот ден

биди нејзиниот ангел и божество
од минатото и со исчекување на утрешниот ден

а јас ќе престанам да се сеќавам
дури ниту на твоите сништа

Препев: Петко Шипинкаровски
Translation: Petko Shipinkarovski

Геновева ЦАНДЕВА, БУГАРИЈА (Genoveva CANDEVA, BULGARIA)

УДК 821.163.2-1

Златото на мајка

Нејзината сенка полека го мери дворот.
Котлето ритуално пее.
Мајка долго со катанецот се мачи.
Потоа, како в црква, запали свеќа.

Гроздоберот го вгнезди во подрумот.
Пламен кроток во бурето се дави.
Вино со вкус на мајкиното лето.
Патот до дома да не го заборавам

со леб и вино мајка ме гоштева -
рујно - како младоста ѝ кратка,
тешко - како бој за егзистенција,
црно - како зимите без татко.

Со спомени за родот мој,
познатата болка во мене беснее.
Вгнездени под крошната на заветот,
мама ме испраќа со чаша злато.

ЗАКЛУЧЕНО МОРЕ

Морето си играше со чунот…
На крај уморно се заклучи
гушнато во прегратките на ветрот.
Кога облаците ги опнаа едрата,
Едно дрво го зграбија брановите,
и во тој вител душата му ја кинеа
додека не се изгуби во длабочините
и стана засолниште за рибите.
Една неважна школка прошепоти
со моето уво за збогум и ми ја раскажа
приказната за солзата на морето.

Препев од бугарски на македонски: Борче Панов
Translation from Bulgarian into Macedonian: Borche Panov

Ернест ЈАНДЛ, АВСТРИЈА (Ernst JANDL, AUSTRIA)

УДК 821.112.2(436)-1

Мојата песна

Не сакам да бидам
како што ти сакаш да бидам.
Не сакам да бидам ти
како што ти сакаш да бидам.
Не сакам како тебе да бидам
како што ти сакаш да бидам.
Не сакам да бидам таква каква што си ти
како што ти сакаш да бидам.
Не сакам да бидам како што ти сакаш да бидеш,
како што ти сакаш да бидам.
Не како што ти сакаш да бидам
како што јас сакам да бидам, така сакам да бидам
не како што ти сакаш да бидам.
Сакам да бидам како што сум
не како што ти сакаш да бидам.
Сакам како себеси да бидам
не како што ти сакаш да бидам.
не како што ти сакаш да бидам - не сакам да бидам,
сакам да бидам.

Од „*Gesammelte Werke*“, Luchterhand, Darmstadt
Translation into English: Germain Droogenbroodt
Translation from English into Macedonian:
Daniela Andonovska-Trajkovska
Превод на англиски: Жермен Дрогенброт
Препев од англиски на македонски:
Даниела Андоновска-Трајковска

ITHACA 704

Антонио КАБРЕРА, ШПАНИЈА (Antonio CABRERA, SPAIN)

УДК 821.134.2-1

Секунда

Студени ми се рацете.
Излегов надвор на улица,
Ја завршив ситната работа
и се вратив дома за да го заземам пак
моето место на оваа маса.
Тогаш си го открив
студенилото во рацете,
знак
што ме вознемирува можеби неоправдано,
ништо не е тоа да имаш студени раце.
Ова студенило на ноември
е во моите раце, ништо друго.
Тоа сум јас:
Ја гледам едноставната грчка вазна
и вообичаената вечер околу мене.
Но не е својствено за мене да имам студени раце.
За секунда, мојата мисла виде
можна магла, сиво обоениот лист
на кој стои моето име би било прецртано
со мастилото од мраз на крајот.

Translation into English: Germain Droogenbroodt
Translation from English into Macedonian:
Daniela Andonovska-Trajkovska
Препев од на англиски: Жермен Дрогенброт
Препев од англиски на македонски:
Даниела Андоновска-Трајковска
ITHACA 705

Арменухи СИСИЈАН, ЕРМЕНИЈА (Armenuhi, SISYAN, ARMENIA)

УДК 821.19-1

Лојалност

Засекогаш ќе ти останам верна тебе, дрво!
Кога еден ден ќе нѐ нема,
ќе станам линија,
а ти ќе се претвориш во страница
и ќе се сретнеме
и ќе си бидеме посветени еден на друг,
јас како песна,
ти како бела страница
и ќе се прегрнеме.

Препев од англиски на македонски:
Даниела Андоновска-Трајковска
Translation from English into Macedonian:
Daniela Andonovska-Trajkovska

ITHACA 706

Инес БЛАНКО, КОЛУМБИЈА (Ines BLANCO, COLUMBIA)

УДК 821.134.2(862)-1

Сѐ уште

Сѐ додека толку високо
ѕвездите трепкаат,
додека сончевата светлина ги преде
зборовите, сеќавањата...
одбивам да бидам
брава на ноќта.
Сѐ додека сонцете сјае,
птиците ме будат
и некој ме чека
во тишината на прегратката...
ќе знам,
дека сѐ уште сум жива.

Translation: Germain Droogenbroodt
Превод на англиски: Жермен Другенброт

Translation into Macedonian: Daniela Andonovska Trajkovska
Препев од на македонски: Даниела Андоновска-Трајковска

ITHACA 707

Манолис, ГРЦИЈА (Manolis, GREECE)

УДК 821.14-1

Оган

Огнот ќе ни се одмазди
откако ќе ја пеплоса земјата
ќе стане скротен тигар затворен во кафез
за да ја запали полураспаднатата колипка,
осамената свеќа,
за да испече леб во железната тава
поставена на два камења
првата повторно употребена надворешна печка
љубовна ткаенина натопена од пот
се суши на жицата за алишта

Огнот ќе ни се одмазди
откако ќе ја пеплоса земјата
за да стане спасител
стар митолошки светец
прикажан на иконите
неподвижна карпа што стои како статуа
зачувана во бескрајноста на времето.

Translation by the author & Germain Droogenbroodt
Translation into Macedonian:
Daniela Andonovska Trajkovska
Превод од авторот и Стенли Баркан
Препев од англиски на македонски:
Даниела Андоновска-Трајковска

ITHACA 708

Ерих ФРАЈД, АВСТРИЈА (Erich FRIED, AUSTRIA)

УДК 821.112.2(436)-1

Натпис

Кажи ми
на што
да го изрезбам
твоето име?
На небото ли?
Превисоко е.
На облаците ли?
Минливи се.
На дрвото
кое некој ќе го исече или ќе го изгори?
На водата
што сè измива?
На земјата
што се гази
и во која само
мртвите лежат?
Кажи ми
на што
да го изрезбам
твоето име?
Во мене
и само во мене
и сè подлабоко и подлабоко
во мене.

Translation Germain Droogenbroodt – Stanley Barkan
Превод на англиски: Жермен Дрогенброт и Стенли Баркан
Translation into Macedonian: Daniela Andonovska Trajkovska
Превод на македонски: Даниела Андоновска-Трајковска
ITHACA 709

Марио БЕНЕДЕТИ, УРУГВАЈ (Mario BENEDETTI, URUGUAY)

УДК 821.134.2(899)-1

Минатовреме

Кога бевме деца
старите луѓе беа на околу триесет години
 вирот беше океан
смртта – обична и дури
не ни постоеше
подоцна кога бевме деца
старите луѓе беа во своите четириесетти
мочуриштето беше океан
смртта - само
збор
кога дојде време да се венчаме
старите луѓе беа во своите педесетти
езерото беше океан
смртта беше смрт
на другите
сега кога сме ветерани
се фативме во костец со вистината
океанот конечно е океан
но смртта почнува
да биде наша.

Превод на англиски: Жермен Дрогенброт
Препев на македонски: Даниела Андоновска-Трајковска
Translation: Germain Droogenbroodt
de "Antología poética", Alianza Editorial, Madrid
Translation into Macedonian: Daniela Andonovska Trajkovska

ITHACA 710

Жермен ДРОГЕНБРОТ, БЕЛГИЈА-ШПАНИЈА (Germain DROOGENBROODT, BELGIUM-SPAIN)

УДК 821.112.5-1

Сјај

Со ѕвезденото злато
отстрани ја сенката на ноќта
обнови ја тишината
со зборовите на светлината
не доживувај го времето како загуба
или минато
туку како миг
на краткотраен сјај.

Од: "*The Unrest of the Word – La inquietud de la palabra*"
POINT Editions, Boekenplan, 2021

Translation Germain Droogenbroodt – Stanley Barkan
Препев на англиски: Жермен Дрогенброт и Стенли Баркан

Translation into Macedonian: Daniela Andonovska Trajkovska/
Препев на македонски: Даниела Андоновска-Трајковска

ITHACA 711

Ким ЧИ-ХА, КИНА (Kim CHI-HA, CHINA)

УДК 821.112.5-1

Никогаш не заборавај

Никогаш не ја заборавај
јаловата планина која оживеа минатата пролет
со бранови од црвени азалеи
што пламнуваат во снегот
зад високите ридови на
небото.
Никогаш не го заборавај
гласниот водопад
и силниот млад бамбус
што ѕирка од неговиот центар.

Откако ме одведоа во синџири,
по долгото, долгото искушение—
откако сите целосно заборавија на него—
одеднаш до мене повторно го чувствувам
присуството на пријателите.

English version by Germain Droogenbroodt & Stanley Barkan
Препев на англиски: Жермен Дрогенброт и Стенли Баркан

Translation into Macedonian: Daniela Andonovska Trajkovska
Препев на македонски: Даниела Андоновска-Трајковска

ITHACA 712

Ева-Лиса – МАНЕР, ФИНСКА (EEVA-LIISA MANER, FINLAND)

УДК 821.511.111-1

...

Границата помеѓу небото и морето исчезна,
секаде беше истата прозирна магла,
бел мраз или сиви блескави бисери.
Еден брод со сјајно едро лебдеше во воздухот,
тивко како фатаморгана направена од снегот,
тивко како светлина на место без ветер
како причесна на светлината
на послужавникот на спокојниот ветер.

Translation Germain Droogenbroodt – Stanley Barkan
Ingrid Schnellbach-Kopra & Stefan Moster
Translation from English into Macedonian:
Daniela Andonovska Trajkovska
Препев на англиски: Жермен Дрогенброт и Сненли Баркан
Препев од англиски на македонски:
Даниела Андоновска-Трајковска

from „Die Welt ist eine Dichtung meiner Stimme“
Finnish-German ─ Heiderhoff Verlag

ITHACA 713

Јухан ЛИВ, ЕСТОНИЈА (Juhan LIIV, ESTONIA)

УДК 821.511.113-1

Зимска вечер

Блага зимска вечер
облечена во темна свила,
низ маглата ѕвезда
светка, а потоа заспива.

Срцето е во возбуда кратко,
а потоа и тоа исто, расте смирено:
станува едно
со зимската вечер.

Translation H. L. Hix
Translation into Macedonian: Daniela Andonovska-Trajkovska
Препев на македонски: Даниела Андоновска-Трајковска

ITHACA 714

Фабијан КАСАС, АРГЕНТИНА (Fabian CASAS, ARGENTINA)

УДК 821.134.2(82)-1

По долго патување

Седнувам на балконот за да ја набљудувам ноќта.
Мајка ми ми рече дека е бесмислено да се биде во депресија.
„Стани, прави нешто!“ – ми викаше.
Но мене никогаш не ми одеше од рака да бидам среќен.
Мајка ми и јас бевме различни
и никогаш не успеавме да се разбереме еден со друг.
И покрај тоа би сакал нешто да кажам:
Понекогаш, кога многу ми недостасува,
го отворам плакарот со нејзина облека
и како да пристигнувам на некое место
по долго патување,
влегувам внатре.
Се чини апсурдно, но во таа темница и со тој мирис,
сигурен сум дека ништо не нѐ разделува.

Translation into English:
Germain Droogenbroodt – Stanley Barkan
Translation into Macedonian: Daniela Andonovska Trajkovska
Препев на англиски: Жермен Дрогенброт и Стенли Баркан
Препев на македонски: Даниела Андоновска-Трајковска

ITHACA 715

Волја ХАПЕЕВА, БЕЛОСРУСИЈА (VOLJA HAPEYEVA, BELARUS)

УДК 821.161.3-1

Без наслов

Срцето се регенерира
побавно од другите органи
и никогаш не се обновува целосно,
така пишува во учебникот.

мислам
ова значи
дека секој таму и ќе остане.
левата страна од телото на некој човек ќе биде избришана
нечие лице ќе исчезне
некое ново ќе порасне на местото на старото.

јазиците, годините, имињата
ќе се измешаат
во мојата градина со мутанти
каде го изгубивме нашиот пат.

Од “In my garden of mutants”
Arc Publications, UK, 2021

Translation into Macedonian: Daniela Andonovska Trajkovska
Препев на македонски: Даниела Андоновска-Трајковска

ITHACA 716

Мајкл ХАРЛОУ, НОВ ЗЕЛАНД (Michael HARLOW, NEW ZEALAND)

УДК 821.111(931)-1

Сите пијана во шумата

Сакам да свирам на црните клавиши
бидејќи верувам дека ноќната музика
е клучот да се биде сонуван.
Ја сакам музиката на соништата која
е пореална од „сиот чај во Кина“
и од „сето кафе во Гвадалупе“.
Најмногу од сè сакам тоа што љубовта
птиците низ цел свет ја пеат од дното на душата, за повредениот свет
да знае повторно дека кога се танцува на една нога
другата не се заборава.

Од: “The Gnosis Notebooks”
Препев од англиски на македонски:
Даниела Андоновска-Трајковска
Translated from English into Macedonian:
Daniela Andonovska-Trajkovska

ITHACA 717

НилавроНил ШУВРО, ИНДИЈА (NilavroNill SHOOVRO, INDIA)

УДК 821.214-1

На крајот сè

се чинеше
излишно,
нашите каприци, нашите грижи,
нашите секојдневни зборови
кои се вртат во вителот
меѓу четирите агли на која било законска работа
на крајот сè беше
толку предвидливо како расплетот
на секоја добро извежбана драма
затоа нашите зборови замолкнаа
како изморена пустина
по најдолгиот ден од годината
на крајот сè не истурка
до работ на зборовите,
кои си ги разменувавме во дебатите,
нашите тајни планови,
нашите лаги низ историјата
на војната и мирот го расплетуваат времето

Препев од англиски на македонски:
Даниела Андоновска-Трајковска
Translated from English into Macedonian:
Daniela Andonovska-Trajkovska

ITHACA 718

Содржина

ПРЕДГОВОР 5

ПОЕЗИЈА

Снежана СТОЈЧЕВСКА 9
Патување низ свеста 9
Михајло СВИДЕРСКИ 13
Ноќ 13
Славица ГАЏОВА СВИДЕРСКА 15
Тела во просторот 15
Стефан МАРКОВСКИ 18
Од поемата „Алгоритмеа: Евлогија за дигиталните богови“ (Полица, 2022) 18
Милчо МИСОСКИ 22
Стаклени сенки 22
Силвана НЕШКОВСКА 25
Збогување со учителот 25
Никола ИЛИЈОВСКИ 29
Од циклусот „Од нула до кула“ 29
Билјана Т. ДИМКО 32
Учител 32
Милица ДИМИТРИЈОВСКА РАДЕВСКА 34
Кратка меморија 34
Даниела АНДОНОВСКА-ТРАЈКОВСКА 37
Избркани прашалници 37

ПРОЗА

Томислав ОСМАНЛИ 43
Малиот Немо во мундирот на Корто 43
Петре ДИМОВСКИ 56
По беспатјето 56
Елизабета БАКОВСКА 61
Шалот 61

ДРАМА

Борче ПАНОВ 65
Поделен од сопствениот нос 65

СОГЛЕДБИ

Васил ТОЦИНОВСКИ 83
Нејзиното височество љубовта 83
Гордана СТОЈАНОСКА 87
Портокалот – човече, животинките и розовите соништа на малата Деницијa 87
Златко ЖОГЛЕВ 91
Македонската народна традиција во поезијата на Блаже Конески и Раде Силјан 91
Јованка ДЕНКОВА 103
„Црната птица“ - симбол на надежта и љубовта кон животот и живеењето 103
Весна МУНДИШЕВСКА-ВЕЛЈАНОВСКА 118
На трасата на постојбата и посакуваната биднина – треба да е лесно 118
Елизабета ЈОНЧИЌ 120
Психосоцијална комуникација на бројката 120
Ирена ПАВЛОВА ДЕ ОДОРИКО 122
За саботерскиот хедонизам и големото проштевање 122
Мирјана СТОЈАНОВСКА 124
Грандиозното дело на Блаже Конески 124
Бобан РИСТЕВСКИ 127
Отсјајот на една вонвременска геометрија (Кон збирката со поезија Континуум од Весна Мундишевска-Велјановска; Битола: Нов Вавилон; 2020) 127

КНИЖЕВЕН МОЗАИК

Ивица ЧЕЛИКОВИЌ, СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА – ШВЕДСКА (Ivica CHELIKOVIKJ, NORTH MACEDONIA-SWEDEN) 131
Пред нас 131
Душко НОВАКОВИЌ, СРБИЈА (Dushko NOVAKOVIKJ, SERBIA) 134
Врбување 134
Виктор РАДУН ТЕОН, СРБИЈА (Viktor RADUN TEON, SERBIA) 137
Протекнување (циклус) 137
Дарија ЖИЛИЌ, ХРВАТСКА (Daria ZHILIKJ, CROATIA) 139
Здив 139
Алеш МУСТАР, СЛОВЕНИЈА (Alesh MUSTAR, SLOVENIA) 141
Да проговориме 141
Клаудија ПИЧИНО, ИТАЛИЈА (Claudia PICCINO, ITALY) 143
Сонцето во огледалото 143

Раед АЛ-ЛИШИ, САУДИСКА АРАБИЈА (Raed AL-JISHI, SAUDI ARABIA) .. 145
Стандардна девојка 145
Јежи ПЛЕШЊАРОВИЧ, Полска (Jerzy PLEŚNIAROWICZ, POLAND) 147
Мајко 147
Калина Изабела ЗЈОЛА, ПОЛСКА (Kalina Izabela ZIOLA, POLAND) 149
Бидгошката Венеција 149
Геновева ЦАНДЕВА, БУГАРИЈА (Genoveva CANDEVA, BULGARIA) .. 152
Златото на мајка 152
Ернест ЈАНДЛ, АВСТРИЈА (Ernst JANDL, AUSTRIA) 154
Мојата песна 154
Антонио КАБРЕРА, ШПАНИЈА (Antonio CABRERA, SPAIN) 155
Секунда 155
Арменухи СИСИЈАН, ЕРМЕНИЈА (Armenuhi, SISYAN, ARMENIA) 156
Лојалност 156
Инес БЛАНКО, КОЛУМБИЈА (Ines BLANCO, COLUMBIA) 157
Сè уште 157
Манолис, ГРЦИЈА (Manolis, GREECE) 158
Оган 158
Ерих ФРАЈД, АВСТРИЈА (Erich FRIED, AUSTRIA) 159
Натпис 159
Марио БЕНЕДЕТИ, УРУГВАЈ (Mario BENEDETTI, URUGUAY) ... 160
Минатовреме 160
Жермен ДРОГЕНБРОТ, БЕЛГИЈА-ШПАНИЈА (Germain DROOGENBROODT, BELGIUM-SPAIN) 161
Сјај 161
Ким ЧИ-ХА, КИНА (Kim CHI-HA, CHINA) 162
Никогаш не заборавај 162
Ева-Лиса – МАНЕР, ФИНСКА (EEVA-LIISA MANER, FINLAND) 163
... . 163
Јухан ЛИВ, ЕСТОНИЈА (Juhan LIIV, ESTONIA) 164
Зимска вечер 164
Фабијан КАСАС, АРГЕНТИНА (Fabian CASAS, ARGENTINA) 165
По долго патување 165
Волја ХАПЕЕВА, БЕЛОСРУСИЈА (VOLJA HAPEYEVA, BELARUS) 166
Без наслов 166
Мајкл ХАРЛОУ, НОВ ЗЕЛАНД (Michael HARLOW, NEW ZEALAND) . 167
Сите пијана во шумата 167
НилавроНил ШУВРО, ИНДИЈА (NilavroNill SHOOVRO, INDIA) .. 168
На крајот сè 168

РАСТ – Списание за книжевност, уметност и култура
бр. 25/ 2022

Издавач: Битолски книжевен круг – Битола
Ул. „Ленинова“ бб, 7000 Битоа
Жиро-сметка: 500000000616559
Даночен број: 4002008505311
Депонентна банка: Стопанска банка а.д. Битола
www.bkk-pisateli.mk

За издавачот:
Елизабета Јончиќ, претседател

Лектор:
проф. д-р Трајко Огненовски

Компјутерска обработка:
Даниела Андоновска-Трајковска

Дизајн на корица:
Даниела Андоновска-Трајковска
Весна Мундишевска-Велјановска

Слика за корица:
Симонида Филипова Китановска

Печати:
„Индиго Хаб“ – Скопје, ул. „Извор“, бр. 3 Скопје

Тираж:
300 примероци

Битола, мај 2022 г.

Прилозите се испраќаат на електронската адреса на списанието rastbkk@gmail.com со фонт Times New Roman со кирилична поддршка, големина 12 и единечен проред.

ISSN 1409–9330 **УДК 82+7+008**

ISSN 1409-9330

9 771409 933008